# ЗБОРНИК НА ДОКУМЕНТИ
## ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

SUPPORT TO
ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот „Поддршка на изборни реформи” на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и Националниот младински совет на Македонија (НМСМ). Искажаните ставови, мислења и содржини во оваа публикација не мора да ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторите.

# СОДРЖИНА


Вовед 3

Згрижување и нега на кучиња скитници во Општина Тетово - **Абдула Османи** 5

Ohrid Youth Hub - **Ангела Митеска** 13

Bitola SmartAPPcity - **Андреј Гулабовски** 21

Струга се грижи - **Бесијан Положани** 35

Кичево зелен град - **Давор Михајлоски** 43

Младите заедно силни - **Дејан Димитриев** 59

Кале – Срцето на градот – **Дино Блажески** 69

Кон урбан, младински Чаир - **Егзон Гури** 77

ЛГБТ+ Инклузивен град Скопје - **Евгенија Јанакиеска** 87

Кучиња скитници: Од површни до одржливи решенија во Општина Прилеп - **Евгенија Маркоска** 97

Активно учество за зголемување на економската независност на жените во руралните средини на Општина Кочани - **Ивана Максимова** 107

Младите дома - кариерен центар за младите во Делчево - **Катерина Антовска** 117

Адреналински парк за младите во Куманово - **Ненад Бојковски** 125

Кој ги претставува младите? - **Никола Цветкоски** 133

Чисти реки за подобро здравје - **Ријад Фетаји** 141

Модерни времиња, стари проблеми - **Синан Вејселовски** 149

Младите од Крушево: Знаеме, можеме, сакаме! - **Сотир Габелоски** 159

Инклузивен Аеродром за сите - **Стефанија Трајческа** 167

Кој што кочи? - **Теодора Димитриовска** 175

Од младите за младите на Охрид - **Тијана Тесалоника Шишкоска** 187

Функционален локален младински совет во Гостивар - **Фјола Јакупи** 196

Решенија за млади во Струмица - **Христијан Велков** 205

# ВОВЕД

Овој Зборник на Документи за јавни политики развиен од учесниците на Академијата за јавни политики е составен дел од проектот “Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија”. Основната цел на проектот е да промовира демократски и кредибилни изборни процеси кои го олеснуваат политичкото учество и социјалната интеграција, овозможувајќи им на гласачите да ги изберат своите претставници и да ги повикаат истите на одговорност. Активностите на проектот се канализираат за поддршка на севкупната цел преку постигнување на три резултати:

**Резултат 1:** Зајакнати институции спроведуваат фер и ефикасни изборни процеси.

**Резултат 2:** Внатрешно демократизирани политички партии кои застапуваат граѓански ориентирани политики и изборни програми.

**Резултат 3:** Зајакнати граѓани ги повикуваат политичките партии и избраните функционери на одговорност.

Како дел од вториот резултат, проектот ги поддржува политичките партии во развојот на ресурси и капацитети за усвојување на програми засновани на докази и за поголема вклученост на локалните заедници, вклучувајќи жени, млади и други ранливи групи.

Пристапот на креирање политики засновани на докази се стреми да ја подобри неусогласеноста помеѓу перцепциите на креаторите на политики за потребите на граѓаните и нивните реални потреби преку хранење на процесот на планирање со длабински анализи и релевантни фактички состојби. Во политичката арена, креирањето политики засновани на докази претставува стремеж за подобрување на квалитетот и ефикасноста на предложените политики и програми, како јакнење на одговорноста на политичките партии, а истовремено им помага да станат поориентирани кон граѓаните и поодговорни кон нивните изборни единици.

Имајќи го предвид горенаведеното и врз основа на фактот дека ефективното учество на младите во политичкиот и јавен живот е од клучно значење за демократскиот развој, проектот организираше Академија за јавни политики, посветена на претставниците на политичките подмладоци. Академијата е замислена како можност за “учење преку работа” и има за цел да ги зајакне компетенциите на младите лидери во креирањето и влијанието врз јавните политики. Целта се постигна со комбинирање на теоретски поставки на теми поврзани со креирањето политики и практично искуство со вклучување на локалната заедница во процесот на креирање на политички одговори на потребите на граѓаните.

Документите за јавни политики кои се дел од оваа публикација го претставуваат крајниот дострел на напорите на претставниците на политичките подмладоци да креираат политики засновани на докази и вредности. Овие документи се развиени со примарна цел да предложат релевантни решенија ориентирани на граѓаните кои би биле инкорпорирани во изборните програми на политичките партии. Во почетната фаза на подготовка, политичките подмладоци организираа широки консултации со локалните заедници и ранливи групи, коишто им помогнаа да ги индентификуваат нивните најприоритетни потреби. Сознанијата до кои дојдоа преку интеракциите со граѓаните им послужија како основа за изготвување на документите за јавни политики кои понатаму беа споделени со партиското раководство со цел да придонесат во понатамошниот развој на политиките и да бидат инкорпорирани во политичките платформи во пресрет на Локалните избори 2021 година.

Резултатот е повеќе од инспиративен: од вкупно 22 предлог политики на младите лидери кои доаѓаат од 6 различни политички партии, речиси сите беа инкорпорирани во изборните програми на партиите. Ваквите резултати се ветувачко сведоштво дека политичките партии ги препознаваат придобивките од приоретизирање на потребите на граѓаните, и се подготвени да применат повеќе граѓански и програмски пристап кон развојот на политиките, со што ќе ги направат изборните процеси порепрезентативни и поинклузивни.

# TETOVO STREET DOG COALITION

Згрижување и нега на кучиња скитници во Општина Тетово

*- Абдула Османи*




MAYA

# РЕЗИМЕ

Тетово, како еден од најголемите градови во Северна Македонија нема воспоставено кохерентен систем за згрижување на кучињата скитници кои претставуваат сериозен проблем по здравјето и безбедноста на граѓаните.

Tetovo Street Dog Coalition претставува неформална иницијатива на млади луѓе од Тетово кои застанувајќи зад иста цел во 2021 година, се заложуваат за унапредување на односот на институциите кон прашањето на уличните животни.

Во оваа смисла, овој документ за јавни политики има за цел да придонесе во унапредувањето на условите за згрижување и нега на уличните кучиња на територијата на Општина Тетово.

Документот нуди алтернативен модел со кој ќе се обезбеди целосна одржливост на еден стационар за згрижување и нега на улични кучиња.
Стационарот, меѓу другото би извршувал три клучни активности:

- Детектирање, заловување и згрижување на кучињата скитници на територијата на Општина Тетово;
- Лекување и опоравување на кучињата скитници кои се веќе заловени и сместени во стационарот;
- Информативно-едукативен и комуникациски ангажман со кој треба да се придонесе за натамошно издигнување на свесноста на граѓаните за поголема грижа за животните, како и за можностите за посвојување и за поддршка на кучиња, сместени во стационар.

Се предлага стационар за згрижување и нега на улични кучиња да биде посебен правен субјект, основан од страна на Општина Тетово.

Низ призма на споменатото, во продолжение следува конкретна елаборација на оваа идеја преку опис на актуелната состојба, законската рамка, како и компаративните примери.

На самиот крај, на темелот на истакнатото, изложени се заклучни согледувања во кои е изложена натамошна конкретизација на оваа иницијатива.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Според резултатите од спроведеното истражување на јавното мислење, во првата половина на јули 2021 година, на репрезентативен примерок од 540 испитаници на возраст од 18 до 55 години, очигледна е потребата локалната и на централната власт да превземат актовности за надминување на овој горлив проблем.

Во прилог на ова тврдење, упатуваат следните одговорите на поставените прашања од истражувањето:

**Дури 78%** од испитаниците одговориле дека Тетово има голем проблем со бездомните животни;

**50.9%** од испитаниците изјавиле дека сметаат дека бездомните животни претставуваат опасност за нив;

**60%** од испитаниците изјавиле дека познаваат личност од нивниот град кој имал проблем или несреќа чиј предизвикувач било куче скитник или друго бездомно животно;

**48.8%** од испитаниците изјавиле дека до сега во Тетово не се реализирала никаква кохерентна иницијатива за надминување на овој горлив проблем;

**70.5%** од испитаниците изјавиле дека имаат желба волонтерски да се ангажираат доколку се вообличи и се реализира соодветна иницијатива за третман и грижа за кучињата скитници во согласност со праксата на државите-членки на Европската унија.

Имајќи го предвид истакнатото, очигледно е дека граѓаните на Тетово имаат изразена потреба за основање на стационар за третман и грижа на бездомните животни во согласност со највисоките меѓународни стандарди.

**Законска рамка поврзана со третманот и грижата на бездомните животни**

Институционално, правата на животните во Северна Македонија се регулирани со **„Законот за заштита и благосостојба на животните“**[1]**.**

Со овој закон се утврдуваат минималните барања за заштита и благосостојба на животните во врска со нивното одгледување, зачувување, грижа и сместување, заштита на животните при одгледување во фарма, заштита и благосостојба на животните при транспорт (...), заштита и благосостојба на домашните и бездомните животни, животните во зоолошки градини и животните што се користат за експериментални или образовни цели.

Во согласност со одредбите од Законот, наддлежна институција за негова примена е Агенцијата за храна и ветеринарство[2]. Од аспект на темата на овој труд, во рамките на оваа владина институција, постои посебен сектор кој се грижи за заштита и благосостојба на животните[3]. Овој сектор, меѓу другото, ги извршува следните најважни работи:

- **Ја следи** состојбата со болестите на животните во Република Северна Македонија;
- **Изготвува** програми за контрола/ерадикација на болестите кај животните;
- **Изготвува** извештаи за здравствената состојба на животните и изработува закони и подзаконски акти од областа на здравствена заштитата на животните;
- **Води** евиденција и регистар на ветеринарни друштва; и
- **Комуницира** со соодветни меѓународни организации

1. Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07 и 136/11.
2. Види fva.gov.mk.
3. Види официјална интернет страна на Агенцијата за храна и ветеринарство: fva.gov.mk/mk/zdravstvena-zasita-blagosostojba-zivotni

## Актуелна состојба со кучињата скитници во Тетово

Тетово има потреба од основање на Центар за третман на кучињата скитници. Овој проблем е присутен долги години station наназад. Во оваа смисла, најголема загриженост за овој проблем имаат децата и родителите. Имено, вторите се крајно несигурни во однос на безбедноста на нивните деца кои треба да патуваат на училиште, движејќи се по улици и престојувајќи во училишни дворови кои се главното свртaлиште на овие кучиња скитници[4].

Само во февруари 2021 година, повеќе од 12 жители на градот биле каснати од кучиња скитници. Генерално, пак, според проценките од мај 2021 година, во Тетово на улиците имало повеќе од 400 кучиња скитници.

Најлошото е што кучињата во текот на зимата стануваат поагресивни поради замрзнатите површини и недостаток на храна. Истовремено, зголемувањето на бројот на кучиња на градските улици се случува и заради негрижата на населението во руралните општини т.е., овие напуштени кучиња скитници од околните населени места стигнуваат во Тетово, барајќи храна во контејнерите со што дополнително се усложнува проблемот.

Имајќи го предвид споменатото, тетовската локална самоуправа за 2021 година за надминување на ова прашање, има предвидено буџетски издвојувања од 3 милиони денари за разлика од претходната 2020 година кога беа предвидени само 1 милион денари.

Грижата и третманот на кучињата скитници е доверен на ветеринарна амбуланта која во рамките на ограничената сума на средства која ги издвојува Општината, сосема минимално го ублажува проблемот. Според овој економски оператор, цената за фаќање и третман на едно куче изнесува 9.000 денари и издвоените средства не се доволни. Општината за целосно решавање на проблемот треба да ги зголеми средствата доделени на оваа компанија-ветеринарна амбуланта или Општината да основа посебно претпријатие кое со поголем капацитет би ги заловувало и би ги третирало кучињата скитници.

Врз основа на сето погоре споменато, може да се извлечат следните заклучоци:

- Во Тетото во актуелниот момент не постои соодветна организација и фокус од страна на општинската власт за надминување на оваа состојба;
- Бројот на пријави од страна на граѓани кои биле нападнати и каснати од кучиња скитници постојано се зголемува, што доведува до заклучок дека сé уште недостасуваат конкретни иницијативи за надминување на оваа состојба;
- Локалната самоуправа во Тетово најави дека во 2021 година ќе одвои 3 милиони денари за инвестирање во центри за третман на кучињата скитници и нивно одгледување, меѓутоа ова ветување сè уште не е реализирано.

Имајќи го предвид истакнатото, во продолжение следува осврт на два компаративни примери кои може да претставуваат добра основа за надминување на проблемот со кучињата скитници во Тетово.

4. Види Aline Gil Alves Guilloux et.all, Stray dogs in urban fragments: Relation between population's perception of their presence and socio-demographic factors, Pesquisa Veterinária Brasileira, januari 2018.

# АЛТЕРНАТИВНИ РЕШЕНИЈА

Во согласност со актуелната состојба, како и во согласност со партикуларните особини на актуелните општински раководства, во Северна Македонија постојат бројни компаративни искуства кои може да бидат полезни за решавање на проблемот со кучињата скитници во Тетово.

Првиот се однесува на Гостивар, како Општина која има извесен напредок во оваа проблематика и, вториот пример се однесува на Скопје, како единица на локалната самоуправа која има огромен напредок.

## Општина Гостивар и проблемот со кучињата скитници

Жителите на Гостивар, како и тие на Тетово, во минатото во многу поголема мера се соочуваа со проблемот со кучињата скитници. Сепак, ваквата состојба траеше сѐ до 2018/2019 година, кога локалната власт започна да презема конкретни чекори за ублажување и надминување на овој горлив проблем.

Во конкретна смисла, решавањето на проблемот со кучињата скитници во Гостивар може да се подели во две фази:

- **Припремна фаза;**
- **Оперативна фаза.**

Во однос на првата фаза, општинската администрација во текот на 2017/2018 година, во соработка со партнерски организации изготвува физибилити студија со која се утврдува големината на овој проблем, во смисла на определување на приближно точниот број на кучиња скитници. Конкретно, според овој документ, Гостивар имал помеѓу 600 и 700 кучиња скитници.

Откако се определува големината на овој предизвик, во втората фаза Општина Гостивар започнува со конкретна реализација. Имено, во текот на 2018 и 2019 година, на просторот на поранешната касарна се градат два стационара за кучиња скитници, во согласност со соодветните меѓународни и домашни стандарди од оваа област. Вкупниот капацитет на двата стационара е 200 кучиња.

Во текот на 2020/2021 година, пак, од Општина Гостивар информираат дека ќе започне изградбата и на трет стационар со што, станува многу извесно дека овој град на западот од државата ќе биде првиот кој ќе се справи во целост со овој сериозен предизвик.

## Градот Скопје и проблемот со кучињата скитници

Постоење на засолниште за третман и нега на бездомни животни чии услови ќе ги задоволат потребите за третман и грижа за кучињата скитници е нешто за кое се зборува долги години во главниот град на државата.

Во оваа насока, по примерот на останатите развиени градски центри, во текот на 2020 година, градот Скопје го отвори засолништето за третман на бездомни животни „Лајка“.

Фаќањето кучиња во рамките на овој центар се изведува со хумани методи, бидејќи фаќачите имаат соодветни сертификати издадени од Центарот за благосостојба на животни при Факултетот за ветеринарна медицина. Истовремено, кутиите во кои се сместуваат кучињата се со подно греење.

Едно фатено животно, откако ќе биде донесено во овој центар поминува неколку денови во карантин за да може да му бидат направени сите здравствени и други испитувања. Потоа, откако ќе се утврди дека кучето е здраво, врз него се врши човечки третман со стерилизација или кастрација.

Веднаш по оваа интервенција, овие животни се сместуваат во друг оддел, по што откако ќе се опорават тие се префрлаат во засолништето заедно со другите кучиња. Во овој дел започнува процесот на нивното обучување (да јадат во одредено време, да шетаат во одредено време и сл.) за да бидат спремни за нивниот нов дом.

Конечно, по завршување на овој период, кучињата се фотографираат, се запишуваат нивните карактеристики во нивното досие и се враќаат на местото од каде што се земени доколку, во меѓувреме, не се обезбеди друг дом за овие животни.

Независно од воочените слабости во однос на третманот и грижата на кучињата скитници, сепак факт е дека градот Скопје, во споредба со останатите градови во државата има воспоставено најсеопфатен систем во областа. Секако, останува во иднина оваа сфера дополнително да се развива за конечно жителите на главниот град на државата да немаат апсолутно никаков проблем поврзан со кучињата скитници.

Во продолжение, во согласност со целите на овој документ, следува конкретна елаборација на можните начини како да се надмине овој проблем во градот Тетово.

Имајќи го предвид истакнатото во претходните делови, може да се воочи разликата во пристапот на општинската власт во Тетово наспроти останатите градови во државата, во однос на третманот и грижата за кучињата скитници.

Во секој случај, како и за сé во животот, така и во однос на оваа област, најдолгиот пат започнува со првиот чекор.

Во таа насока, оваа иницијатива има за цел да ја постави траекторијата за сите следни чекори сé до конечното надминување на овој проблем.

Во конкретна смисла, треба, меѓу другите, да бидат преземени и следните активности:

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

1. Треба да се изработи физибилити студија со која ќе се детектираат причините за појавувањето и приближно точниот број на кучињата скитници што егзистираат во градот. Во оваа смисла, според податоците од јавната дебата, од еден пар кучиња, после шест до седум години, може да има околу 60.000 кучиња скитници, доколку нивното неконтролирано размножување не се регулира на време;
2. Општина Тетово мора да го промени односот кон ова прашање преку зголемување на буџетските издвојувања за третманот на кучињата скитници, најмалку за три пати, односно од сегашните 3 милиони денари, да се зголемат буџетските издвојувања на најмалку 9 милиони денари. Овие средства би се искористиле како ургентни за санирање на последиците во периодот додека не се реализира системско решение;
3. Со оглед на ограничените буџетски ресурси, мора да изгради стратегија за воспоставување на партнерство со соодветни меѓународни организации и фондации кои би алоцирале дел од своите средства за изградба на стационар за третман и грижа за кучињата скитници;
4. Со оглед на големиот број полупразни и напуштени државни објекти, во Тетово не постои проблем поврзан со изнаоѓање на соодветен простор за изградба на ваков стационар;
5. Општината преку соодветна измена на деталниот урбанистички план треба да предвиди изградба на ваков стационар;
6. Примерите со Гостивар и со Скопје, може да послужат како добра инспирација за операционализација на оваа проектна идеја;
7. Во соработка со локални граѓански иницијативи, треба да преземе соодветен информативно-едукативен и комуникациски ангажман со кој ќе се придонесе за натамошно издигнување на свесноста на граѓаните за поголема грижа за животните, како и за можностите за посвојување и за поддршка на кучиња, сместени во идниот центар кој како посебен субјект, ќе биде основан од страна на Општина Тетово.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Закон за благосостојба на животните, Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07 и 136/11;
- Официјална интернет страна на агенцијата за храна и ветеринарство, fva.org.mk;
- Официјална интернет страна на Општина Тетово, tetova.gov.mk;
- Официјална интернет страна на Општина Гостивар, gostivari.gov.mk;
- Официјална интернет страна на градот Скопје, skopje.gov.mk;
- Aline Gil Alves Guilloux et.all, Stray dogs in urban fragments: Relation between population's perception of their presence and socio-demographic factors, Pesquisa Veterinária Brasileira, јануари 2018.

# OHRID YOUTH HUB

Основање на центар за млади во Охрид

*- Ангела Митеска*






SUPPORT TO
ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE
OHRID YOUTH





# РЕЗИМЕ

Како еден од поголемите градови во државата, Охрид нема развиена инфраструктура која би излегувала во пресрет на потребите на младите луѓе кои живеат или студираат тука.

Во овој момент, во оваа смисла, постои националната установа - библиотека „Григор Прличев" Охрид која, освен библиотечната дејност, не реализира други активности кои би ги антиципирале потребите на младата популација.

Имајќи ги предвид воочените слабости, целта на овој документ е да укаже на потребата од основање на Центар за млади во Охрид (Ohrid youth hub), чии активности би ги антиципирале потребите на младите луѓе од 15 до 29 години.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Младинска политика е феномен на модерното општество кон чие унапредување се стремат сите развиени држави, но уште поважно, чија важност ја разбираат и државите во развој.

Северна Македонија (во понатамошниот текст: С. Македонија) може да се каже дека е некаде на половина пат бидејќи македонските политичари се свесни за потребата и важноста, но не доволно алертни за конкретизација на проектите кои произлегуваат од младинските политики.

С. Македонија одделува само 0.3% од вкупниот буџет кон ставката образование. Секоја Општина треба да има изготвено стратегија за млади, што е случај за голем број локални власти, но за жал Општина Охрид, не е дел од тој список.

Дополнително, спроведената анализа за потребите на овој документ, покажа дека Општината нетранспарентно ги троши парите наменети за имплементација на младински политики, ниту пак покажува интерес кон подобрување и унапредување на овој сегмент.

Самата појдовна основа за овој документ се младите и нивната иднина како и нивните мислења и ставови за основање на центар кој ќе одговори на потребите на различни категории на млади Охриѓани, како и млади со привремен престој во градот заради студии и едукација.

Според спроведеното истражување на јавното мислење во текот на месец јуни, од анкетирани 150 млади луѓе на возраст од 18 до 29 години, што живеат на територијата на Општина Охрид, 100% од нив се изјаснија во прилог на потребата од основање на „Ohrid youth hub" во кој би биле интегрирани погоре споменатите функции.

Истовремено, според резултатите од спроведените фокус групи на 27 јуни 2021 година, на прашањето како би се привлекле младите од Охрид да станат активни учесници во дејноста на младинскиот центар "Ohrid youth hub", одговорите на испитаниците беа дека таквата цел може да се постигне преку организирање на активности кои се атрактивни за младите, преку следење на животните навики, желбите, преференциите, психографските и демографските карактеристики на

активности кои се атрактивни за младите, преку следење на животните навики, желбите, преференциите, психографските и демографските карактеристики на младите со цел да се задоволат нивните културолошки и социјални потреби.

Продобивките за младите од формирање на ваков Центар, би биле остварување контакти со реалниот свет, намалувањето на малолетничката деликвенција, како и канализирање на енергијата на младите во позитивна насока. На самиот крај, според учесниците на фокус групата, во однос на местото (локацијата) на која би можело да се изгради Центарот во Охрид, е просторот на кој се наоѓа поранешната касарна во градот.

## Компаративна анализа

Европската унија (ЕУ) и државите-кандидати за членство во континуитет спроведуваат т.н. „структурен дијалог со младите“. Овој дијалог претставува еден вид на перманентна консултација во која младите имаат можност да ги изразат своите мислења и предлози и на тој начин активно да придонесат во процесот на креирање на политики кои нив директно ги засегаат. Врз основа на вака поставениот процес, Европската комисија (ЕК) има обврска да спроведува континуиран дијалог со младите.

Преку проектот „Ready for life, ready for society“[5], пак, младите и ЕК бараат начини како првенствено да се подобри младинскиот стандард. Овој стратешки документ идентификува осум области во кои треба да се преземат иницијативи, вклучувајќи ги и оние што се предмет на ова истражување, односно:

- **Едукација и обука;**
- **Вработување и претприемништво;**
- **Здравје и благосостојба.**

Наспроти претходниот пример, и примерот со Шпанија ни дава важни сознанија во оваа област[6]. Во оваа смисла, столбот на младинското здружување во Шпанија го претставуваат т.н. „младински инфо центри” кои, меѓу другото, обезбедуваат и информации за младите во однос на волонтерски можности за работа.

Данска, пак, слично како Шпанија, има основано повеќе центри за млади кои се наменети и за ученици до 18 години, а кои имаат функција на центри за рекреација и занимација[7]. И Хрватска, како држава членка на ЕУ на својата територија има основано поголем број на центри за млади кои ја извршуваат и функцијата на т.н. „инкубатор“ за промоција и реализација на идеите кои треба да го подобрат статусот на оваа популација[8].

Врз основа на споменатите примери, може да се заклучи дека младинските политики се централна точка за развој на една држава поради фактот што вложувањето во младите денес гарантира сигурност утре. Токму затоа ЕУ работи на низа закони, програми и стратегии насочени кон европската младина. Тамошните решенија треба да бидат основа и за развој на младинската политика во С. Македонија, секако, преструктуирани за да може да одговараат на македонскиот менталитет, образование и стил на живот.

5 Види EU Youth Conference ‘Ready for life, ready for society’, Amsterdam, https://www.europa-nu.nl.
6 Види https://national-policies.eacea.ec.europa.eu/.
7 Види https://pjp-eu.coe.int/en.
8 Види https://pjp-eu.coe.int/en.

Знаејќи од „прва рака" како функционираат младинските центри, библиотеките и универзитетските средини, може да се заклучи дека во С. Македонија младите преферираат да учат во читални. Сепак, она што претставува недостаток се содржини во моменталните постоечки читални и библиотеки каде што фокусот е исклучиво на едукативниот дел па така тие се конструирани да обезбедат мирна и тивка атмосфера со минимални интериерни елементи во границите на базична опрема за учење (биро/маса, стол, полици).

Гледајќи ги европските практики јасно е дека за еден студент да го даде својот интелектуален максимум потребно е да се обезбедат и содржини за оттргнување на вниманието, односно за забава и за одмор.

## Анализа на документи и закони поврзани со младинска политика во Северна Македонија

Во С. Македонија политиките најчесто се кројат според потребите и барањата на гласачите, па во тој поглед младите лица кај нас се често пати политички маргинализирани, односно политиките кои се директно насочени кон младите се во ограничен број. Терминот „млади" се однесува на лица на возраст помеѓу 15 и 29 години.

Во продолжение следува кратка анализа на поважните документи и акти поврзани со младите.

*Националната стратегија за млади (2016-2025)*

Оваа стратегија ги опфаќа следните главни стратешки приоритети:

- Овозможување на подобар животен стандард и еднакви можности за квалитетен живот.
- Креирање услови за почитување и заштита на фундаменталните права и слободи и систематска интеграција и интеракција на различни категории млади.
- Креирање на можности за вклучување на младите во следење и спроведување на политиките и одлуките кои ги засегаат.
- Еднаков пристап до квалитетно образование и
- Други форми на личен и професионален развој.

*Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри*

Во овој документ се дефинираат младинските центри и поимите кои произлегуваат во тој контекст, како младински работници, младинска работа и слично.

Целите на правилникот се:

- Системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата
- Неформално образование, обучување и подучување на млади;
- Информирање, менторство, подучување и советување;
- Неформално искуствено учење кое се случува во слободно време во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.

*Закон за младинско учество и младински политики*

Целта на Законот за младинско учество и младински политики е да обезбеди креирање и спроведување на политика на млади на сите нивоа, преку повеќе секторски пристап. Законот цели кон зајакнување на учеството на младите во процесите на креирање на политики, поттикнување на волонтерство, младинскиот активизам и младинската работа, како и личен, професионален и социјален развој кај младите.

Според овој Закон, во рок од пет години секоја Општина треба да овозможи функционирање на најмалку еден младински центар на територијата на Општината, а во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон треба да се воспостави истражувачки центар за различни теми поврзани со младите во рамки на Агенцијата за млади и спорт.

Покрај Законот за младинско учество и младински политики, македонското законодавство ги опфаќа младите лица и во рамки на други закони, а тука можат да се споменат законските решенија кои се во надлежност на МОН, и тоа: Законот за средно образование, Законот за високо образование, како и законите за ученички стандард, студентски стандард, волонтерство. Секоја Општина е задолжена од страна на државата, но и од страна на жителите со цел подобрување на стандардот на живот, да креира стратегии за млади.

## МОЖНИ ФУНКЦИИ НА ЦЕНТАРОТ

Имајќи ги предвид резултатите од анкетата, компаративните искуства, но и домашната легислатива , „Ohrid youth hub" би ги интегрирал следните функции:

- **Библиотека** која ќе располага со литература од странски и домашни автори. Во оваа смисла, со оглед дека Охрид, меѓу другото е и универзитетски град, прашање на цивилизациска придобивка за студентите е постоењето на соодветни услови за нивно студирање.
- **Читална** која ќе им служи на учениците/студентите. Во овој дел, како и во однос на точката број 1, статусот „универзитетски град" за Охрид, означува и постоење на соодветна инфраструктура која ќе ѝ даде смисла на ваквата квалификација.
- **Сала за конференциски активности**. Овој сегемент, меѓу другото, има многу важен ефект и врз натамошниот развој на туристичката понуда на овој град. Имено, како што добро знаеме, конгресниот туризам е важен сегмент во рамки на туризмот генерално, а Охрид долги години наназад силно настојува да привлече поголем број на посетители.
- **Простор за дебатен клуб**. Овој сегмент, како и точката 1 и точката 3 се во функција на натамошно осовременување на условите за студирање во Охрид.
- **Кариерен центар**. Овој сегмент на младинскиот центар, ќе влијае во насока на натамошно подобрување на вкупните услови за живот и за работа на младите луѓе, кои според сите истражувања имаат најголема потреба за поддршка во насока на остварување на своите професионални цели и заложби.
- **Останати работни простории, рекреативен дел;**

Секако, за остварување на оваа цел е потребна јасно изразена волја од страна на креаторите на локалната политика.

Во оваа смисла, иако, финансиските средства за остварување на една ваква цел, не се воопшто мали, сепак, независно од големите потреби што ги има град како Охрид, сметам дека младите луѓе, како движечка сила, заслужуваат ваков фокус.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- „Компаративна анализа: Местото на локални, национални младински политики во Европската Унија", Н. Донев, 2021 година;
- „Правна анализа", Н. Донев, 2021 година;
- Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник, 2020;
- Закон за локалната самоуправа, Службен весник, 2002;
- www.ohrid.gov.mk;
- www.sobranie.mk;
- www.ams.gov.mk;
- www.europa-nu.nl;
- www.national-policies.eacea.ec.europa.eu;
- www.pjp-eu.coe.int/en.

# BITOLA SMART APP CITY

Битола- паметен град

*- Андреј Гулабовски*




VVM GD TIKVEŠ
VIRGO
SUPPORT TO
ELECTORAL REFORMS
Bitola - SmartAP

# РЕЗИМЕ

Иницијативата ,,Bitola SmartAPPcity" е креирана врз основа на потребите на граѓаните од Општина Битола, а кои се однесуваат на општинскиот буџет, транспарентноста и дигитализацијата на јавните услуги. Во овој документ се опфатени низа предлог реформи кои имаат за цел да ја унапредат довербата на граѓаните во Општината преку зголемување на информираноста на граѓаните за буџетот; зголемување на учеството на граѓаните во процесите на буџетско планирање; унапредување на транспарентноста на Општината преку воведување на дигитални алатки за споделување на повици, стратешки документи, детални урбанистички планови, статистички податоци; како и преку дигитализација на јавните услуги.

## МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на овој документ за јавни политики спроведовме истражување помеѓу жителите на Општина Битола, интервјуа со вработени во општинската администрација, две фокус групи со граѓани од каде прибравме релевантни податоци преку кои креиравме заклучоци.

Анкетниот прашалник кој го спроведовме во рамките на ова истражување имаше за цел да ги истражи ставовите на жителите на Општина Битола, за прашања врзани со транспарентност на буџетското планирање во Општината и дигитализација на јавните услуги.  Во истиот учество земаа 173 испитаници.

Спроведовме и две фокус групи со граѓани каде се обидовме да дознаеме колку граѓаните чувствуваат потреба од воведување на вакви реформи како и можноста за имплементација од страна на општинската администрација.

Конечно, за да ја разбереме перспективата на општинската администрација, спроведовме и серија на интервјуа со раководители на одделенија или вработени во истите: одделение за правно нормативни работи; одделение за буџетска координација и буџетска контрола; одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина; одделение за информатичка технологија при Општина Битола.

## ДЕФИНИЦИЈА, КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ НА ПРОБЛЕМОТ

### *Буџет*

Буџетот на Општина Битола се објавува јавно на веб страната и во службен гласник, но неговиот сложен приказ е пречка за обичниот граѓанин да ја разбере неговата суштина и наменското планирање и трошење на средствата. Тоа го потврдува и нашето истражување.

За почеток, поголемиот дел од граѓаните во Општина Битола не се запознаени со општинскиот буџет **(56%)**. **45%** од граѓаните го разбираат буџетот на начинот на кој сега е претставен, **30%** не го разбираат, а **25%** не го виделе буџетот.

Речиси ¾ од испитаниците изјавија дека не биле вклучени во креирањето на буџетот и/или планирање на распределба на средствата. Од оние кои учествувале, тоа најчесто било преку доставување на предлози и иницијативи до Општината, директна вклученост од работното место, форумски процеси.

**Дали на некој начин сте биле вклучени во креирањето на буџетот на Општината и/или планирање на распределба на средства?**




**Доколку одговорот на претходното прашање е да тоа било преку:**




И Општина Битола е свесна за овој проблем. Претставник на одделнието за буџетска координација и буџетска контрола изјави дека *"...вклученост на граѓаните е на едно многу мало ниво и треба да се изнајде начин како истите да се поттикнат да учествуваат"*.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Општина Битола во 2021 година, на индексот на транспарентност на Центарот за граѓански комуникации се наоѓа на 11 место во конкуренција на 97 институции на локално и централно ниво. Според авторите:

> ***Битола ја загуби долгогодишната лидерска позиција (кај општините), и покрај подобрувањето на својата активна транспарентност од ланските 88 % на 91%[9].***

9 Центар за граѓански комуникации, Индекс на активна транспарентност (2021). Достапен на: https://www.ccc.org.mk/images/stories/akt21.pdf . [Пристапено на 19.8.2021]

И граѓаните на Општина Битола се согласни дека Општината е генерално транспарентна (високи 73%). Во однос на јавното, транспарентно и навремено објавување на јавните повици, стратешки планови, документи и програми, ДУП-ови, граѓаните се со поделени ставови.

**Дали сметате дека Општината е доволно транспарентна?**




**Дали Општината јавно, транспарентно и навремено ги објавува јавните повици?**




**Дали Општината јавно ги објавува сите стратешки планови, документи, програми ?**



**Дали промените на деталните урбанистички планови (ДУП) се јавно достапни пред нивното усвојување?**




Во однос на учество на граѓаните на јавна расправа за промена на ДУП, повеќе од **96%** изјавиле дека никогаш не учествувале.

**Дали промените на деталните урбанистички планови (ДУП) се јавно достапни пред нивното усвојување?**




Овој проблем е препознаен и од одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина при Општина Битола, па така претставникот изјави:

> ***Со оглед на тоа дека измените на ГУП и носењето на нов или измените на ДУП и не се така чести, но секако се доста неразбирливи за граѓаните кои се лаици во овој дел, би рекла дека е потребен напор за да се постигне што е можно повеќе олеснувања за по едноставен приказ на граѓаните***

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИ УСЛУГИ

Јавните услуги се основата на фер општество, затоа што на овој начин граѓаните имаат пристап до можности да го подобрат својот квалитет на живот, но и да ги заштитат најранливите членови на заедницата. Па така државата овозможува пристап до здравствени, образовани, социјални услуги, но и регулира обврски за граѓаните, со цел да го заштити јавниот интерес. Затоа е од особена важност државата да има: граѓански ориентирана испорака на услуги, фер и ефикасни управни постапки, механизми за обезбедување на квалитет на јавните услуги и достапност на јавните услуги[10].

10 Центар за управување со промени, Како до подобри јавни услуги за граѓаните (2019). Достапно на: https://cup.org.mk/publication/publikacija%20mk.pdf. [Пристапено на 19.8.2021]

Општина Битола на својата веб страна, има објавено листа на четириесетина услуги кои ги нуди на своите граѓани[11]. Дополнително, Општина Битола во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, а во рамки на Стратегијата за реформа на јавна администрација 2018-2022[12] (точка 4.2.5), отвори „Една точка за услуги" преку која 64 услуги ќе им бидат на располагање на граѓаните од Општина Битола[13].

Во анкетата која ја спроведовме за потребите на ова истражување, **92%** од нашите испитаници од Општина Битола сметаат дека дигитализација на услуги е нешто кое е потребно. Прашани дали Општина Битола има воведено доволно е-услуги, најголем процент од граѓаните, односно **48%** сметаат дека има, но не доволно; **21%** сметаат дека воопшто нема е-услуги; **16%** сметаат дека има во доволен обем; а **15%** немаат информација. Граѓаните во голема мера сметаат дека воведување на е-услуги ќе ги намали трошоците на граѓаните, времето потребно за пристап до услугата и ризикот од корупција.

Клучни причини кои моментално ги спречуваат граѓаните да користат електронски услуги се недостатокот на информации за истите **(52%)** и немањето на пристап до интернет **(30%)**. Граѓаните во најголема мера би сакале да можат да поставуваат дигитално прашања до градоначалникот **(35%)**, и да можат го следат движењето на својот предмет дигитално **(24%)**.

Може да заклучиме дека клучен проблем останува потребата на Општина Битола да воведе дигитализирани алатки во овозможување на пристап до јавните услуги како и зголемување на транспарентноста и партиципативноста на граѓаните во креирањето на буџетот и контролата на трошењето на јавните пари.

## МОЖНИ РЕШЕНИЈА

„Bitola SmartAPPcity" опфаќа низа промени кои директно придонесуваат за подобрување на состојбата во полето на дигиталните услуги и транспарентноста а со крајна цел зголемување на борбата против корупција и тоа:

*Во однос на буџетот:*

**Воведување на граѓански буџет и дигитализиран пристап за непосредно учество на граѓаните во креирањето на буџетот;**

*Во однос на транспарентноста:*

**Јавен приказ на сите трансакции на Општината според намени, датум на прием или исплата и вредност;**

**Јавен приказ на сите должници по основ на данок на имот;**

*Во однос на дигитализација на јавни услуги:*

**Креирање на систем за следење на предмети, каде граѓаните ќе имаат можност од било кое место да проверат до кој степен на решавање е нивниот предмет;**

**Креирање на апликација за зголемување на односот и довербата помеѓу градоначалник-граѓанин.**

11 Општина Битола, Листа на услуги. Достапно на: https://bit.ly/37JuY90. [Пристапено на 19.8.2021]
12 Влада, Стратегија за реформа на јавна администрација 2018-2022 и Акциски план. Достапен на: https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/1587. [Пристапено на 19.8.2021]
13 Општина Битола, Една точка на услуги. Достапно на: https://bit.ly/3CLUV69 . [Пристапено на 19.8.2021]

# БУЏЕТ

### *Воведување на алатката граѓански буџет*

Еден од начините за надминување на проблемот со разбирање на буџетот е воведување на поедноставна форма на општинскиот буџет и поедноставен приказ за која намена, колку и што е планирано во буџетот за односната година или тн, “граѓански буџет”. Најголемата заложба е обелоденување на сите скриени трошоци под шифрираните буџетски ставки.

Па, така и испитаниците во истражувањето сметаат дека поедноставна форма на буџетот и поедноставен приказ за која намена ќе придонесе кон поголема доверба од нивна страна кон Општината односно дали поедноставена верзија во која се прегледно нагласени сите приходи и расходи би ги поттикнале да прават увид во општинскиот буџет секоја година при негово носење, ребаланс и завршни сметки.

ПОСЕБЕН ДЕЛ

| Програма / Подпрограма / Категорија / Ставка | О П И С | Предходен буџет | БУЏЕТ: Буџет | Расходи од самофин. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ Расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 948.424.000 | 395.047.000 | 65.172.000 | 474.422.000 | 23.974.000 | 0 | 958.615.000 |
| W0 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАшТИТА | 11.767.000 | 3.403.000 | 0 | 8.437.000 | 0 | 0 | 11.840.000 |
| | ПРИХОДИ: | | | | | | | |
| W00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 11.767.000 | 3.403.000 | 0 | 8.437.000 | 0 | 0 | 11.840.000 |
| | РАСХОДИ: | | | | | | | |
| 40 | ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 8.437.000 | 0 | 0 | 8.437.000 | 0 | 0 | 8.437.000 |
| 401 | Основни плати | 5.812.000 | 0 | 0 | 5.812.000 | 0 | 0 | 5.812.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 2.625.000 | 0 | 0 | 2.625.000 | 0 | 0 | 2.625.000 |
| 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 3.330.000 | 3.403.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.403.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.010.000 | 1.010.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.010.000 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 1.760.000 | 1.760.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.760.000 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 560,000 | 633,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 633,000 |

*Стандарден приказ на буџетот* [14]




*Пример на граѓански буџет* [15]

14 Општина Штип, Буџет за 2021 година. Достапен на: http://www.stip.gov.mk/index.php/mk/budjet/4197-budjet-za-2021. [Пристапено на 19.8.2021]
15 Општина Центар, Граѓански буџет на Општина Центар за 2017 година. Достапен на: https://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/Gragjanski-budjet-na-opshtina-centar-za.pdf. [Пристапено на 19.8.2021]

Постои позитивно расположение и кај Општина Битола за овој предлог. Претставник од одделение за буџетска координација и буџетска контрола изјави:

> ***Во однос на поедноставениот приказ односно "граѓанскиот буџет", апсолутно се согласуваме со потребата од креирање на таков приказ на буџетот затоа што сведоци сме и ние како општинска администрација и советниците во Советот, но најмногу граѓаните дека начинот на кој што се објавува буџетот е сложен за разбирање...***

**Партиципација во креирањето на буџетот**

Инклузивноста во процесот на креирање на буџетот најчесто подразбира вклучување на политичките чинители и граѓанските организации, а многу ретко се повикуваат или прашуваат самите граѓани во однос на потребите кои ги имаат во нивното место на живеење.

Поради тоа, се предлагаме креирање на апликација преку која секој граѓанин од Општина Битола ќе може да го искаже своето мислење за определен проект, ќе може да достави предлог идеа или пак на друг начин ќе придонесе во креирањето на буџетот. И самата Општина има интерес од ваква двонасочна комуникација, затоа што на овој начин добива информации од "прва рака" за потребите и желбите на граѓаните во определен дел од територијата на Општината, која може да ги искористи при креирањето на политиките.

Неколку општини[16] во РСМ имаат воведено дигитален начин на директно вклучување на граѓаните во креирањето на буџетот. На пример преку ,,Google – анкетите"[17], на наједноставен начин на граѓанинот му се обезбедува можност за брзо дигитално учество и поднесување на идеи пред процесот на креирање на буџетот.

Како што спомнавме во првиот дел, генерално граѓаните во многу мал процент учествуваат во подготовка на буџетот. Меѓутоа радува што речиси 75% од граѓаните би сакале да земат учество во креирање на буџетот, и тоа во најголем процент преку дигиталнаапликација за предлози и идеи (37%), преку директни средби со претставници на Општината и советот (25%) и форумски процеси (20%). 74% од испитаниците сметаат дека со поголемо учество во буџетските процеси, ќе се зголеми и нивната доверба во Општината.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

***Фискална транспарентност***

Значително унапредување на транспарентноста би имале доколку Општина Битола се одлучи јавно да ги прикаже сите свои трансакции и трансакциите на установите и претпријатијата кои ги основа, според намената. Оваа пракса веќе е воведена на национално ниво, со воведување на **Порталот за отворени финансии**[18].

16 Општина Богданци, Прашалник за собирање на предлози за буџет на ЕЛС Богданци за 2021 година - учествувај, планирај, предложи. Достапен на: https://bit.ly/2W2nUSK. [Пристапено на 19.8.2021]
17 Општина Дојран, Учествувај во креирање на Буџетот на Општина Дојран за 2021 година. Достапно на: https://bit.ly/3Dakdv1. [Пристапено на 19.8.2021]
18 Министерство за финансии, Отворени финансии. Достапно на: https://open.finance.gov.mk/mk/home. [Пристапено на 19.8.2021]

Впрочем, според нашите испитаници, јавното следење на трансакциите на Општината ќе ја зголеми довербата во Општината, ќе го намали ризикот од корупција, ќе ја зголеми транспарентноста и отчетноста на Општината. И Општина Битола е свесна дека ваквите мерки може да ја унапредат довербата во Општината. Според претставник од одделението за буџетска координација и буџетска контрола:

> ***Несомнено поедноставениот приказ на буџетот во смисла на процесот на неговото креирање, расчленување на буџетот по ставки и прикажување на конкретните намени на средствата планирани во буџетот придонесуваат за активно учество на граѓаните во целиот буџетски процес а пропорционално на тоа се враќа довербата во институциите.***

И одделението за информатичка технологија изјави подготвеност, доколку претходно правните дилеми се решени.

Најголем дел од граѓаните од Општина Битола би можат да ги следат општинските трансакции преку поставување на билборд во централното градско подрачје **(36%)**, социјални мрежи **(24%)**, и преку веб страната **(17%)**.

За илустрација, во Општина Бања Лука, БиХ воведен е систем на електронско следење на трансакциите кои ги извршува Општината преку јавен билборд поставен на најфреквентните улици низ градот. Така граѓаните можат во било кое време да вршат увид и да ги контролираат сите уплати и исплати од општинската каса.




*Јавен Билборд со приказ на електронските трансакции и други корисни информации на Општина Бања Лука, БиХ*[19]

Особено важна информација за граѓаните се јавните повици и соопштенија кои го објавува Општината, а од кои зависи пристапот до одредени услуги или пак навремено информирање за креирање на обврски за граѓаните. Меѓутоа, треба да бидеме свесни дека за нееднаквите дигитални вештини кои ги имаат граѓаните, па така не секој знае да управува со електронските уреди па да може редовно и навремено да се информира преку веб страницата на Општината, службен гласник или на социјалните мрежи. Преку дигиталните алатки граѓаните ќе имаат можност да се информираат за сите јавни повици кои ги објавува Општината.

19 RTV BN, "Bićemo grad bez korupcije, kriminala i nepotizma" (22.2.2021). Достапно на: https://www.rtvbn.com/4001275/bicemo-grad-bez-korupcije-kriminala-i-nepotizma. [Пристапено на 19.8.2021]

*Транспарентност при објавување на стратешки документи*

Иако Општина Битола има генерално висок индекс на транспарентност, кој меѓу другото вклучува објава на клучни документи, сепак треба да продолжи јавното објавување на програми, планови, стратегии и останатите подзаконски правни акти кои ги носи Советот на Општината. Препораката е да се дополни медиумот преку кој се споделуваат, односно да се следи примерот на Општина Бања Лука, БиХ и да се постави електронскиот билборд или електронска информативна табла, на фреквентна и достапна локација.

*Транспарентност при објавување на статистички податоци*

Граѓанинот расудува според свое лично убедување, а често ставот го гради на основа на достапни информации во однос на прашањето, меѓу кои и достапни статистички податоци во однос на работењето на Општината за минатите години или според параметри кои тој ги смета за примарни и релевантни при носење на одлуката за кој претставник да се даде глас. Затоа, многу е битно, статистичките податоци во однос на работењето да се инсистира да бидат пренесени до секој граѓанин.

*Јавен приказ на сите должници по основ на данок на имот*

По примерот на Општина Кавадарци[20], а во насока на унапредување на транспарентноста но и фискалната дисциплина предлагаме јавно објавување на сите физички и правни лица со место на живеење/седиште во Општината кои се должници врз основа на данокот на имот, фирманири и други комуналии. Испитаниците во голем процент се согласни со овој предлог.

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИ УСЛУГИ

*Систем на следење на предметот*

На линија на реформите во јавната администрација на национално ниво, и општините треба да воведат дигитални решенија кои ќе овозможат следење на чекорите во управната постапка низ кои поминува поднесеното барање/предмет и кај кој службеник се наоѓа во моментот на решавање. Преку дигиталните алатки со однапред добиен код, граѓаните ќе имаат можност да вршат увид во однос на управната постапка низ која тече решавањето на предметот односно поднесеното барање.

Веќе споделивме информација дека 24% од граѓаните сакаат да можат дигитално да го следат својот предмет.

Во однос на можноста на Општина Битола, да обезбеди дигитално прикажување на текот на предметот низ управната постапка, претставник од одделението за правно нормативни работи изјави:

20 Општина Кавадарци, Листа на должници за данок на имот на физички и правни лица и комунална такса за истакнување на фирма заклучно со 2019 година. Достапно на: https://bit.ly/3sxFjyw. [Пристапено на 19.8.2021]

> ***Ние имаме дигитална интерна програма низ која можеме да провериме во моментот кај кој службеник се наоѓа предметот и кај кој службеник треба да се достави, кои документи се поднесени и кои документи недостасуваат и тн. Мислам дека потребно е да се обезбеди најпрво безбеден приказ на текот на документите, во смисла да се овозможи приказ само на подносителот на барањето/предметот но секако не знам дали тоа е изводливо од страна на информатичкиот дел.***

Претставникот од одделението за информатичка технологија на истото прашање изјави:

> ***Секако дека може, но според мене потребно е креирање на нов систем кој што ќе одговори на потребите кои се менуваат. Секако ова е сериозен чекор кој што бара максимална заштита на личните податоци согласно Законот за заштита на лични податоци и креирање на едноставен систем се со цел граѓаните да немаат проблем при употребата на истиот.***

***Веб апликација „Мој Градоначалник"***

Сметаме дека секое прашање на граѓаните заслужува да добие брз одговор што пак ќе влијае на пораст на задоволството на граѓаните во однос на услугите кои Општината е должна да ги врши. Оттука, дигитализацијата нуди брз пристап до информации, но и алатки преку кои тие информации брзо се проследуваат до другата страна. Затоа, предлагаме креирање на апликација преку која граѓаните ќе можат да упатуваат прашања од свој и јавен интерес до службите за односи со јавност.

Повеќе од половина од нашите испитаници, изјавија дека би ја користеле оваа апликација.

Запрашан за став во однос на идејата за "МојГрадоначалник", претставникот од одделението за информатичка технологија при Општина Битола, изјави:

> ***...единиците на локалната самоуправа имаат обврска да одговорат на секое барање за информации од јавен карактер во рок пропишан со закон. Но, доколку Општината нуди алтернативен и побрз пристап до таквата информација секако дека е во корист и на двете страни.***

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Согласно податоците собрани од истражувањето, интервјуата од вработените во општинската администрација и мислењата и ставовите од учесниците во двете фокус групи, а базирани од претходните спроведени истражувања во областа на транспарентноста и корупцијата од неколку невладини организации, ги даваме следните препораки до Општина Битола:

1. Воведување на поедноставен приказ на буџетски планираните средства т.н. граѓански буџет;
2. Воведување на case management system, со што ќе се овозможи брз дигитален увид во управните постапки, односно поднесените барања или иницирани предмети;
3. Овозможување на преглед на сите трансакции кои ги врши Општината, преку поставување на дигитален билборд во централното градско подрачје;
4. Воведување на дигитални алатки за вклучување на граѓаните во различни процеси, како на пример утврдување на буџетски приоритети или донесување на ДУП-ови;
5. Овозможување на брз и едноставен начин на комуникација помеѓу граѓаните и органите на Општината, како на пример со воведување на апликација “МојГрадоначалник”.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Влада, Стратегија за реформа на јавна администрација 2018-2022 и Акциски план. Достапен на: https://mioa.gov.mk/?q=mk/node/1587. [Пристапено на 19.8.2021]
- Општина Битола, Листа на услуги. Достапно на: https://bit.ly/37JuY90. [Пристапено на 19.8.2021]
- Општина Битола, Една точка на услуги. Достапно на: https://bit.ly/3CLUV69 . [Пристапено на 19.8.2021]
- Општина Богданци, Прашалник за собирање на предлози за буџет на ЕЛС Богданци за 2021 година - учествувај, планирај, предложи. Достапен на: https://bit.ly/2W2nUSK. [Пристапено на 19.8.2021]
- Општина Дојран, Учествувај во креирање на Буџетот на Општина Дојран за 2021 година. Достапно на: https://bit.ly/3Dakdv1. [Пристапено на 19.8.2021]
- Општина Кавадарци, Листа на должници за данок на имот на физички и правни лица и комунална такса за истакнување на фирма заклучно со 2019 година. Достапно на: https://bit.ly/3sxFjyw. [Пристапено на 19.8.2021]

- Општина Центар, Граѓански буџет на Општина Центар за 2017 година. Достапен на: https://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/Gragjanski-budjet-na-opshtina-centar-za.pdf. [Пристапено на 19.8.2021]
- Оштина Штип, Буџет за 2021 година. Достапен на: http://www.stip.gov.mk/index-.php/mk/budjet/4197-budjet-za-2021. [Пристапено на 19.8.2021]
- Министерство за финансии, Отворени финансии. Достапно на: https://open.finance.gov.mk/mk/home. [Пристапено на 19.8.2021]
- RTV BN, "Bićemo grad bez korupcije, kriminala i nepotizma" (22.2.2021). Достапно на: https://www.rtvbn.com/4001275/bicemo-grad-bez-korupcije-kriminala-i-nepotizma. [Пристапено на 19.8.2021]
- Центар за граѓански комуникации, Индекс на активна транспарентност (2021). Достапен на: https://www.ccc.org.mk/images/stories/akt21.pdf . [Пристапено на 19.8.2021]
- Центар за управување со промени, Како до подобри јавни услуги за граѓаните (2019). Достапно на: https://cup.org.mk/publication/publikacija%20mk.pdf. [Пристапено на 19.8.2021]

# СТРУГА СЕ ГРИЖИ

Предлог мерки и политики

*- Бесијан Положани*




STRUGA
SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
National Youth Council of Macedonia
Global Expertise. Local Solutions. Sustainable Democracy.

# РЕЗИМЕ

Односот кон бездомните животни, како и многуте аспекти што ги отвора ова прашање, е актуелна тема во светот, но и во регионот, на која треба да се посвети посебно внимание. Прашањето за бездомните животни е доста сложено, уште повеќе што недостасуваат современи долгорочни политики за решавање на истото.

Институциите не располагаат со официјални податоци за бројот на бездомни животни на територијата на Северна Македонија, а податоците објавени од граѓански организации кои се занимаваат со грижа за животните велат дека во земјата има околу сто илјади бездомни животни, кои се изложени на болести, малтретирања и различни временски услови.

Проблемот со кучињата скитници е проблем со кој се соочува градот Струга долги години. Нивното скитање низ градот претставува голема опасност за животот и безбедноста на граѓаните, особено малите деца кои не можат да бидат заштитени од можни напади.

Исто така, нивното скитање претставува голем ризик за ширење на разни заразни болести и проблеми за граѓаните.

Во рамките на овој документ извршена е анализа на проблемот со кучињата скитници. Презентирани се податоци собрани од средби со граѓани на кои им е образложена идејата за надминување на овој проблем, анализирани се нивните ставови и предлози, а дополнително направен е и осврт на актуелните политики кои се занимаваат со прашањето што е предмет на анализа. Исто така, преку спроведување на анкетата и елаборирање на собраните одговори, добиена е појасна слика за потребата од решавање на овој проблем.

Потенцијално решение е дислоцирање на кучињата скитници во посебен објект (прифатилиште) специјално изграден за таа намена, во кој би имало персонал од различни области кои ќе им овозможат нивно лекување, хранење, капење и слично. Кучињата штом се згрижат и штом се осигура дека се здрави и безбедни, секој граѓанин би можел да изрази интерес за нивно посвојување.

Со ова предлог решение ќе се придонесе Струга да биде побезбедно место за живеење за сите граѓани на Општината.

Со ова решение граѓаните од сите категории, вклучително децата и пензионерите како најзагрозени категории ќе имат придобивка. Локалната заедница и институциите исто така ќе имаат корист бидејќи ќе им се даде решение што произлегува од идеите и мислењата на самите граѓани, како и од добрите практики реализирани во различни земји.

Исто така, реализацијата на овој проект ќе овозможи по квалитетен живот на кучиња скитници.

## КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Појавата на кучиња скитници на јавни површини на територијата на одредена единица на локална самоуправа е феномен што директно ги засега граѓаните кои живеат и гравитираат во областа на единицата на локална самоуправа која се соочува со оваа појава. Според Светската здравствена организација (СЗО), бројот на кучиња скитници на глобално ниво се проценува на над 200 милиони[21]. Во отсуство на официјална статистика за бројот на кучиња скитници во Република Северна Македонија, загриженоста на граѓаните во овој случај е главно поврзана со прашања поврзани со нивната безбедност за непречено движење на јавни површини и заштита на нивното здравје од можни напади од кучиња скитници, кои покрај што можат да предизвикуваат физички и здравствени последици, можат да предизвикаат и негативни психолошки последици кај нападнатиот поединец.

Непостоењето, на локално ниво, на организиран систем за откривање, фаќање, регистрација, фрагментација, стерилизација, кастрација, односно медицински и хуман третман на кучињата скитници, покрај придонесот за имиџот на единицата на локалната самоуправа во негативна смисла, ги отфрла напорите за афирмација како најдобар туристички, културен и друг квалитет во домашен и меѓународен контекст. Во овој контекст, покрај улогата на граѓаните и граѓанските организации кои работат во областа на заштитата и благосостојбата на животните, се очекува соодветна реакција на локалните власти во насока на справување со оваа појава преку преземање на соодветни мерки и активности чија главна цел би била намалување и контрола на популацијата на кучиња скитници. Мерките и политиките на локалните власти треба да бидат поттикнати од потребата да се намалат ризиците по јавното здравје и безбедност, кои вклучуваат: пренос на болести; малтретирање, заплашување и оштетување на граѓаните поради агресивно однесување на кучиња; предизвикувајќи сообраќајни незгоди како и загадување на животната средина.

Заштитата и благосостојбата на животните во однос на кучињата скитници се регулирани со Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16) и Регулатива за постапките на фаќање, интервенции и третман на кучињата скитници, начинот на изведување на тестот за асоцијација, начинот и содржината на податоците за водење евиденција и начинот на надзор, услови за одобрување на засолништата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на одобрени засолништа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 44/21).

Законот за заштита и благосостојба на животните ги регулира минималните барања за заштита и благосостојба на одредени видови животни во однос на нивното размножување, чување, грижа и сместување, вклучително и кучињата скитници.

21 https://www.dogtipper.com/blog/2021/04/world-stray-animals-day-2.html

Согласно член 28 од овој закон Општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје, се надлежни за привремено згрижување во соодветни засолништа на кучињата скитници кои се наоѓаат на јавни места без присуство на сопственикот. Во овие објекти, мора да се обезбеди основна заштита на животните од неповолни временски услови и да се обезбеди нивно ефективно затворање и чување. Фаќањето кучиња скитници го прават квалификувани лица на начин што нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Притисокот на јавноста и итната потреба за преземање мерки за справување со овој феномен може да бидат еден вид катализатор за насочување на локалните политики и активности за решавање на прашањето за кучињата скитници. Партнерството на локалните власти со граѓанскиот сектор, но и со други институции кои работат или имаат надлежност да креираат политики за заштита и благосостојба на животните, секако е позитивен чекор во обезбедувањето сеопфатна поддршка во процесот на наоѓање оптимални решенија и размена на најдобри практики, што на крајот треба да резултира со низа активности кои ќе придонесат за хуман третман, но исто така ќе го намалат бројот на кучиња скитници во јавните површини до одредена мера.

## АЛТЕРНАТИВИ - РЕШЕНИЈА

Потребата од итно решавање на проблемот кој се разработува во овој документ е потврдена и од страна на граѓаните на Струга (меѓу кои и ученици од С.У Нико Нестор Струга) кои учествуваа во анкетирањето кое беше спроведено за целите на документот. Добиените резултати покажуваат дека граѓаните бараат од Општината, со оглед на нејзините ингеренции, да презема соодветни мерки и активности. Прашани за предлог решение, испитаниците ја посочија токму изградбата на засолништето за кучиња, сметајќи дека со тоа не само што ќе се подобри безбедноста во градот, туку Струга ќе стане и попривлечна за домашни и странски туристи. Во таа смисла, од круцијално значење е поголемо залагање на локалната, но и централна власт за решавање на ова прашање.

Согласно важечките правни норми, со цел контрола на бројот на кучиња скитници, Општината треба привремено да ги смести кучињата скитници уловени во засолниште каде што треба да се кастрираат, третираат и да им се обезбеди превентивна здравствена заштита и тест за социјализација во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравје, по што тие мора да бидат вратени во областа од каде што биле фатени. Кучињата скитници треба трајно да се етикетираат со микрочип и да се вратат на местото на фаќање на начин што нема да предизвика непотребна болка или страдање. По исклучок, општините можат да применат други пропишани методи за контрола на бројот на кучиња скитници. Општината треба да изготви и одобри повеќегодишен план и програма врз основа на која ќе се изврши контрола на популацијата кучиња скитници и ќе се достави до Агенцијата за храна и ветеринарство за одобрување.

Трошоците за фаќање и лекување на кучињата скитници ги сноси Општината. Субјектот кој управува со засолнувањето мора да води евиденција која содржи податоци за примените животни, кои се достапни за инспекција на барање на Агенцијата за храна и ветеринарство, која е одговорна за издавање на одобрение за засолнување врз основа на поднесеното барање.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Систематски и организиран пристап од страна на Општина Струга треба да вклучува широк спектар на активности кои имаат за цел заштита на јавниот интерес, здравјето и безбедноста на граѓаните.

**Организирање обемни кампањи** за подигање на свеста кај граѓаните за законот за заштита на животните. Мора да се обезбеди активно учество на[21] сите организации - владини тела, невладини организации, медиуми и граѓанско општество. Исто така, треба да се одржат јавни расправи и дискусии за да се реши ова прашање.

**Изградбата на специјално засолниште за кучиња** надвор од градот и активности за други организациски прашања поврзани со него (избор на локација, создавање соодветни услови за сместување животни, обука на персонал итн.) се многу важни. За ова намена Општина Струга треба да обезбеди сопствени средства или да побара донација од страна на другите владини и невладини институции во државата.

Ова засолниште треба да биде изградено на место каде не ја нарушува работата на постоечките објекти и да не ја загадува околината, треба да биде заградено со цврста ограда која треба да биде доволно висока за прифатилиште, да биде визуелно изолирано од околината.

Кругот на прифатилиштето треба да биде заграден со ограда која треба да е конструирана на начин што спречува влез и излез на животни, да е простран, да осигура функционална поврзаност на објектите, а сите површини кои не се асфалтирани или бетонирани треба да бидат со уредно одржувано зеленило.

Прифатилиштето треба да е снабдено со вода за пиење, од јавен водовод или од сопствени извори. Здравствената исправност на водата од сопствени извори треба да се контролира согласно прописите од областа на здравствена исправност на водата за пиење најмалку два пати годишно, а по потреба и повеќе пати.

Објектите во прифатилиште треба да имаат систем за прифаќање на отпадните води, при што атмосферските води да може да се влеваат во канализација или природен реципиент без прочистување.

Прифатилиштето треба да имаат одводна канализациона мрежа, а отпадните води и фекалии да се влеваат во јавната канализациона мрежа или септичка јама.

Подовите, ѕидовите и кровот на просториите во кои се сместени животните треба да бидат изградени од непропустлив материјал кој лесно се чисти и дезинфицира, отпорен е на влага, ерозија и механичко оштетување.

Прифатилиштето треба да се одржува на начин да обезбеди заштита од влијанието на неповолните временски услови.

Врз основа на сите практики кои ги имаме анализирано во државата и надвор од неа, прифатилиштето за животни треба да има простор или простории за:

1. Прием на животните,
2. Медицински третман на животните,
3. Сместување и држење на животните,
4. Изолација (карантин) на животните,
5. Постоперативна нега на животните,
6. Спроведување на тестот за социјализација на куче,
7. Складирање на средствата за чистење и дезинфекција,
8. Чување на храната за животни,
9. Персонал,
10. Прием на странки, и
11. Санитарен јазол.

Прифатилиште кои ги има обезбедено овие услови е предуслов за долгорочно решение на  проблемот со кучињата скитници и како такво треба да биде приоритет за Општина Струга.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Анкета спроведена со граѓани;
- Податоци од анализа на експерт ангажиран во рамките на проектот;
- Закон за заштита на животните на Република Северна Македонија;

# КИЧЕВО ЗЕЛЕН ГРАД

Предлог мерки и политики

*- Давор Михајлоски*




ИЧЕВО
ЕЛЕН ГРАД

# РЕЗИМЕ

Локалната самоуправа има клучна улога во справување со климатски промени и зачувување на животната средина. Голем број на закони од областа на животната средина креираат обврски за општините во државата, вклучително и Општина Кичево. Според истражувањето спроведено за потребите на овој документ, клучни проблеми од доменот на животна средина во Општина Кичево се: недостаток на паркови и зелени површини, несоодветно управување со отпад, низок квалитет на воздух, непостоење на услови за алтернативен транспорт, нелегална и несовесна сеча. Генерални препораки за Општината Кичево се: да ги донесе стратешките документи од областа на животна средина за кои постои законска обврска; да го зголеми обемот на финансиски средства на годишно ниво наменети за проекти од областа на животната средина; да ги зголеми административните капацитети на одделението за животна средина и инспекциската служба. Овој документ нуди и посебни препораки за надминување на мапираните проблеми.

*Општина Кичево*[22]



## ВАЖНОСТА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Меѓународниот панел за климатски промени во август 2021 ја објави својата 6та проценка, во која научниците алармираат дека имаме забрзани, поинтензивни и пошироко распространети климатски промени причинети единствено од човечка активност, со климатски екстреми како топлотни бранови, суши, тропски циклони кои се се почести и појаки[23]. Иако е потребен глобален одговор, сепак на државите останува да преземат серија на мерки за да ги ублажат последиците од климатските промени на сопствената територија, но и да го успорат нивното влошување во глобални рамки. Локалните самоуправи се првата линија на отпор кон глобалните климатски промени и зачувување на животната средина.

## ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Имајќи ја предвид важноста на прашањето за заштита на животната средина, сосема е очекувано голем број на државни институции, агенции и тела да споделуваат надлежности во креирање на политики и спроведување на надзор врз примената на законите од оваа област.

22 Општина Кичево. Достапно на: https://en.wikipedia.org/wiki/Kičevo#/media/File:Komuna-e-ker-coves.png. [Пристапено на 11.8.2021]
23 Intergovernmental Panel on Climate Change, 'Climate Change 2021: The Physical Science Basis' (2021). Достапно на: https://www.ipcc.ch/report/ar6/wg1/downloads/report/IPCC_AR6_WGI_SPM.pdf [Пристапено на 11.8.2021]

Во прилог е даден преглед на неколку закони и стратегии од доменот на животната средина кои креираат обврски за Општината (листата секако не е исцрпена).

Надлежноста на локалната самоуправа да постапува во однос на заштита на животната средина, може да се најде во член 22 (1) од Законот за локална самоуправа кој предвидува дека во надлежности на Општината спаѓа и заштитата на животната средина и природата, односно мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење[24].

Надлежностите и обврските на единиците на локалната самоуправа понатаму се доуредени во секторските закони. Во Законот за животна средина во член 1 (1) каде што се наведени и општините како институции кои имаат права и должности во обезбедувањето услови за заштита и унапредување на животната средина, член 3 (3) истиот закон ги обврзува општините да обезбедат финансиски средства за заштита и унапредување на животната средина, како и членот 60 кој предвидува Советите на општините, да донесат локални акциони планови за животна средина во времетраење од 6 години[25].

Во Законот за квалитет на амбиентален воздух, во член 26 предвидено е Општината да изготви план за квалитет на воздух за дадени зони и агломерации каде што нивоата на загадувачките супстанции во амбиентниот воздух ги надминуваат граничните или целните вредности[26].

Согласно член 18 од Законот за управување со отпад[27], општините треба да донесат план за управување со отпад на Општината. Дополнително, според член 19, општините треба да донесат и програма за управување со отпад како и инструменти за спроведување на програмите за управување со отпадот.

Општините согласно член 5 од Законот за урбано зеленило имаат обврска и да креираат зелен регистар; да изработат Стратегија за развој на зеленилото; да донесат основен план за планирање, проектирање, подигање, одржување, заштита и реконструкција; како и да донесат годишна оперативна програма за подигање и одржување на зеленилото[28]. И Националната стратегија за заштита на природата предвидува учество на општините во нејзината имплементација[29].

## МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на овој документ за јавни политики беа употребени неколку методи за прибирање на податоци, па така беа спроведени:

- **4 интервјуа** по електронски пат со претставници од Општина Кичево од секторите животна средина и локален економски развој, советник во Советот на Општина Кичево и претставник од граѓанска организација;

24 Закон за локална самоуправа „Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002.
25 Закон за животна средина „Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 79/2006; 101/2006; 109/2006; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 161/2009; 1/2010; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 28/2018; 65/2018; 99/2018.
26 Закон за квалитет на амбиентален воздух „Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004; 92/2007; 35/2010; 47/2011; 59/2012; 163/2013; 10/2015; 146/2015; 151/2021.
27 Закон за управување со отпад „Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004; 71/2004; 107/2007; 102/2008; 143/2008; 82/2009; 124/2010; 140/2010; 51/2011; 6/2012; 123/2012; 147/2013; 163/2013; 27/2014; 51/2015; 146/2015; 156/2015; 192/2015; 39/2016; 63/2016; 31/2020.
28 Закон за урбано зеленило „Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018, 42/2020
29 Влада, Националната стратегија за заштита на природата „Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2018

- **2 фокус групи** со 16 учесници, од кои едната фокус група со членови на партиски подмладоци, а другата со студенти и млади;
- **Прашалник** со пригоден примерок од 75 испитаници, објавен на социјални медиуми во периодот од 23-25 јуни, 2021;
- **Јавна консултација** со заинтересирани страни, на која учество земаа 20 учесници.

Анализата во прилог, како и препораките дадени на крај од овој документ се направени врз основа на евидентираните искуства, ставови и перцепции на граѓаните, особено младите од Општина Кичево.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНИ, СТРАТЕШКИ И ФИНАНИСКИ РЕСУРСИ

Кичево како град, низ вековите од мала трговска населба, прераснал во урбан центар. Во Општина Кичево живеат граѓани кои припаѓаат на сите етникуми и етнички групи кои може да се најдат на територијата на Р.С. Македонија. Вкупното население според пописот од 2002 година, изнесува 30138 жители.

Во однос на институционалните капацитети за креирање и спроведување на политики за животна средина, според укажувањата на вработен во Општина Кичево, од вкупно 186 вработени, само 4 се вработени во секторот за животна средина. Општината располага со еден овластен инспектор, надлежен за инспекциски надзор од областа на животната средина. Општината е задолжена за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи и одобрување на еколошки елаборати.

Општината изработува еколошки планови, преку подготовка на индивидуални програми (како на пример програма за воздух, за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, програма за заловување и стручен третман на улични кучиња и др.). Според член на Советот, Општината годишно издвојува финансиски средства во следниот обем:

> ***За поддршка на проекти кои придонесуваат кон заштеда на енергија, искористување на обновливи видови на енергија, заштита на животната средина и нивна афирмација, Општината на годишно ниво издвојува 500.000 денари. Додека пак, финансиската конструкција за спроведување на програмата за активности во областа на управување со животната средина за 2021 изнесува 37,360,000 денари (најголемиот дел од сумата, 30 милиони денари се за инвертер клими), додека пак претходните неколку години сумата која се издвојуваше беше околу 9 милиони денари, во просек.***

Според достапните јавни податоци, во Буџетот за 2021 на Општина Кичево предвидени се две ставки кои се однесуваат за одржливост на животната средина.

22 Општина Кичево. Достапно на: https://en.wikipedia.org/wiki/Kičevo#/media/File:Komuna-e-ker-coves.png. [Пристапено на 11.8.2021]
23 Intergovernmental Panel on Climate Change, 'Climate Change 2021: The Physical Science Basis' (2021). Достапно на: https://www.ipcc.ch/report/ar6/wg1/downloads/report/IPCC_AR6_WGI_SPM.pdf [Пристапено на 11.8.2021]

Се работи за проект со вредност од 2.000.000 денари за унапредување на речни корита со кој се обезбедува чистење на цврст отпад во руралните и урбаните средини и проект за зголемување на капацитетите со вода и користење на природните извори за зголемување на количината на вода, особено во рурални подрачја со вредност од 13.000.000 денари[30].



*Кокино[31] Кале*

## КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРИ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Се чини дека во последните неколку децении, ситуацијата во Општина Кичево во поглед на заштитата на животната средина, постепено излегува од контрола. Во продолжение е приложен краток опис на проблемите кои испитаниците ги лоцираа во текот на истражувањето.

## НЕДОСТАТОК НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Првиот посериозен проблем е недостатокот на паркови и зелени површини каде што граѓаните, вклучително и младите би можеле да го минуваат времето и да спортуваат.  Дури 79% од испитаниците изјавиле дека сметаат дека нема доволно зелени површини во Кичево, а 29% сметаат дека приоритет треба да биде обезбедување на повеќе зелени површини (што е втор најчесто избран одговор, по инвестиции).

Но, причината се чини дека не е недостатокот на соодветни локации, напротив, градот Кичево изобилува со потенцијални паркови. Проблемот лежи во лошо испланираната урбанизација и честите отстапки од урбанистичкиот план. Само за илустрација, во периодот од 2005 до 2020 изградени се 1893 нови станови во Општината, односно ако во 2010 година се изградени 9318м2 корисна површина на станбени единици, во 2020 имаме зголемување од 100%, односно 18096 м2[32].

Па така, скоро сите зелени површини низ градот преминаа во приватна сопственост, без никаков план за нивно реновирање или постанаа диви депонии, вклучувајќи ги и добро познатите места за излет по текот на р. Треска.

Претставникот од граѓанска организација објасни дека Општината се соочува со неконтролирана урбанизација, посочувајќи дека „дозволите за згради се издаваат без да се обезбеди паркинг простор за станарите, а меѓу просторот што треба да го има меѓу објектите не се запазува, а со тоа и зелените површини ги нема".

30  Совет на Општина Кичево, Буџет. Достапно на: https://kicevo.gov.mk/mk/buxheti-i-komunes-se-kercoves/ [Пристапено на 11.8.2021]
31  Китино Кале, Кичево. Достапно на: https://mojportal.mk/kitino-kale-kicevo. [Пристапено на 11.8.2021]
32 Државен завод за статистика, МакСтат База: Градежништво; Податоци за станови завршени просечни цени незавршени и урнати; Завршени станови според бројот на соби, по општини, по години. Достапно на:   https://bit.ly/3xANnz7. [Пристапено на 11.8.2021]

Запрашан да го искоментира балансот помеѓу урбаниот развој и креирањето и одржувањето на зелените јавни површини, член на Советот посочи:

> *Очигледно е дека балансот помеѓу урбаниот развој и креирање и одржување на зелените јавни површини треба да биде подобар. Исто така факт е дека во Кичево ни требаат повеќе зелени површини и маалски паркови уредени со урбана опрема за одмор и релаксација на месното население.*

## НЕСООДВЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Следен идентификуван проблем се дивите депонии кои секојдневно изникнуваат дури и во поурбаните делови на градот. Преполни контејнери, расфрлан отпад и смет се секојдневна глетка низ улиците на градот. Член на Советот на Општина го посочи проблемот со одлагање и управување со отпадот, т.е. немање на решение за градска депонија како најгорлив кој има за последица појавување на мини-депонии кои ја загадуваат околната животна средина, нивното опожарување и максимално искориствање на капацитетите на комуналното претпријатие ЈП Комуналец за прибирање на сиот отпад, но и за секојдневен транспорт на истиот во други подалечни општини каде има депонии, за што се прават дополнителни финансиски трошоци.

Испитаниците на различно место ја лоцираат одговорноста за проблемот со несоодветно третирање на отпадот.

Според членот на Совет ова е комплексен проблем кој нема еден причинител. Додека пак според претставникот на граѓанска организација "ЈП „Комуналец" е тој кој ја загадува околината со исфрлање на отпадот на несоодветни места.

Од горенаведеното се чини дека локалната власт се уште нема долгорочна стратегија со која би се решил проблемот, вклучително и воведување систем за рециклирање. Комуналните претпријатија моментално се приморани да го собираат отпадот во депонии кои потоа се палат, што само по себе предизвикува и неколку други проблеми (како на пример аерозагадување) за кои ќе разговараме подолу.

## НИЗОК КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ

Сето ова не води кон третиот проблем, а тоа е намалениот квалитет на воздухот.

Во последните неколку години градот Кичево се искачи доста високо на листата на градови со најзагаден воздух, не само во нашата држава, туку и на светско ниво.

Иако местоположбата на градот и надморската висина би требало да овозможат квалитетен воздух, прикажаната состојба подолу го покажува спротивното.

| PM10 / µg/m3 | Кичево |
|---|---|
| Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје | 50 |
| Колку денови е надмината 24h гр. вредност во тековниот месец | 28 |
| Колку денови е надмината 24h гр. вредност во 2020 | 28 |

*Јануари 2020* [33]

| PM10 / µg/m3 | Кичево |
|---|---|
| Гранична 24h вредност за заштита на човековото здравје | 50 |
| Колку денови е надмината 24h гр. вредност во тековниот месец | 21 |
| Колку денови е надмината 24h гр. вредност во 2021 | 21 |

*Јануари 2021* [34]

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јан | 142.2 | 214.3 | 116.5 | 115.0 | 73.5 | 132.3 |
| Фев | 107.6 | 125.6 | 68.5 | 87.2 | 57.0 | 89.2 |
| Мар | 76.0 | 87.3 | 53.4 | 48.7 | 43.3 | 61.7 |
| Апр | 56.5 | 59.3 | 40.7 | 36.1 | 29.9 | 44.5 |
| Мај | 35.7 | 42.8 | 28.4 | 22.6 | 23.0 | 30.5 |
| Јун | 41.6 | 30.4 | 29.9 | 24.2 | 17.5 | 28.7 |
| Јул | 40.1 | 38.0 | 36.0 | 27.1 | 20.0 | 32.2 |
| Авг | 45.6 | 36.1 | 35.8 | 31.2 | 26.0 | 34.9 |
| Сеп | 40.2 | 33.9 | 40.9 | 20.4 | 22.7 | 31.6 |
| Окт | 65.3 | 49.0 | 51.6 | 34.7 | 38.4 | 47.8 |
| Ное | 127.9 | 83.2 | 90.3 | 63.7 | 65.5 | 86.1 |
| Дек | 136.5 | 152.3 | 137.1 | 61.8 | 90.5 | 115.6 |
| Просек | 76.3 | 79.3 | 60.8 | 47.7 | 42.3 | |

*Месечен пресек на концентрации на ПМ10, споредено по години* [35]

Постојат неколку причинители на аерозагадувањето во Општина Кичево.

Во 2020 година редовниот надзор на Државниот инспекторат за животна средина има укажано на низа пропусти во работењето на термоцентралата РЕК Осломеј која се наоѓа во близина на градот Кичево.

Утврдени се надминувања на граничните вредности за емисија на прашина, иако отпрашувањето се врши преку електростатски филтер.

Оваа термоелектрична централа моментално ги користи како основно гориво преостанатите количини од локалниот лигнит од рудникот Осломеј.

33 Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух: Месечен извештај Јануари 2020, стр.89. Достапно на: https://air.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/07/0204_202001VkupenIzvestaj.pdf. [Пристапено на 11.8.2021]
34 Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух: Месечен извештај Јануари 2021, стр.87. Достапно на: https://air.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/07/0204_202101VkupenIzvestaj.pdf. [Пристапено на 11.8.2021]
35 Јавно претпријатие за државни патишта, Модел на дисперзија на воздухот за Автопатот А2 Гостивар-Кичево, делницата Букојчани-Кичево, стр.8. Достапен на: https://bit.ly/3lRfNTs. [Пристапено на 11.8.2021]

*Мапа на населените места што ја дефинираат проектната област* [36]




Во насока на горенаведените забелешки од страна на Државниот инспекторат за животна средина, меѓу другото РЕК Осломеј ќе се задолжи емисиите на прашина да ги доведе во рамките на граничните вредности. Во 2015 година изработена е физибилити студија за модернизација на централата. Стандардите поврзани со заштитата на животната средина кои ќе бидат применети преку овој проект се актуелните вредности од европските регулативи, односно стандардите за емисиите на штетни гасови дефинирани во европската директива 2010/75/EU на индустриски емисии треба да се применува за модернизираната ТЕЦ Осломеј, а тоа значи SO2 концентрацијата на емисиите не треба да надмине 200 mg/Nm3, NOx концентрацијата на емисиите не треба да надмине 150 mg/Nm3 и Емисијата на честички е ограничена на 10 mg/Nm3[37]. Во планот за квалитет на воздух за период 2018 година за Општина Кичево, ги препознава депониите како клучен загадувач:

> ***Како основен загадувач во Општината беше (и се уште е) градската депонија за која што Општина Кичево најде времено решение за кој проблем изготвивме елаборат за времено депонирање на отпадот во копот на РЕК Осломеј. За одлагање на комуналниот отпад со механизација задолжено е јавното комунално претпријатие ЈП Комуналец Кичево. Собраниот отпад Ј.П. „Комуналец"- Кичево го носи во копот, кој е наменет за цврст комунален отпад, оддалечен 15 км од Кичево. Општината редовно спроведува акции за чистење на диви депонии. Ова решение ќе важи се до реализирање на проектот интегриран и самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски регион, а во кој Општина Кичево зема активно учество и е во подготовка на изградба т.е. поставување на претоварна станица во Општина Кичево***[38]**.**

36 Општина Кичево, План за вклучување на засегнатите страни ФЕ Осломеј 2. Достапно на: https://kicevo.gov.mk/mk/plani-i-angazhimit-te-paleve-te-interesuara-cf-oslomej-2/ [Пристапено на 11.8.2021]
37 Електрани на Северна Македонија, Модернизација на ТЕЦ Осломеј (2019). Достапно на: https://www.esm.com.mk/wp-content/uploads/2017/04/Modernizacija-na-OSLOMEJ_2019.pdf. [Пристапено на 11.8.2021]
38 Општина Кичево, План за квалитет на воздух за период 2018 година. Достапен на: http://sovet1.kicevo.gov.mk/3/11/Plan%20za%20kvaliteten%20vozduh.pdf . [Пристапено на 11.8.2021]

Според испитаниците во анкетата, друг клучен загадувач е начинот на греење на домаќинства, особено користењето на дрва и огрев. Направена е компаративна анализа на вкупните трошоци за греење на површина од 60 м2, која покажува дека при греење со инвертер клима уреди, едно домаќинство ќе го чини за 58% повеќе, со пелети за 122% повеќе, со нафта за 267% повеќе и со панел радијатори за 205% повеќе во однос на инвертер климите.

Друг загадувач кој се спомнува е сообраќајот. Во 2020 година, во Општина Кичево регистрирани се 11810 возила [39]. Во Општина Кичево секој трет граѓанин има регистрирано возило, за разлика од националниот просек каде секој четврт граѓанин има регистрирано возило[40].

Како дел од Оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти, која Јавното претпријатие за државни патишта ја подготви за изградба на Автопатот А2 Гостивар-Кичево, од кој дел е и делницата Букојчани-Кичево, направена е и анализа на моделот на дисперзија на воздухот за да се оцени влијанието на загадувачите на воздухот од градежните работи и сообраќајот по идниот автопат врз квалитетот на амбиентниот воздухот. Во анализата се заклучува дека согласно резултатите од моделирањето на дисперзијата на емисиите на PM10 во воздухот, прашината во воздухот за време на градежните активности може да придонесе кон повреда на стандардите за квалитет на животната средина[41].

Околу проблемот на аерозагадување, локалната власт веќе има преземено мерки за кои ќе зборуваме подоцна, но сепак постои простор за дополнителни акции и мерки кои би го убрзале решавањето на проблемот.



*РЕК Осломеј*[42]

## НЕПОСТОЕЊЕ НА УСЛОВИ ЗА АЛТЕРНАТИВЕН ТРАНСПОРТ

Во претходниот пасус спомнавме дека сообраќајот влијае негативно на квалитетот на воздухот, а сепак во Кичево не постои алтернативен јавен превоз. Всушност, во Кичево нема ниту една велосипедска патека. Според членот на Совет на Општина Кичево:

39 Државен завод за статистика, МакСтат База: Транспорт; Регистрирани возила; Регистрирани патни моторни и приклучни превозни средства, по општини, по години, број. Достапно на: https://bit.ly/37CBJta. [Пристапено на 11.8.2021]
40 Државен завод за статистика, МакСтат База: Пописи; Попис на население 2002 по општини; Вкупно население, домаќинства и станови во Република Македонија. Достапно на: https://bit.ly/3iELDk6. [Пристапено на 11.8.2021]
41 Јавно претпријатие за државни патишта, Модел на дисперзија на воздухот за Автопатот А2 Гостивар-Кичево, делницата Букојчани-Кичево, стр.8. Достапен на: https://bit.ly/3lRfNTs. [Пристапено на 11.8.2021]
42 РЕК Осломеј. Достапно на: https://kicevo.mk/wp-content/uploads/2014/11/rek-oslomej.jpg. [Пристапено на 11.8.2021]

> ***Имало обиди за градски јавен транспорт од типот на автобуска линија која би ги поврзувала селата со градот, но интересот бил мал и релативно брзо згаснувале тие обиди. За велосипедски патеки во Кичево, за жал, најверојатно ќе почекаме некои подобри времиња кога ќе се има повеќе визија за позитивниот ефект на велосипедизмот.***

Ова се должи воглавно на лошо испланираната транспортна и собраќајна мрежа, што потсвесно ги одвраќа луѓето од користење на еко-начини на транспорт како возење велосипед, електричен тротинет и слично.

## НЕЛЕГАЛНА И НЕСОВЕСНА СЕЧА

За крај, како важен проблем од областа на заштита на животната средина, би ја посочиле и нелегалната и несовесна сеча на шумите во околината на градот.

Во истражување спроведено од граѓанската организација Евротинк на тема „Форми и модели на организиран криминал во бесправната сеча", кичевскиот регион е лоциран како едно од осумте жешки жаришта на ваков тип на криминал.




*Кичево како едно од жешките жаришта за ваков тип на криминал* [43]

Според анализата:

> ***Со шумскиот фонд управува ЈПНШ, преку неговата подружница „Лопушник – Кичево", со шумска површина од 55340,88 ха. Во периодот од 2010 до 2019 година, подружницата „Лопушник – Кичево" поднесе вкупно 223 кривични пријави и 635 прекршочни пријави за бесправна сеча. Исто така, откриени се вкупно 72591 случаи на бесправна сеча од непознат сторител.***

43 Евротинк, Пустошење на нашата иднина: Форми и модели на организиран криминал во беспрaвната сеча во Република Северна Македонија" (2021). Достапно на: http://eu-rothink.mk/wp-content/uploads/2021/02/CIP-FINAL-Izvestaj-Drvokradci-%D0%9C%D0%9A.pdf . [Пристапено на 11.8.2021]

Меѓутоа, постојат сомнежи за корупција и овозможување бесправна сеча од страна на вработени во овие структури:

> ***Во јули 2018 година полицијата во Кичево поднесе обвинение против вработен за наводна злоупотреба на службената положба, причинувајќи материјална штета од приближно 4000 евра. Во февруари 2021, МВР поднесе кривична пријава против генералниот директор на ЈПНШ, директорот на подружницата „Лопушник" во Кичево, како и уште тројца вработени во подружницата, за наводна злоупотреба на службената положба. Тие беа обвинети дека овозможиле бесправна сеча во Кичевската Околина, предизвикувајќи финансиска штета на ЈП од околу 300.000 евра***[44]**.**

## МОЖНИ РЕШЕНИЈА НА НАВЕДЕНИТЕ ПРОБЛЕМИ

Според спроведената анкета можеме да заклучиме дека поголемиот дел од испитаниците се незадоволни од моменталната состојба во Кичево. Токму затоа преку различните инструменти ги прашавме и испитаниците за можните решенија на проблемите со кои се соочува градот. Во прилог е преглед на одредени решенија кои во најмала рака би ги ублажиле, ако не и комплетно санирале проблемите.

1. Проблемот со недостатокот на **зелени површини** е децениски проблем во Кичево, па не е ни чудно што анкетата покажува дека граѓаните сметаат дека заслужува најголемо внимание. Имено, градот поседува голем број на локации кои имаат потенцијал да станат мини-паркови, но тие локации се најчесто претворени во диви депонии, полни со отпад и смет. Потребно е градот да го зголеми соодносот на достапни јавни зелени површини за жителите за 100% и да го подобри степенот, квалитетот и разновидноста на зелените површини и другата зелена инфраструктура. Откако ќе уреди повеќе локации, важно е градот континуирано да предвидува финаисснски и човечки ресурси за одржување на локацијата. Секако, во иднина урбанистичкото планирање и градење, треба да ги земе во предвид потребите на граѓаните кои се однесуваат на зелени јавни површини.

   Последната акција на локалната власт, односно реновирањето на „Китино Кале", е добар пример. Иако проектот заслужува секаква пофалба затоа што укажува на тоа дека Општината е свесна за потребата од одржување на зелен јавен простор, сепак мора да се напомене дека не е доволно само да се реновира еден парк, туку тој треба и континуирано да се одржува.

2. Генерално, **дивите депонии** на краток рок може да се решат со нивна ре-локација. Меѓутоа, она што долгорочно би го решило проблемот е инвестирање во фабрика за рециклирање на отпад. Дополнително, Општината треба да развие систем за рециклирање и да размисли да ги награди граѓаните кои ќе се одлучат да го сортираат својот отпад.

44 Ibid, стр. 18-22.

3 Веќе спомнавме дека во последните неколку години Кичево се искачи прилично високо на листата на градови со **најзагаден воздух** за дишење во светски рамки. Мора да се напомене дека Општината веќе субвенционираше вградување на клима уреди во домаќинствата со цел да се намали бројот на жители кои се греат на дрва. Поради истата причина веќе имаше и субвенции за печки на пелети, но сепак проблемот продолжи да биде алармантен. Како решение на овој проблем, сметаме дека треба да се продолжи со субвенциите за клима уреди и што повеќе домаќинства да се префрлат на греење со електрична енергија. Исто така треба да има повеќе контрола во работењето на рудникот за јаглен "РЕК Осломеј" и да се инвестира во поефикасни филтри кои би го намалиле загадувањето.

4 Следен проблем на кој укажавме е немањето на **сообраќајна инфраструктура** која ќе овозможи алтернативен превоз. За да се реши наведениот проблем, сметаме дека треба да се почне со изградба на неколку велосипедски патеки, како и субвенции за купување на велосипеди. Исто така треба да се спроведат и кампањи кои би ја подигнале свеста на граѓаните за еко- начините на транспорт и би ги охрабриле да изберат велосипед наспроти нивните моторни возила.

5 И како последен проблем кој беше наведен е **незаконската сеча на шуми**. Едното решение е секако зголемување на ефикасноста на прогонот при сомнеж за сторени кривични дела, како и зголемување на казните за кривичните дела сторени против животната средина. Сепак овие мерки сами по себе не се доволни за да го решат проблемот во целост. Дел од учесниците на фокус групите предложија граѓаните преку акции организирани од локалните власти директно да се вклучат во процесот на пошумување на соголените предели, со што би се забрзала ревитализацијата на природата и загрозените еко- системи.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Како заклучок од горенаведеното, мора да напоменеме дека локалните власти веќе преземаат мерки за одреден дел од проблемите. Овој документ има намена дополнително да ги поттикне граѓаните, а и локалната власт да продолжат со проектите кои се за доброто на сите, како и да посочи на виновниците кои предизвикуваат незадоволство кај жителите. Исто така, идеата беше да се предложат и можни решенија на проблемите кои граѓаните сметаат дека се најалармантни. Конкретни препораки до локалната власт:

- Да се развијат и усвојат стратешки документи, во кои на краток, среден и долг рок ќе се утврдат приоритети и активности за заштита на животната средина. Па така, Општина Кичево итно треба да донесе локален акционен план за животна средина, план и програма за управување со отпад, нов план за квалитет на воздух, зелен катастар, стратегија, програма и план за зеленило итн.;
- Поголемо вклучување на граѓаните и граѓанските организации во креирање на стратешките приоритети, како и во евалуација на успехот;
- Да се зголеми бројот на вработени во одделението за животна средина и инспекциските служби;
- Да се зголемат годишните финансиски средства кои се одвојуваат за програми и активности од доменот на заштитата на животната средина;
- Да се поддржат активности кои имаат за цел да ја унапредат јавната еко-свест.

# БИБЛИОГРАФИЈА


- Влада, Националната стратегија за заштита на природата „Службен весник на Република Македонија" бр. 50/2018
- Државен завод за статистика, МакСтат База: Градежништво; Податоци за станови завршени просечни цени незавршени и урнати; Завршени станови според бројот на соби, по општини, по години. Достапно на: https://bit.ly/3xANnz7. [Пристапено на 11.8.2021]
- Државен завод за статистика, МакСтат База: Пописи; Попис на население 2002 по општини; Вкупно население, домаќинства и станови во Република Македонија. Достапно на: https://bit.ly/3iELDk6. [Пристапено на 11.8.2021]
- Државен завод за статистика, МакСтат База: Транспорт; Регистрирани возила; Регистрирани патни моторни и приклучни превозни средства, по општини, по години, број. Достапно на: https://bit.ly/37CBJta. [Пристапено на 11.8.2021]
- Евротинк, Пустошење на нашата иднина: Форми и модели на организиран криминал во бесправната сеча во Република Северна Македонија" (2021). Достапно на: http://eurothink.mk/wp-content/uploads/2021/02/CIP-FINAL-Izvestaj-Drvokradci-%D0%9C%D0%9A.pdf . [Пристапено на 11.8.2021]
- Електрани на Северна Македонија, Модернизација на ТЕЦ Осломеј (2019). Достапно на: https://www.esm.com.mk/wp-content/uploads/2017/04/Modernizacija-na-OSLOMEJ_2019.pdf. [Пристапено на 11.8.2021]
- Закон за локална самоуправа „Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002.
- Закон за животна средина „Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2005; 81/2005; 79/2006; 101/2006; 109/2006; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 161/2009; 1/2010; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 28/2018; 65/2018; 99/2018.
- Закон за квалитет на амбиентален воздух „Службен весник на Република Македонија" бр. 67/2004; 92/2007; 35/2010; 47/2011; 59/2012; 163/2013; 10/2015; 146/2015; 151/2021.
- Закон за управување со отпад „Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2004; 71/2004; 107/2007; 102/2008; 143/2008; 82/2009; 124/2010; 140/2010; 51/2011; 6/2012; 123/2012; 147/2013; 163/2013; 27/2014; 51/2015; 146/2015; 156/2015; 192/2015; 39/2016; 63/2016; 31/2020.
- Закон за урбано зеленило „Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018, 42/2020
- Intergovernmental Panel on Climate Change, 'Climate Change 2021: The Physical Science Basis' (2021). Достапно на: https://www.ipcc.ch/report/ar6/wg1/downloads/report/IPCC_AR6_WGI_SPM.pdf [Пристапено на 11.8.2021]
- Јавно претпријатие за државни патишта, Модел на дисперзија на воздухот за Автопатот А2 Гостивар-Кичево, делницата Букојчани-Кичево, стр.8. Достапен на: https://bit.ly/3lRfNTs. [Пристапено на 11.8.2021]

- Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух: Месечен извештај Јануари 2020, стр.89. Достапно на: https://air.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/07/0204_202001VkupenIzvestaj.pdf. [Пристапено на 11.8.2021]
- Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух: Месечен извештај Јануари 2021, стр.87. Достапно на: https://air.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/07/0204_202101VkupenIzvestaj.pdf. [Пристапено на 11.8.2021]
- Општина Кичево, План за вклучување на засегнатите страни ФЕ Осломеј 2. Достапно на: https://kicevo.gov.mk/mk/plani-i-angazhimit-te-paleve-te-interesuara-cf-oslomej-2/ [Пристапено на 11.8.2021]
- Радио МОФ, Низа пропусти во работењето на РЕК Осломеј утврди Државниот инспекторат за животна средина (2021). Достапно на: https://www.radiomof.mk/niza-propusti-vo-rabotenjeto-na-rek-oslomej-utvrdi-drzhavniot-inspektorat-za-zhivotna-sredina/ . [Пристапено на 11.8.2021]
- Совет на Општина Кичево, Буџет. Достапно на: https://kicevo.gov.mk/mk/buxheti-i-komunes-se-kercoves/ [Пристапено на 11.8.2021]
- Совет на Општина Кичево, План за квалитет на воздух за период 2018 година. Достапен на: http://sovet1.kicevo.gov.mk/3/11/Plan%20za%20kvaliteten%20vozduh.pdf . [Пристапено на 11.8.2021]

# МЛАДИТЕ ЗАЕДНО СИЛНИ

Политики за унапредување на младинските состојби во Штип

*- Дејан Димитриев*




МЛАДИТЕ
ЗАЕДНО
СИЛНИ

# РЕЗИМЕ

Голем број општествени теоретичари го разбираат општеството како пакт помеѓу нашите предци, нашите современици и сè уште неродените. Секој општествен процес несомнено минува низ повеќе генерации и притоа клучна алка во овој непишан договор се младите. Токму младите луѓе се авангардата на секоја општествена промена и нивната храброст и иницијативност го диктира напредокот на општеството.

Македонската држава во 2021, кога е пишуван овој текст, навршува триесет (30) години од својата независност. Проблемите и предизвиците со кои се соочуваше оставија трага и врз сегашните генерации на млади луѓе. Бурните децении на независноста придонесоа и за таканаречено предвремено созревање на многу млади луѓе, најмногу поради неповолната општествена клима.

Градот Штип и неговите жители ја споделуваат оваа „судбина" и притоа локалните креатори на политики и носители на одлуки до сега се без успех во креирањето и во спроведувањето на сеопфатна програмска понуда за унапредување на севкупната благосостојба на младите од градот.

Тргнувајќи од согледувањето дека Републиката и Градот повеќе не можат да си го дозволат „луксузот" на запоставување на човековиот капитал кој лежи во младите, се одлучивме да ја исцртаме првата посеопфатна младинска програма за Градот Штип која ќе им биде понудена на политичките субјекти што ќе земат учество на претстојните локални избори.

Иницијативата: „Младите заедно силни" во чии рамки е изготвен овој документ, има за цел да им даде глас на младите луѓе, особено за работите коишто се однесуваат за нив и за нивните потреби и права.

## КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

**Институционална поставеност**

Институционалната одговорност за младинските прашања ѝ припаѓа на Агенцијата за млади и спорт (АМС). Агенцијата во рамки на своите обврски е задолжена да изготвува акциски план врз чија основа ја заснова својата работа, а кој е во согласност со заложбите на централната власт по однос на ова прашање. Покрај ова тело, во правниот систем на нашата држава присутна е и позицијата советник за млади и младински политки при канцеларијата на Претседателот на Државата.

Во склоп на Собранието, постои и неформална пратеничка група, наречена парламентарен клуб за младински прашања и политики, која е составена од пратеници што доаѓаат од повеќето политички партии.

На локално ниво, младинските прашања и потребите на младите се институционализирани преку воспоставувањето на т.н. младински совети или совети на млади кои функционираат во рамки на локалната самоуправа преку кои се настојува да се овозможи поголема вклученост на младите луѓе во процесите на донесување одлуки на локално ниво.

**Нормативна рамка**

Нормативната рамка ги опфаќа сите формално правни документи кои се усвоени од страна на институциите на државата и ги вклучува следните документи:

- **Законот за младинско учество и младински политики (ЗМУМП);**
- **Националната стратегија за млади за 2016 - 2025;**
- **Стратешкиот план на агенција за млади и спорт за 2019 – 2021, како и**
- **Локалната стратегија за млади на Општина Штип.**

**Правна рамка за дејствување на локалната самоуправа во доменот на младински политики**

Според член 22 став 1 од Законот а локална самопупава (ЗЛС) општините имаат надлежности во: организирање јавни служби, урбанистичко и рурално планирање, заштита на животната средина, локалниот економски развој, комуналните работи, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита, образованието, како и детската заштита.

Оваа листа не е конечна и предвидена е можноста таа да се прошири и со други надлежности предвидени со закон како што е случајот со делегираната надлежност.

Во поглед на надлежноста во областа на образованието, општините се задолжени за работата на основните и средните училишта. Во градот Штип постојат 5 основни, 7 средни училишта и 1 универзитет. Фактот што Штип е студентски град со универзитет претставува одлична можност за соработка во областа на локалната младинска политика.

Особено значајно во овој домен се студентските собранија воспоставени со Законот за високо образование од 2018 - индивидуалните факултетски студентски собранија во рамки на факултетите и Универзитетското студентско собрание на Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип.

Надлежноста во однос на културата ги опфаќа активностите на институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво и.т.н.

Културата е особено значајна за градење на заедницата, а младите се значаен фактор за развој на локалната култура.

Во Општина Штип постојат неколку институции од овој тип. Тие се: Националната установа: „Универзитетска Библиотека Гоце Делчев"; Домот на млади; Уметничката галерија „Безистен"; Мултимедијалниот центар „Киро Глигоров"; Народниот театар, како и Националната установа: „Центар за култура Ацо Шопов"

Надлежноста во однос на спортот и рекреацијата ги опфаќа активностите за развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи и.т.н.

## Надлежности на Општината според Законот за младинско учество и младински политики

Освен Законот за локална самоуправа потребно е да се направи анализа на други закони кои даваат конкретни насоки за тип на активности коишто треба да ги спроведе општината во поглед на младинските политики. Во оваа смисла, релевантен е Законот за младинско учество и младински политики. Имено, глава 5 од Законот предвидува младинско учество на локално ниво преку формирање на локални младински совети кои имаат „советодавна и застапувачка улога во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје од делокругот на младински прашања и политики".

Поставеноста на овие младински совети е директно врзана за општинските совети каде тие имаат право да учествуваат во работата на советот за прашања кои ги засегаат младите. Локалниот младински совет се формира од страна на локалното собрание на млади каде членуваат преставници од младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Во однос на сервиси за млади законот предвидува основање на:

- **Канцеларија за млади;**
- **Младински центар;**
- **Службеник за млади.**

Во однос на имплементацијата на Законот во Општина Штип, може да забележеме дека општината има назначено лице која ја извршува функцијата службеник за млади. Во однос на воспоставување на локалното собрание на млади, локалниот младински совет и младинскиот центар според јавно достапните информации, општина Штип сè уште е во процес на формирање на овие структури.

Во однос на Општина Штип, треба да се забележи и дека локалната стратегија за млади не е јавно достапна. Во оваа смисла, последната јавно достапна локална стратегија за млади е донесена за периодот од 2011 до 2015 што му претходи на донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики.

## Финансирање и поддршка на локален граѓански сектор

Покрај институционалната поддршка општините имаат право финансиски да го поддржуваат локалниот граѓански сектор, односно оние организации кои спроведуваат проекти кои се од значење за општината.

Ставката 463 ги групира трансферите до невладини организации. Оваа буџетска линија овозможува општините да дадат поголема директна поддршка на граѓанскиот сектор за локални иницијативи. Сепак остварувањето на овие средства за некои општини се покажува проблематично, особено во делот на механизмот за аплицирање и добивање на средствата, како и транспарентноста на самата општина во однос на доделување на средствата. Така, според анализата на Центарот за граѓански комуникации за 2016 година, искористеноста на планираните средства од буџетската линија 463 е дури 80%, со тоа што Штип учествува со 12.611.000 денари.

Поблиска анализа на состојбата со трошењето на парите од буџетската линија 463 ни дава документот за јавна политика на Фондацијата за развој на локалната заедница (ФРЛЗ).

Во поглед на планирањето и остварувањето на средствата предвидени од страна на Општина Штип под оваа буџетка линија може да ја прикажеме овде:

*- БУЏЕТСКА ЛИНИЈА 463*

| ГОДИНА | БУЏЕТ | ЗАВРШНА СМЕТКА |
|---|---|---|
| **2018** | 16.300.000 ден | 14.936.905 ден |
| **2019** | 16.880.000 ден | 14.144.869 ден |
| **2020** | 400,000 ден | 42,222 ден |

Анализата на посебниот дел на завршната сметка на општината покажува дека спортот доминира во однос на добиените средства од буџетската линија 463. Така во 2018 за спорт се одвоени 12.922.370, а за култура 110,000 денари. Во 2019 година за култура се издвоени 25,000 денари, додека за спорт 13.912.650 денари. Во 2020, пак, и покрај почетокот на пандемијата, за спорт се издвоени 7.003.320, а за култура само 30,000 денари.

## ПРЕДЛОГ ПОЛИТИКИ И АКТИВНОСТИ

***Финансиска и кариерна поддршка за младите***

1. Мапирање на пооделните сектори од особен интерес за развој на локалната економија согласно стратешките приоритети на Општината;
2. Овозможување на поддршка за иновативни бизнис иницијативи од страна на млади лица во Штип, преку воспоставување на Бизнис инкубатор;
3. Градење на доверба преку воспоставување на независен мониторинг систем на општинската поддршка за градење на локални бизнис иницијативи, спроведено од страна на Локалниот совет на млади на Штип, во соработка со младинските граѓански организации што работат на територијата на градот.
4. Зголемување на можностите за вработување на млади преку соработка со надлежни институции и локални иницијативи.
   - **Формирање на регистар** на млади баратели на работа од занаетчиските дејности;
   - **Организирање на годишен Саем** за вработување и пракса во соработка со УГД и општинските средни училишта;
   - **Поддршка на локални иницијативи** од граѓанскиот сектор наменети за градење на капацитети и вештини преку кои може да се зголеми идниот професионален интерес на младите за областите од стратешко значење.

5 Креирање на интернет платформа за интеракција меѓу младите и локалната самоуправа.

*Подобрување на условите во средните училишта во Град Штип*

6 Проактивна координација на локалната самоуправа со Министерството за образование и наука (МОН) за воспоставување на нови паралелки во средните стручни училишта за професии кои се дефицитарни на пазарот на труд.

- **Потребата од стручно квалификуван кадар, особено во занаетчиството во градот е јасно видлива. Со цел да биде адресирана таквата потреба, потребно е локалната самоуправа да започне процес на проактивна координација со МОН со цел да биде временски решен таквиот проблем;**
- **Кампања за промоција на предностите од средното стручно образование.**

7 Зголемена поддршка за неформални ученички активности, со цел стекнување на проширено знаење и унапредени вештини.

- **Општина Штип преку Советот на млади и другите соодветни тела е потребно да се ангажираат во насока на зголемување на учеството на младите (средношколците, во случајот) во образовни активности од неформалното образование. Преку учеството на младите во активности од ваков карактер, се градат сериозни капацитети кај младите. Имено, тие стекнуваат т.н. меки вештини, кои за жал формалниот воспитно образовен систем не ги нуди.**

8 Мониторинг на работата на кариерните центри во средните училишта.

- **Од исклучителна важност е потребата да се обезбеди континуирана работа на кариерните центри во средните училишта, со цел да може учениците да добијат квалитетни совети;**
- **Во рамки на заложбата за подобрување на севкупната работа на кариерните центри, локалната самоуправа ќе организира и серија на обуки во соработка со локалниот граѓански сектор, со цел градење на капацитети за дадената област;**

9 Проценка на инфраструктурните капацитети на училишните објекти и координација со централната власт за нивно подобрување и унапредување.

- **Потребата од инфраструктурно подобрување на севкупната состојба на општинските средни училишта беше забележана од страна на сите граѓани коишто учествуваа во процесот на спроведување на истражувањето;**
- **Со подобрувањето на инфраструктурата во рамки на средните училишта ќе се подобрат севкупните капацитети на воспитно образовните установи за вршење на својата дејност, а ќе се подобри и севкупната благосостојба на младите.**

10 Програми за унапредување на вештините на наставниот кадар во градинките, основните и средните училишта.

- **Преку концепирање и организирање на програми за градење капацитети кај наставниците и професорите што се ангажирани во воспитно образовниот процес ќе се подобри квалитетот на наставата и воспитниот процес;**
- **Програмите за унапредување на техничките и методолошките вештини на наставниот кадар, ќе бидат организирани во соработка со МОН и релевантни граѓански организации како и локалниот Совет на млади.**

***Студирање во Штип или подалеку од дома - како да останат нашите млади во Штип***

11 Изготвување на студија за проценка на инфраструктурните капацитети на Универзитетот "Гоце Делчев";

12 Лобирање за реализацијата на наодите од студијата од страна на централната власт;

13 Реновирање на читалната во склоп НУ Библиотка "Гоце Делчев" Штип и проширување на работното време на 24 часа во сите денови од неделата;

14 Зголемена поддршка и промоција на работата на студентите на уметничките факултети при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип;

15 Медиумска кампања за промоција на Штип како мал, но атрактивен универзитетски град, со црпење на искуства од градови со слична позиционираност.

***Културен и забавен живот во Штип***

16 Отворање на кино;

17 Зголемена поддршка за организирање на летни музички фестивали и манифестации.

- **Организација на два нови музички фестивали во текот на летните месеци. Едниот би бил наменет за изведувачи на популарната музика, додека на вториот настан би присуствувале алтернативни и помалку афирмирани изведувачи.**

18 Структурна реорганизација на институцијата "Дом на млади", во младински културен центар;

- **Делувањето на "Домот на млади" во својство на младински културен центар ќе овозможи поефикасна имплементација на програмските цели и соодветен надзор.**

19 Уредување на јавниот простор во парк “Суитлак” и негова дополнителна адаптација за културно - забавни манифестации;

- **Паркот “Суитлак” како јавен простор нуди исклучителна можност за проширување на урбаниот живот надвор од главното градско јадро. Имено, преку доопремување на отворената сцена и поставување на нови просторни содржини младите ќе имаат простор за алтернативни настани и дружење.**

*Спорт и рекреација*

20 Изградба на спортско рекреативен центар;

21 Пуштање во употреба на градски базен;

22 Зголемена подршка за сите спортски клубови и локални репрезентации;

- **Диверзификација на финансирање кон спороторви кои досега не биле силно поддржани од општината.**

23 Инфраструктурно подобрување на пешачката патека долж коритото на река Брегалница;

24 Изготвување на студија за изработка на план за изградба на дополнителна инфраструктура со која би се подобриле условите за спрот и рекреација на отворено;

25 Зголемување на нивото на сообраќајна култура за рамноправен третман на велосипедистите како учесници во сообраќајот и подигнување на јавната свест за придобивките од секојдневното користење велосипед;

26 Реновирање на Градскиот стадион.

# БИБЛИОГРАФИЈА


- „Компаративна анализа: Местото на локални, национални младински политики во Европската Унија”, Н. Донев, 2021 година;
- „Правна анализа”, Н. Донев, 2021 година;
- Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник, 2020;
- Закон за локалната самоуправа, Службен весник, 2002;
- Борче Давитковски, Ана Павловска Данева, Административно право: прв дел (материјално право), 2018;
- Решение за одредување службеник за млади во Општина Штип, stip.gov.mk;
- Локална стратегија за млади на Општина Штип, Општина Штип, 2011-2015;
- Запознавање на општините со процесот на формирање и реструктурирање на локалните младински совети, stip.gov.mk;
- Анализа на резултатите од истражувањето на финансиските трансфери од општините до невладините организации во 2016 година, Центар за граѓански комуникации, 2017 https://civicamobilitas.mk;
- „Ставка 463: Каде се трошат средствата за невладините организации?” - Краток документ за јавни политики. Институт за демократија - социетар цивилис. 2017;
- „Како се трошат парите за граѓанските организации? Документ за јавна политика.” Фондација за развој на локална заедница. 2020;
- Годишна сметка на Буџетот на Општина Штип за 2018 година, stip.gov.mk;
- Годишна сметка на Буџетот на Општина Штип за 2019 година, stip.gov.mk;
- Годишна сметка на Буџетот на Општина Штип за 2020 година, stip.gov.mk.

# КАЛЕ - СРЦЕТО НА ГРАДОТ

Реставрација и афирмација на една од најголемите археолошки знаменитости

*- Дино Блажески*





# РЕЗИМЕ

Тетово, како еден од петте најголеми градови во Северна Македонија има туристички и културен потенцијал кој е недоволно искористен и недоволно заштитен од страна на институциите на централната и на локалната власт. Истовремено, овој град има потреба од постојани напори за подобрување на имиџот во домашната, но и во меѓународната јавност.

Во оваа смисла, целта на овој документ е да понуди можни алтернативни решенија со цел конечно отпочнување на процесите за конзервација, санација и афирмација на Тетовското кале кое претставува еден од најголемите културно-историски знаменитости на градот.

Во насока на остварување на таа цел, во продолжение следува осврт на историјата, особеностите и актуелната состојба на Калето, на правната рамка, на буџетските издвојувања и на соодветни компаративни искуства. На крајот, пак, на темелот на истакнатото, следуваат заклучни согледувања со кои ќе се даде конкретен придонес во насока на враќање на калето, како срце на градот во својот полн сјај, во функција на подобрување на вкупните животни прилики во Тетово, но и на целата држава.

## ПРОБЛЕМ- КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

На врвот на Тетово, како круна над градот гордо стои „Тетовското Кале". Сепак, оваа знаменитост, полека но сигурно тоне во заборавот од луѓето, времето и од надлежните институции. Ѕидините кои сведочат за вековната историја на оваа знаменитост во 21 век зјаат како руина и простор кој одвраќа.

*Актуелната состојва во која се наоѓа Тетовско кале*



***Краток историски осврт***

Тетовското кале се наоѓа на врвот на Балтепе, на надморска височина од 803 метри, со површина од 108.000 м2.

Оваа знаменитост се наоѓа на само два километри од центарот на Тетово. Содржината на оваа знаменитост е многу комплексна. Имено, внатрешниот дел има пет сараи, големи кујни, бањи, еден бунар на средина и три тунели за излез. Самиот локалитет, пак, има карактер на утврдена градска населба од доцноантичкото време и средниот век.

Тетовското кале заедно со „Шарената џамија“ и со „Арабати Баба Теќе“ се веројатно трите најзначајни историски знаменитости во градот под Шар Планина. Творец на овие историски бисери е Реџеп-Паша, кој владеел со овие краишта на крајот од XVIII и почетокот на XIX век.

Реџеп Паша, започнува да го гради Тетовското кале, наречено уште „Бал Тепе“, што во превод од турски јазик значи „меден врв“. Неговата доминантна и стратегиска положба била идеална за една ваква голема тврдина. Изградба на тврдината била довршена од Абдураман Паша син на Реџеп Паша.

Во однос на историјата на оваа знаменитост, исто така, најстарите остатоци од ѕидовите на тврдината се големите блокови кои потекнуваат од IV-III век пред нашата ера. Имено, се претпоставува дека врз темелите на овие ѕидови подоцна, во доцноантичкото време, биле подигнати нови ѕидови цврсто градени од кршен камен и малтер. На јужниот крај во градиштето, пак, откриени се голем број фрагменти од хеленистичкиот и од доцноантичкиот период.

***Актуелна состојба***

Културното наследство е наследство на физички артефакти и нематеријални атрибути на група или општество што е наследено од минатите генерации.

Намерниот чин на чување на културното и наследството од сегашноста во иднина е познат како презервација или конзервација, што ги промовираат културно-историските етнички музеи и културни центри, иако овие термини може да имаат поспецифично или техничко значење во истите контексти на другиот дијалект.

Археолошкиот локалитет Кале има статус на споменик на културата уште од 1953 година. Денес, овој објект е под надлежност на Националната установа „Музеј на Тетовскиот крај“ [45] .

Состојбата во која се наоѓа оваа знаменитост, сведочи за ниската заинтересираност на одговорните субјекти за обновување и реставрација на овој објект и негово претворање во атрактивна туристичка дестинација.
Долги години наназад жителите на Тетово кои прибежиштето од градскиот метеж и загадениот воздух го наоѓаат на врвот на Балтепе, активно се залагаат за негова реставрација. Меѓутоа, додека да стигнат до таму тие мора да го изодат патот кој е стар повеќе од триесетина години и кој за жал сè уште не е реновиран.



*Пристапните патеки до Калето се во лоша состојба*

45 Види: https://mk.wikipedia.org, јули 2021.

Во однос на самата знаменитост, пак, на 5 јуни 2012 година се урива бедемот на влезот на Тетовското Кале. Имено, заштитниот ѕид кој е стар повеќе од 200 години потклекнува пред негрижата. Денес, овие урнатини говорат за негрижата на институциите.

Според Општината Тетово, Калето е во целосна надлежност на Управата за заштита на културни споменици. Во оваа смисла, во 2014 година Националниот конзерваторски центар изработува проект за конзервација на надворешниот бедем на Калето за кој Министерството за култура одобрува соодветни средства. Сепак, обидите за конзервација продолжуваат до денес. Имено, во 2019 година Центарот за конзервација добил 1.050.000 денари средства кои биле искористени за конзервација на Калето, во 2020 година биле одвоени 363.947 денари, додека во 2020 година од градскиот музеј во Тетово ветуваат дека, конечно после толку години ќе се изврши осветлување на целиот објект и дека ќе се организира и чуварска служба.  До денес ниту едно од овие ветувања не е исполнето.

***Правен статус***

Во член 56 од Уставот на државата е пропишано дека сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита. Во оваа смисла, на темелот на уставните одредби, Законот за заштита на културното наследство определува дека културно наследство се материјални и нематеријални добра кои (...) се наоѓаат под правен режим во согласност со овој и друг закон. Според овој закон културното наследство претставува темелна вредност на државата што се заштитува во секакви околности при што заштитата на културното наследство е од јавен интерес и се остварува задолжително на целата територија на Северна Македонија. Во Законот за заштита на културното наследство се забранува оштетување, уништување, присвојување, прикривање, затајување и узурпација на културното наследство, отуѓување на државно културно наследство од особено значење, извоз на културно наследство од особено значење и реквирирање, репресија, напад и користење на културното наследство за воени цели.

Имајќи го предвид истакнатото, дваесет и четвртата глава од Кривичниот законик се однесува на кривичните дела против културното наследство и природните реткости и тоа: „оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости“, „изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости“, „отуѓување на културно наследство од особено значење во државна сопственост“, „внесување на противправно прибавени добра под привремена заштита, културно наследство и природни реткости“ и „неовластена трговија со добра под привремена заштита, културно наследство и природна реткост“, се дел од кривичните дела против културното наследство предвидени во Кривичниот законик. Сепак, наспроти уставните и законски одредби, сегашната состојба на Тетовското кале укажува дека  горенаведените правни одредби не се применуваат.

***Буџетска поддршка***

Во Стратешкиот план на Министерството за култура за 2019 - 2021 година, тетовското кале не е внесено како стратешки приоритет на државата. Во државниот Буџет за 2020 година, пак, за повеќе археолошки локалитети, вклучувајќи го тука и Тетовското кале се предвидени само 2.500.000 денари. Слична состојба има и за претходната 2019 година, кога во Буџетот на државата се предвидуваат едвај 3.000.000 денари.

Врз основа на споменатото, може да се заклучи дека државата издвојувала одредени средства за тетовското кале кои се сосема мали и кои не овозможуваат санација на овој објект и негово вклучување во туристичката понуда на градот и на земјата.

На интернет страната на Управата за заштита на културното наследство може да се види дека оваа институција работи и на проекти за реставрација на македонските калиња, меѓутоа во тие проекти не може да се види дека е вклучено и тетовското кале.

Во Буџетите на Општина Тетово, пак за 2019 и 2020 година, не може да се најдат ставки кои се однесуваат на тетовското кале.

Вкупно земено од сé погоре истакнатото во однос на финансиската поддршка, можеме да заклучиме дека Тетовското Кале и покрај лошата состојба во која се наоѓа сé уште не е приоритет на Владата, на нејзините институции, како и на самата локална самоуправа во Тетово.

## КОМПАРАТИВНА ПРАКСА

Наспроти Тетовското кале, компаративните искуства говорат за спротивното. Во оваа смисла, како референтен пример ќе ја спомeнеме тврдината „Царевец“ која се наоѓа во градот Велико Трново, во Бугарија.

Реставрацијата на оваа културна знаменитост започнала далечната 1930 година и истата траела 51 година. Така, денес потполно се реконструирани и обновени патот кој води до Тврдината, главниот влез на Тврдината, почетната кула, страничните ѕидини, останатите кули, како и црквата со впечатливите иконописи кои го отсликуваат раѓањето и гаснењето на второто бугарско царство. Во оваа смисла, веднаш под црквата се наоѓа царскиот дворец за кој археолошките истражувања покажуваат дека во минатото располагал со 470 куќи за живеење, куќи за аристократијата, просторија за прием на странки, 23 хареми и 4 градски манастири. Исто така се откриени и уникатни делови од облека ткаена со злато, златни украси од периодот на второто бугарско царство. Дополнително за потребите на туристите се направени и патокази и табли кои јасно ја посочуваат локацијата кадешто се наоѓа Тврдината. За разубавување на Тврдината и нејзино прераснување во уште поголема туристичка атракција, пак, реализиран е проект „Звук и Светлина“ кој на уникатен и магичен начин ја раскажува историјата на оваа Тврдина.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Стратешката позиција и пристапноста на Тетовското кале, можат да ја претворат оваа локација во една од најголемите туристички атракции во земјата. Исто така, географската положба и близината до Призренскиот замок овозможуваат реализирање на заеднички активности или размена на туристички активности, организирање планинарски активности и планинарења, јавање коњи и други активности кои дополнително би го промовирале планинскиот туризам со почетна точка на градското Кале. За подобрување на сегашната состојба се прпорачуваат следните постапки:

1. Да се реконструира патот кој води до Тетовското Кале;
2. Да се поставаат патокази на македонски, албански и англиски јазик кои ќе им помогнат на домашните и странски туристи полесно и побрзо да стасаат до Калето;
3. Да се поставаат табли на кои ќе биде испишана историјата за Тетовското Кале;
4. Да се одобрат значителни средства од државниот и од буџетот на Општина Тетово за да се направи реставрација на целосниот објект;
5. Да се размисли за искористување на странските фондови, а особено: т.н. „RCC- Tourism Development The EU funded Project“; т.н. „European green agenda for Western Balkan“; UNESCO – Фонд за светско наследство; т.н. „Stiftung SST, Schweizerische Stiftung für Solidarität im Tourismus“ од Швајцарската Конфедерација; т.н. „Regional Cooperation Council“; програмите за регионален развој на ИПА во Република Северна Македонија, како и програмата Европа за граѓаните;
6. Да се изработи сликовит приказ како во минатото изгледало денешното Тетовско Кале;
7. Да се обезбеди можност на Тетовското Кале да се организираат настани како што се: концерти; театарски претстави на отворено; кино проекции на отворено; фестивали; изложби на отворено; настани организирани од младите на Тетово и сл.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Казнено Право – посебен дел, Владо Камбовски, Никола Тупанчески, Петто, изменето и дополнето издание Скопје 2011;
- Лулјета Абази, „Thesari i Rexhep pashës", Тетово, Национална установа Музеј на тетовскиот крај, 2018;
- Др. А. Гризбах, "Reise durch Rumelien und nach Brussa im Jahre 1839" Готтинген, 1841;
- Закон за заштита на културно наследство на Република Северна Македонија;
- Кривичен Законик на Република Северна Македонија;
- Устав на Република Северна Македонија;
- Буџет на Република Македонија за 2019 година;
- Буџет на Република Северна Македонија за 2020 година;
- Буџети на Општина Тетово за 2019 година;
- Буџет на Општина Тетово за 2020 година;
- Тетовско кале — Википедија (wikipedia.org);
- Конзервација и реставрација на Тетовско кале – Балтепе, kultura.mk.

# КОН УРБАН МЛАДИНСКИ ЧАИР

## Скејт парк како решение за недоволно развиената урбана култура за млади во Општината Чаир

*- Егзон Гури*





# РЕЗИМЕ

На овогодинешните олимписките игри во Токио, тринаесет годишната Момији Нишија (Momiji Nishiya) од Јапонија го освои олимпиското злато во женска конкуренција во категоријата уличен скејтбординг [46]. Ова беше возможно затоа што од 2020 година скејбордингот, заедно со други три спортови, за првпат стануваат олимписки спортови[47].

Се проценува дека моментално има преку 85 милиони скејтери во глобални рамки, мнозинството од кои се под 18 години[48] и кои користат преку 5.000 скејт паркови[49]. Скејтборд индустријата е една од најбрзо растечките спортски индустрии и до 2025 година таа се очекува да достигне вредност до 2.4 милијарди долари[50].

Скејтбордингот се разликува од традиционалните спортови, по тоа што нема формални правила до кои мора да се придржувате или стандардизирана локација каде се одвива. Скејт можете да возите од било кој тротоар до специјално наменет скејт парк. Скјтбордингот е генерално индивидуален спорт кој бара креативност, иновација и вештина. Во поново време скејтбордингот добива и своја организирана форма, преку натпревари како X Games, Dew Tour или Street League Skateboarding (SLS) World Tour[51], а од скоро време е дел и од Летната Олимпијада.

Скејтбордингот ги има своите почетоци во 1950тите години, во јужна Калифорнија, а веќе во 1960тите започнува масовното производство и продажба на скејтборди. Следната декада скејбордингот доживува пораст на популарноста, иновација и диверзификација на техниката и стилот, па така од слалом и фристајл, се преминува на по-вертикален и по-агресивен стил на возење кој се практикува на рампи, цефки и во базени. Во 1980тите, повторно се менува стилот, културата и опфатот на овој спорт. Скејтбордингот се враќа на градските улици, и начинот на возење еволуира од “слободен”во “уличен стил”. Веќе во 1990тите, скејтбординг пазарот значително расте, а во 2000тите еден од клучните трендови е институционализацијата[52].

46 The Conversation (2021) From outlier to Olympic sport: How skateboarding made it to the Tokyo Games. [онлајн] Достапно на: https://theconversation.com/from-outlier-to-olympic-sport-how-skateboarding-made-it-to-the-tokyo-games-165152 [Пристапено на 9 Август 2021].
47 Vox (2021) How to become an Olympic sport. [онлајн] Достапно на: https://www.vox.com/22584397/tokyo-olympics-2020-new-sports-surfing-skateboarding-baseball-softball-karate-sport-climbing [Пристапено на 9 Август 2021].
48 Skatepark (2021) 52 Skateboarding Statistics & Facts | Updated 2021 | SkateboardersHQ. [онлајн] SkateboardersHQ. Достапно на: https://www.skateboardershq.com/skateboard-statistics-facts/ [Пристапено на 9 Август 2021].
49 SurferToday.com, (2021) The World Skatepark Map. [онлајн] Surfertoday. Достапно на: https://www.surfertoday.com/skatepark-map [Пристапено на 9 Август 2021].
50 Grandviewresearch.com (2021) Skateboard Market Size Worth $2.4 Billion By 2025 | CAGR: 3.1%. [онлајн] Достапно на: https://www.grandviewresearch.com/press-release/global-skateboardmarket [Пристапено на 9 Август 2021].
51 Red Bull (2021) 14 skateboarding competitions you should pay attention to. [онлајн] Достапно на: https://www.redbull.com/us-en/top-skateboarding-competitions [Пристапено на 9 Август 2021].
52 Beal, B. and Beal, R., (2013) Origins and Development of Skateboarding. Во: B. Beal, ed., Skateboard-

Во минатото скејтбордингот се сметал за алтернативен спорт, со значителна субкултура која се базира на бунтовност, преземање на ризици, анти-авторитаризам[53].

Според Beal & Beal (2013), "динамичниот соодност меѓу скејтбординг индустријата, младинскиот пазар, генералните економски услови и мејнстрим медиумското покритие, е причина за се поголемо прифаќање на скејтбордингот и скејтерите"[54].

## ОДНОС МЕЃУ СКЕЈТБОРДИНГОТ И ГРАДОТ

Веројатно нема друг спорт кој во поголема мера е дефиниран од градот, урбаната инфраструктура, архитектура и дизајн, од скејтбордингот. Скејтерите ги користат јавните простори, улици, плоштади, скали, рампи, огради, за изведување на најразлични трикови. Јавниот и урбан простор е нивниот природен хабитат и игралиште.  Меѓутоа во светот постои тренд на креирање на скејт паркови, како поорганизирана форма и како контраст на уличното возење на скејт[55].



*Скејтер на кеј во Скопје*



*Скејтер на плочник во Скопје*

## СКЕЈТБОРДИНГОТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скејт заедница во Северна Македонија постоела уште во 1980тите[56], а значајна популарност овој спорт доживува во текот на 2000тите. Моментално во Скопје има два скејт парка[57] и две памптраки[58], но локации кои често се посетени од скејтерите се кејот под Камениот мост, Пошта, споменик Гоце Делчев, плоштадот пред МНТ, ГТЦ, просторот под Железничка. Специјализирано место за скејтбординг на затворено сè уште нема во нашиот град.

53 Dinces, S., (2011) 'Flexible Opposition': Skateboarding Subcultures under the Rubric of Late Capitalism. The International Journal of the History of Sport, 28(11), pp.1512-1535.
53 Beal, B. and Beal, R., (2013) Introduction: Alternative and Mainstream. Во: B. Beal, ed., Skateboarding: The Ultimate Guide, p.3.
55 Johnny Agnew Production (2011) Skateboarding VS Architecture in Auckland City: A Study of Public Space and Materiality in Auckland City. [видео] Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=oy_ncfz9LlM [Пристапено на 9 Август 2021].
56 Радио МОФ (2017) [Галерија] Скејтерите пред Влада во 80-тите и 90-тите години. [онлајн] Достапно на: https://www.radiomof.mk/galerija-skejterite-pred-vlada-vo-80-tite-i-90-tite-godini/ [Пристапено на 9 Август 2021].
57 Радио МОФ (2014) Отворен е новиот скејт парк во Скопје. [онлајн] Достапно на: https://www.radiomof.mk/otvoren-noviot-skejt-park-vo-skopje/ [Пристапено на 9 Август 2021]; Вечер (2006) Скејтерите добија свое место под сонце - Вечер. [онлајн] Достапен на: https://bit.ly/37sKO7I [Пристапено на 9 Август 2021].
58 Радио МОФ (2020) Во Градскиот парк отворен втор „памптрак" велодром. [онлајн] Достапно на: https://www.radiomof.mk/vo-gradskiot-park-otvoren-vtor-pamptrak-velodrom/ [Пристапено на 9 Август 2021].



*Скејт парк во Општина*



*Скејт парк на кеј*

## ПРОБЛЕМ И ВАЖНОСТ: СТАВОВИ НА МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА ЧАИР ЗА УРБАНАТА КУЛТУРА

Клучниот проблем кој го разгледуваме во овој документ за јавни политики е недоволно развиената урбана култура за млади во Општината Чаир и како изградба на скејтборд инфраструктура може да помогне во надминување на овој проблем.

Во однос на Општина Чаир, вкупниот број на население според пописот во 2002 година е 64.773 жители, кое живее на територија од 3,52 км2, што ја прави Општината можеби и најгусто населена Општина во Европа. Општина Чаир е Општина со висок наталитет и природен прираст. Во однос на возрасната структура на населението, млади на возраст од 15 до 29 години има 15.624 или 24% од вкупното население во Општината.

Имајќи го ова предвид,  подготвивме прашалник за млади од Општината, за кој беше употребен пригоден и волонтерски метод за мобилизирање на испитаници. Прашалникот беше достапен преку социјалните мрежи во период од 18.06.2021 до 23.06.2021.

Учество земаа 65 испитаници, од кои 70% машки и 27% женски, 80% на возраст од 15 до 25 години, а 60% се со високо образование. 75% од испитаниците живеат во Општина Чаир. Според резултатите, може да заклучиме дека младите од Чаир своето слободно време го поминуваат на различни начини. Иако недостигаат места за забава и култура, сепак младите најмногу поминуваат време со пријателите (60%), спортување (46%), слушање музика (35%) и дружење со семејството (32%).  Повеќето од локалната младина се исто така љубители на различни спортови, па така значително време минуваат на спортските терени играјќи фудбал, кошарка, одбојка и слично.

Одговорот на испитаниците на прашањето дали има доволно јавен простор за практикување спорт и урбана култура во Општина Чаир, беше очекувано слаб, но и воопшто не беше пријатен. Повеќе од половина од нив одговорија дека воопшто нема јавен простор за практикување урбани спортови и култури, односно околу 74% од испитаниците одговориле на овој начин. Вреди да се спомене и дека околу 75% од младите одговорија дека недостатокот на културни и забавни простори е голем проблем во нашето општество.

## СКЕЈТ ПАРК КАКО РЕШЕНИЕ ЗА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНАТА УРБАНА КУЛТУРА ЗА МЛАДИ ВО ОПШТИНАТА ЧАИР

Според испитаниците недостатокот на простор за спорт и урбана култура е многу голем проблем и ова очигледно ги загрижува младите од нашата земја кои го изразија своето незадоволство во оваа анкета. Барањата на младите Чаирчани и[54] Чаирчанки се многубројни, но во најголем процент, тие сакаат изградба на скејт паркови (60%), да се организираат натпревари во урбани спортови на пример велосипедизам, скејтбординг, ролерблејдинг и сл. (48%), да се изградат игралишта за забава на децата (34%), како и настани и натпревари за традиционални спортови и музички настани (по 29%).
На прашањето дали изградба на скејтпарк во Општина Чаир би било од корист за младите во Чаир,  околу 64% од испитаниците одговорија дека скејтпаркот би бил од огромна корист. Исто така интересот на младите во Чаир за урбаната култура, урбаните спортови и скејт паркот се гледа и во одговор на прашањето што би сакале Општината да направи за да ја збогати културно-забавната содржина за младите, каде 58% од испитаници одговорија „да изгради скејтпарк“.

## ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ ЗА ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ ПАРК ВО ОПШТИНА ЧАИР И ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

Според проценките на The International Association of Skateboard Companies, Skaters for Public Skateparks и Tony Hawk Foundation, во САД цената за изградба на скејт парк се движи отприлика по 45 долари за 1 ft2 (или 0.09 m2).  Тоа значи дека за скејтпарк со големина од 3000 ft2, трошокот би бил 135.000 долари, за 8.000 ft2 трошокот се проценува на $360,000 (за населба од 25.000 жители) и за 16.000 ft2, трошокот би бил 720.00 долари (доволно за цела Општина)[59].

За изградба на скејт паркот на кеј кој е со големина 15 на 50 метри (или 8073 ft2)[60], во 2014 година градот Скопје потрошил 4.998.480 денари[61]. Можеме да заклучиме дека се потрошени околу 619 денари за 1ft2, односно околу 12 долари, што е значително пониска од проценката во САД. Општина Карпош во 2006 година проценила дека ќе биде потребна слична сума за изградба на скејт паркот во таа Општина, односно околу 4 милиони денари[62]. Стандардни трошоци при изграба на скејтпарк вклучуваат откуп на приватно земјиште или користење на јавна површина, изградба на пат, ограда, клупи, осветлување, одвод[63] и најголемата ставка дизајн и изведба на структурите и елементите за возење на скејт како: banks, quarters, funboxes, Grindboxes, Rails, Miniramps и сл[64].

59  Слична сума е наведена и од Peter Whitley, цитиран во Poirier, D., (2008) Skate Parks: A Guide for Landscape Architects and Planners. Master. Kansas State University, стр.9. Достапна на: https://core.ac.uk/download/pdf/5165001.pdf. [Пристапено на 9 Август 2021].
60  Град Скопје (2015) За Скопје: Отчет за 2014 година. Достапно на:  https://skopje.gov.mk/media/3670/grad-skopje-izdanie-april-2015.pdf. [Пристапено на 9 Август 2021].
61  Град Скопје (2015) Годишен Извештај на град Скопје за 2014 година. Достапно на: https://bit.ly/3s35blr [Пристапено на 9 Август 2021].
62  Вечер (2006) Скејтерите добија свое место под сонце - Вечер. [онлајн] Достапно на: https://bit.ly/37sKO7I [Пристапено на 9 Август 2021].
63  Publicskateparkguide.org. n.d. Factors of Skatepark Design – Public Skatepark Development Guide. [онлајн]Достапно на: https://publicskateparkguide.org/design-and-construction/factors-of-skatepark-design/ [Пристапено на 9 Август 2021].
64  techramps.com.n.d. Building skatepark and design skateparks. [онлајн]Достапно на: https://www.techramps.com/en/skatepark-designs,ii/exemplary-skatepark-elements,iba [Пристапено на 9 Август 2021].

Дополнителен трошок кој треба да се земе предвид е трошокот за одржување на просторот, кога еднаш ќе биде изграден.

За крај, прашање кое треба да се има предвид е дали постои можност за изградба на затворен скејт парк, кој ќе може да се посетува преку цела година, а не само кога временските услови дозволуваат. Оваа одлука значително би влијаела врз конечната цена.

*Пример за скејт парк*



## ПОТРЕБА ОД ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ПРИ ПРОЕКТИРАЊЕ

При одлучување за просторот на кој ќе се гради скејт парк како и при проектирање на техничкото решение, потребно е стручниот тим да има разбирање за спортот, но и навремено да ја консултира скејт заедницата во процесот.

Во 2014 година при изградба на скејт паркот од страна на град Скопје, овој принцип на инклузивност не беше испочитуван, па скејт заедницата реагираше:

> ***Од [Скејтборд Асоцијацијата на Македонија] објаснуваат дека добар скејт парк мора да биде изведуван од фирма која ги исполнува сите европски стандарди за безбедност и да има лиценца за легално градење на скејт паркови поддржана од светски скејт организации. Велат оти се загрижени дека парите ќе се потрошат за нефункционален скејт парк, кој ќе биде неупотреблив како и паркот во Карпош изграден пред неколку години[65].***

65 Радио МОФ (2014) Ќе добие ли Скопје функционален скејт парк? [онлајн] Достапно на: https://www.radiomof.mk/ke-dobie-li-skopje-funktsionalen-skejt-park/ [Пристапено на 9 Август 2021].

## ПРЕПОРАКИ

Владата и локалните власти, во случајов Општина Чаир, треба:

1. Внимателно да го слушаат гласот на младите луѓе кои јасно повикуваат за повеќе културни и рекреативни простори;
2. Да бидат свесни дека се менуваат потребите на младите, па така освен традиционалните спортови, потребно е поддршка и развој на алтернативните спортови кои стануваат се попопуларни кај оваа целна група;
3. Да инвестираат во модерен скејт парк на територија на Општина Чаир, чиј дизајн ќе биде направен во консултација со скејт заедницата, и за кој освен средства за изградба, ќе бидат овозможени средства и за тековно одржување;
4. Да не го стигматизираат или осудуваат уличното возење на скејт, кое е комплементарно со возењето во рамки на скејт парк.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Beal, B. and Beal, R. (2013) Skateboarding: The Ultimate Guide.
- Dinces, S. 2011. 'Flexible Opposition': Skateboarding Subcultures under the Rubric of Late Capitalism. The International Journal of the History of Sport, 28(11), pp.1512-1535.
- Grandviewresearch.com (2021) Skateboard Market Size Worth $2.4 Billion By 2025 | CAGR: 3.1%. [онлајн] Достапно на: https://www.grandviewresearch.com/press-release/global-skateboardmarket [Пристапено на 9 Август 2021].
- Johnny Agnew Production (2011) Skateboarding VS Architecture in Auckland City: A Study of Public Space and Materiality in Auckland City. [видео] Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=oy_ncfz9LlM [Пристапено на 9 Август 2021].
- Poirier, D. (2008) Skate Parks: A Guide for Landscape Architects and Planners. Master. Kansas State University, стр.9. Достапна на: https://core.ac.uk/download/pdf/5165001.pdf. [Пристапено на 9 Август 2021].
- Publicskateparkguide.org n.d. Factors of Skatepark Design – Public Skatepark Development Guide. [онлајн] Достапно на: https://publicskateparkguide.org/design-and-construction/factors-of-skatepark-design/ [Пристапено на 9 Август 2021].
- Red Bull (2021) 14 skateboarding competitions you should pay attention to. [онлајн] Достапно на: https://www.redbull.com/us-en/top-skateboarding-competitions [Пристапено на 9 Август 2021].
- Skatepark (2021) 52 Skateboarding Statistics & Facts | Updated 2021 | SkateboardersHQ. [онлајн] SkateboardersHQ. Достапно на: https://www.skateboardershq.com/skateboard-statistics-facts/ [Пристапено на 9 Август 2021].
- SurferToday.com (2021) The World Skatepark Map. [онлајн] Surfertoday. Достапно на: https://www.surfertoday.com/skatepark-map [Пристапено на 9 Август 2021].
- Techramps.com.n.d. Building skatepark and design skateparks. [онлајн] Достапно на: https://www.techramps.com/en/skatepark-designs,ii/exemplary-skatepark-elements,iba [Пристапено на 9 Август 2021].

- The Conversation (2021) From outlier to Olympic sport: How skateboarding made it to the Tokyo Games. [онлајн] Достапно на: https://theconversation.com/from-outlier-to-olympic-sport-how-skateboarding-made-it-to-the-tokyo-games-165152 [Пристапено на 9 Август 2021].
- Vox (2021) How to become an Olympic sport. [онлајн] Достапно на: https://www.vox.com/22584397/tokyo-olympics-2020-new-sports-surfing-skateboarding-baseball-softball-karate-sport-climbing [Пристапено на 9 Август 2021].
- Град Скопје (2015) Годишен Извештај на град Скопје за 2014 година. Достапно на: https://bit.ly/3s35blr [Пристапено на 9 Август 2021].
- Град Скопје (2015) За Скопје: Отчет за 2014 година. Достапно на: https://skopje.gov.mk/media/3670/grad-skopje-izdanie-april-2015.pdf. [Пристапено на 9 Август 2021].
- Радио МОФ (2017) [Галерија] Скејтерите пред Влада во 80-тите и 90-тите години. [онлајн] Достапно на: https://www.radiomof.mk/galerija-skejterite-pred-vlada-vo-80-tite-i-90-tite-godini/ [Пристапено на 9 Август 2021].
- Радио МОФ (2020) Во Градскиот парк отворен втор „памптрак“ велодром. [онлајн] Достапно на: https://www.radiomof.mk/vo-gradskiot-park-otvoren-vtor-pamptrak-velodrom/ [Пристапено на 9 Август 2021].
- Радио МОФ (2014) Отворен е новиот скејт парк во Скопје. [онлајн] Достапно на: https://www.radiomof.mk/otvoren-noviot-skejt-park-vo-skopje/ [Пристапено на 9 Август 2021].
- Радио МОФ (2014) Ќе добие ли Скопје функционален скејт парк? [онлајн] Достапно на: https://www.radiomof.mk/ke-dobie-li-skopje-funktsionalen-skejt-park/ [Пристапено на 9 Август 2021].
- МКД.мк (2014) Отворен новиот скејт-парк на кејот на Вардар (ФОТОГАЛЕРИЈА). [онлајн] Достапно на: https://www.mkd.mk/makedonija/skopje/otvoren-noviot-skejt-park-na-kejot-na-vardar-fotogalerija#1 [Пристапено на 9 Август 2021].
- Вечер (2006) Скејтерите добија свое место под сонце - Вечер. [онлајн] Достапно на: https://bit.ly/37sKO7I [Пристапено на 9 Август 2021].

# ЛГБТ+ ИНКЛУЗИВЕН ГРАД СКОПЈЕ

Предлог мерки и политики

*- Евгенија Јанакиеска*





# РЕЗИМЕ

Дискриминацијата е појава која се јавува во рамки на секоја локална заедница, врз различни основи, преку различни облици и во области коишто се во надлежност и на централните и на локалните власти. Па така, ЛГБТ+ луѓето се многу почесто изложени на различни форми на насилства мотивирани од омраза и генерално живеат опркужени со стигма, дискриминација и насилство од омраза. Самиот термин ЛГБТ+ е кратенка за лезбијки, геј-мажи, бисексуални лица и трансродни лица, додека посебниот знак "+" е додавка за сите оние сексуални и родови идентитети кои отстапуваат од хетеронормативата, а не се опфатени со четирите поими.

Младите ЛГБТ+ луѓе се цел на силеџиство, дури и физичко насилство од своите врсници, а при „излегувањето од плакарот" (соопштувањето на семејството и околината дека се, на пример, геј, лезбијка или транс), тие се многу често жртви и на семејно насилство. За македонските граѓани хомосексуалците се една од најмалку прифатливите групи сограѓани (31,7%)[66]. Дискриминација на работното место претрпеле 36,8% од ЛГБТ+ луѓето, 39% доживеале дискриминација при користење на правата од социјалната заштита, а 30,77% претрпеле дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет при пријавување на случаи во полициска станица[67]. Податоците велат дека дека 96,6%[68] од ЛГБТ+ лицата се соочиле со некако вид на дискриминација, а 76,6% од нив биле дискриминирани врз основа на сексуалната ориентација. Ваквите податоци придонесуваат лицата со ЛГБТ+ определба да бидат поизложени на ризик да бидат отпуштени од работа, да им се одбие домување или јавна услуга од институциите или да бидат исфрлени од ресторан или канцеларија само поради нивната определба. Во оваа насока, во нашата земја постојат политики за спречување на дискриминацијата на централно ниво, но на локално ниво не постојат структурни документи ниту механизми за подобрување на положбата на ЛГБТ+ популацијата.

Општината, како заедница на локално ниво во кое младите живеат и секојдневно се движат, треба да понуди системи за поддршка и советување на ЛГБТ+ лицата, помош на родителите на млади кои се ЛГБТ+ и програми преку кои тие ќе се зајакнат и ќе им помогнат да живеат самостојно. Локалната заедница треба да понуди безбедна околина која ќе промовира недискриминација.

Па така, главното решение кое го предлага овој документ по примерот на европските ЛГБТ+ пријателски градови е воведување на локален план за подобрување на животните услови на ЛГБТ+ популацијата. Во моментов ниту еден локален план не ја опфаќа директно ЛГБТ+ популација што дополнително ја зајакнува потребата од истиот.

66 Политичката култура, идентитетите и граѓанското општество, ФООМ, 2017 (во ракопис)
67 Анализа на проблемите и потребите на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија во областа на социјалната заштита, правните услуги и полициското постапување. Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка,
68 Истражување за искуствата и знаењата за спречување и заштита од дискриминација на ранливите групи на граѓани, Институт за човекови права, 2019, стр. 64

Ваквиот план би требало да содржи серија на активности наменети за услуги, поддршка за ЛГБТ+ популацијата, но и зголемена едукација на населението за прифаќање на истата.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

### Што е ЛГБТ+?

Кратенката ЛГБТ опфаќа мноштво групи: лезбијки, геј-мажи, бисексуални лица и трансродни лица[69] и како таква се користи од почетокот на 90-тите години како еден сеопфатен термин за сексуален и родов идентитет.

Низ текот на годините кратенката претрпува измени и кон оваа кратенка подоцна се приклучени и други идентитети: ЛГБТ-ТИКА (Т - трансродни, Т - транссексуални, И– интерсексуални, К- квир, А- асексуални лица). Меѓутоа поради размислувањата за исклученоста и за додавање нови идентитети, денеска се користи кратенката ЛГБТ+, и притоа со неа се опфатени сите оние сексуални и родови идентитети кои отстапуваат од хетеронормативата. Кратенката (ЛГБТ+) во суштина опфаќа два концепта и тоа: сексуалната ориентација која се карактеризира со емотивна, романтична и сексуална привлечност во однос на лица од одреден пол. Родовиот идентитет (начинот на кој се доживуваме себеси) најчесто се поистоветува со полот[70]. Трансродноста е нешто посложен поим, затоа што не се однесува на сексуалната привлечност, туку на родовиот идентитет.

ЛГБТ+ луѓето се маргинализирана група, која е дискриминирана од општеството (институциите, сограѓаните...), која се соочува со ризик од сиромаштија, непристапност до основните јавни услуги, како: здравстена заштита, полициска заштита, еднаков третман и препознавање на идентититот. Податоците велат дека дека 96,6%[71] од ЛГБТ+ лицата се соочиле со некако вид на дискриминација, а 76,6% од нив биле дискриминирани врз основа на сексуалната ориентација. Поконкретно, ЛГБТ+-лицата најчесто доживуваат дискриминација на работното место, односно 66,6% биле дискриминирани на работното место, 40% биле дискриминирани во правосудството и управните органи и во пристапот до добра и услуги. Значајни 43,3% биле дискриминирани во образованието, науката и спортот[72].

Иако законската рамка согласно Законот за спречување на дискриминација е сеопфатна и јасна, голем дел од овие проблеми со кои се соочува ЛГБТ+ заедницата се должат на непостоење на соодветни механизми на локално ниво преку кои тие ќе можат да ги остварат правата кои им припаѓаат .

69 Целосен поимник за терминот е достапен на следник линк http://lgbti.mk/%D0%B-F%D0%BE%D0%B8%D0%BC%D0%BD%D0%B8%D0%BA/
70 Прирачник за младински работници и работнички “Подигнување на капацитетите за работа со ЛГБТ млади”, Субверзивен фронт, 2017, стр. 21
71 Истражување за искуствата и знаењата за спречување и заштита од дискриминација на ранливите групи на граѓани, Институт за човекови права, 2019, стр. 64
72 Ibid, стр.65

## ЗАШТИТАТА НА ПРАВАТА НА ЛГБТИ ИЗАЕДНИЦАТА

Во последните неколку години, во Република Северна Македонија направени се значителни исчекори во однос на оваа тема:

- **Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020** која се залага за унапредување на заштитата од дискриминација сторена против ЛГБТ + лицата, која создаде услови за носење на Закон за спречување и заштита од дискриминација.
- **Формирање на Интерпартиска парламентарна група за ЛГБТ+**
- **Носењето на Законот за заштита и спречување од дискриминација**, којшто ги воведува сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основ за обезбедување заштита од дискриминација и ја дефинира интерсекциската дискриминација.
- **Формирање на Комисијата за заштита и спречување од дискриминација**, која е самостоен и независен орган и има својство на правно лице. Составена е од седум члена кои ги избира и разрешува Собранието на Република Северна Македонија. Комисијата презема активности за промоција и заштита на еднаквоста, човековите права и недискриминацијата, дава мислења и препораки, го промовира приципот на еднаквост, правото на недискриминација и справувањето со сите форми на дискриминација преку зголемување на јавната свест, информирање и едукација[73] .
- **Спроведување на обуки против дискриминација и говор на омраза** за вработените во Министерство за труд и социјална политика (МТСП) и други државни органи.
- **Одржување на првата Парада на гордоста во 2019 година**, втората (која поради пандемијата Ковид-19 се одржа онлајн) и одржување на третата Парада на гордоста во јуни 2021 година.
- **Носење на новиот Закон за основно образование** кој вклучува сексуална ориентација и родов идентитет (СОРИ) и ја елиминира дискриминацијата по однос на СОРИ[74].
- **Изготвување на предлог закон за учебници и други наставни и дидактички материјали** во основно и средно образование[75]. Носењето на ваква регулатива би придонело за намалување на предрасудите и стереотипите во учебниците, што е една од потребите на законот и е нотирана во Извештајот за проценка на влијанието на регулатива за истиот.

73 Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 101 од 22.5.2019 година, достапен на -27,5-Zakon za zastita od diskriminacija.pdf (mtsp.gov.mk)
74 Царовска: Преку комбиниран модел на учебници, до етапна дигитализација и модернизација на образованието | Влада на Република Северна Македонија, достапно на - https://vlada.mk/node/24945
75 Предлог законот е сеуште во процедура на донесување. Истиот е достапен на следниот линк - https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=64178

## ГРАД СКОПЈЕ И ЛГБТ+

Иако најголемиот дел од ингеренциите во насока на заштита на правата на ЛГБТ+ заедницата се на централната власт, сепак локалната самоуправа игра важна улога. Без активното учество на Општините и Советите во насока на носење на мерки и политики на локално ниво и соработка со институциите на централно ниво, не може да се очекува вистински исчекор во градењето на одржливи решенија. Имено, соработката на локалната самоуправа со локалните полициски станици и училиштата под ингеренција на општините, како и спроведувањето на мерки и политики кои се во надлежност на локалната самоуправа се клучни за создавање на безбедна средина за ЛГБТ+ луѓето.

Локалните самоуправи можат и треба да носат Локална стратегија за заштита на маргинализираните групи во локалната заедница (вклучително и ЛГБТ+), да одвојуваат средства во насока на поддршка и промоција на културни и уметнички квир настани, да одвојуваат средства за формирање на безбедни куќи и центри за помош и поддршка на жртвите од ЛГБТ+ насилство, како и градење на капацитетите на службениците вработени во општините за етичко постапување и недискиминација во работата со ЛГБТ+ лицата. Во овој контекст, за потребите на овој документ беа реализирани фокус групи со претставници на ЛГБТ+ популацијата на територија на град Скопје. Најголемите предивизици за заштита од дискриминација на локално ниво се следниве:

- Нивоата на знаења и вештини за справување со дискриминација и говор на омраза кај вработените во единиците на локалната самоуправа се прилично ниски.
- Булинг во средните и основни училишта на територија на Град Скопје од кои средните се под директна ингеренција на Градот, додека пак основните училишта се под ингеренција на општините на територија на Град Скопје.
- Непостоење на локална стратегија или програма која ќе помогне да се намали стигмата врз оваа категорија на граѓани и ќе промовира поддршка, толеранција и прифаќање од страна на заедницата
- Неефикасна и неефективна заштита на ЛГБТ+ жртвите од насилство

Од друга страна, градот Скопје има преземено низа иницијативи во насока на подобрување на состојбата на ЛГБТ+ популацијата. Град Скопје во 2019-та има отстапено еден од своите деловни простори за целите на проектот „Комитет” - проект на Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) за поддршка на ЛГБТ+ луѓето во Скопје.

Преку меморандум за соработка на МКЦ со ХКЧП просторот во катната гаража Беко е место за одржување на средби, обуки, но и културна програма наменета за овие лица. Потоа, градот има потпишано меморандум со граѓанската организација „Заедно Посилни“ во 2019-та за имплементација на париската декларација за ставање крај на епидемијата на ХИВ со што презема меѓународни обврски да работи на прашањата кои најмногу ги засегаат здравствените аспекти на овие заедници.

И последно, Град Скопје помага со финансии и други ресурси на разни иницијативи кои работат во поддршка на ЛГБТ+ луѓето во Скопје, како проектите за сексуално и репродуктивно здравје кои ги спроведува граѓанската организација ХЕРА, како и низа проекти и културни настани кои се финансираат преку конкурсот за култура што се распишува секоја година од страна на градот[76].

## АЛТЕРНАТИВИ И РЕШЕНИЈА

Врз основа на веќе спомenатите предизвици и наоди за ситуацијата во која се наоѓа ЛГБТ+ популацијата, поддршката на ЛГБТ+ лицата треба да се движи во насока на обезбедување на поголема сигурност во јавните простори, поддршка на веќе воспоставените механизми од страна на организациите за заштита на ЛГБТ+ жртвите од насилство, како и соработка со полициски станици на територија на локалната самоуправа за етичко постапување со жртвите, избегнување на двојна виктимизација и ефективна и ефикасна заштита од насилство и превенција.

Пред се потребен е систематски пристап кон ова прашање кое на долг рок ќе ја подобри ситуацијата на ЛГБТ+ популацијата на локално ниво. Па така, најадекватно е креирање на решенија по примерот на европските ЛГБТ+ пријателски градови, односно воведување на локален план за подобрување на животните услови на ЛГБТ+ популацијата.

Како **прв дел од планот** треба да се опфати сензибилизација на вработените за прашањата поврзани со квир луѓето и прифаќање на потребите на ЛГБТ+ заедницата како релевантни. Вработените во различните сектори на локалната самоуправа во Град Скопје и во скопските општини задолжително да учествуваат на обуки за справување со дискриминација и говор на омраза, како и зајакната комуникација со службите на Град Скопје (и останатите општини на територија на Република Северна Македонија).

Понатаму, **потребна е зголемена финансиска поддршка за сервиси за жртви од насилство базирано на СОРИ**. Ваквата поддршка би опфаќала финансирање на веќе постоечката инфраструктура на шелтери и советодавни простории на организациите коишто работат со маргинализирани групи. На овој начин, организациите нема да трошат енергија на барање средства за одржување, туку ќе се фокусираат на нудење поддршка на корисниците на нивните услуги, а истовремено се обезбедува трајно решение на функционирањето на шелтер центрите.

Иста така, важно е да се промовира еднаквоста, недискриминацијата и прифаќањето на квир луѓето на локално ниво и тоа може да се направи преку спроведување на кампањи кои промовираат еднаквост и вредности коишто се инклузивни за сите групи, и да се овозможи поголема поддршка на квир културни и уметнички настани (особено финансиска).

Во однос на образованието, **важно е да постојат програми кои ќе зборуваат за постоењето на различностите и кампањи во училиштата кои ќе промовираат недискриминација и ненасилно однесување.**

76 Податоците се добиени преку длабинско интервју со претставник на Град Скопје направено електронски во јули 2021

За конкретен резултат во училиштата, покрај програмите, потребна е засилена соработка со стручните служби од училиштата и центрите за социјална работа кои ја имаат клучната улога во забележување на насилството и реакција по истото. Брзата реакција од страна на вработените во училиштата и центрите за социјална работа, нема да дозволат продолжување на насилството, или прикривање на истото од родителите кои се можеби засрамени од различноста на своето дете, или во случаи кога детето е жртва на насилство во домот поради претпоставена различна сексуална ориентација или родов идентитет од страна на родителите. Важно е да се напомене дека само средните училишта на територија на Град Скопје се под негова ингеренција.

Дополнително, градот Скопје како главен град треба да биде носител на промените во подобрување на положбата на ЛГБТ+ популацијата, при што може да стане член на мрежата на градови на виножитото (Rainbow City Network)[77] која што е мрежа на преку 30 градови кои поттикнуваа и разменуваат искуства за социјална инклузија.

## ПРЕПОРАКИ

За реализирање на горeспоменатата алтернатива пред се потребна е политичка волја и храброст кај носителите на одлуки на локално ниво. Тука исто треба да се имаат предвид и конзервативната средина и ставовите на граѓаните кон ЛГБТ+ популацијата.

Сепак за воведување на конкретни политики и мерки на локално ниво потребно е да се направи широк консултативен процес со граѓански здруженија и организации кои работат со маргинализираните заедници, вклучително и ЛГБТ+.

По консултативниот процес, инициран од страна на Градоначалникот на Град Скопје, треба да се подготви акциски план со дефинирани идни чекори во насока на реализирање на алтернативните решенија на локално ниво како трајни механизми кои ќе понудат поддршка, ефективна и ефикасна заштита, простори за развој на квир културата на локално ниво, безбедни зони и изнаоѓање на оптимален модел за континуирано и одржливо функционирање на таквите локални механизми, кои ќе изградат безбедна средина за ЛГБТ+ лицата во нивната локална заедница.

77 Повеќе информации достапни на следниот линк - https://www.rainbowcities.com/about-us/

# БИБЛИОГРАФИЈА


### Закони

- Закон за спречување и заштита од дискриминација, Службен весник на РСМ, бр. 258 од 30.10.2020 година

### Публикации и истражувања

- Истражување за искуствата и знаењата за спречување и заштита од дискриминација на ранливите групи на граѓани, Татијана Темелкоска Наташа Бошкова, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, 2019
- Прирачник за младински работници и работнички “Подигнување на капацитетите за работа со ЛГБТ млади”, Субверзивен фронт, 2017
- Политичката култура, идентитетите и граѓанското општество, ФООМ, 2017 (во ракопис)
- Анализа на проблемите и потребите на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија во областа на социјалната заштита, правните услуги и полициското постапување. Хелсиншки Комитет за човекови права на Република Македонија – ЛГБТИ Центар за поддршка
- Длабинско интервју спроведено со претставник на Град Скопје по електронски пат
- Длабинско интервју спроведено со ЛГБТ+ лице спроведено по електронски пат
- Две фокус групи со ЛГБТ+ лица и претставници на граѓански организации и здруженија.

### Веб-страни и линкови

- https://www.rainbowcities.com/about-us/
- Царовска: Преку комбиниран модел на учебници, до етапна дигитализација и
- модернизација на образованието | Влада на Република Северна Македонија
- (vlada.mk)
- 27,5-Zakon za zastita od diskriminacija.pdf (mtsp.gov.mk)

# КУЧИЊА СКИТНИЦИ

Од површни до одржливи решенија во Општина Прилеп

*- Евгенија Маркоска*





# РЕЗИМЕ

Кучињата скитници претставуваат се поголем проблем во урбаните заедници, а со самото тоа и во градовите. Исклучок не е ниту Општина Прилеп, како еден од поголемите градови во нашата земја.

Во моментов, Општината не располага со податоци за бројот на кучињата скитници, ниту пак постои структурно решение за овој проблем. Според истражувањата кои ги спроведовме за потребите на овој документ 92% од граѓаните сметаат дека Општина Прилеп се соочува со голем број на бездомни животни и тој број секојдневно расте. Дополнително, 2/3 од испитаниците не беа запознаени со мерките и активностите кои ги презема Општината.

За трајно решавање на овој проблем, Општина Прилеп потребно е да ги промени досегашните дејствија бидејќи се покажале како несоодветни и недоволни. Моменталниот пристап кој што го нуди Општина Прилеп, е префрлање на одговорноста за грижа на кучињата скитници кај ЈП Комуналец, и покрај тоа што ова не е неговаа примарната дејност и поради тоа не може целосно да се вложи во решавањето на прашањето.

Ваквиот проблем создава низа на последици кои директно ги чувствуваат граѓаните. Пред се тука е несигурноста и стравот од каснување од куче и можноста за пренесување на болести, како и неконтролираното размножување на кучињата и немање контрола врз истото.

Дополнително, тука се и ефектите врз животната средина и јавната чистота, имајќи предвид дека кучињата скитници знаат да разнесуваат отпад и ѓубре низ улиците; и последно но не помалку важно, неможноста за хуман третман и зголемено умртвување на кучињата скитници во отсуство на структуриран пристап.

Во однос на можните решенија и алтернативи, како најсоодветно решенија е креирање на самостојна служба односно јавно претпријатие на кое примарна активност ќе му биде грижата околу животните, на пример по теркот на ЈП Лајка – Скопје. Придобивките од воведување на вакво претпријатие се: Редовно следење на состојбата и бројката со кучињата скитници преку јавна и единствена база на податоци ; можност да се налага идентификација и регистрација на животните со сопственик; поголема можност за третман, стерилизација и кастрација на кучињата скитници; зголемена можност за посвојување на кучињата кои се веќе под грижа на претпријатието; нудење на ветеринарни услуги за сопственици на кучиња.

Дополнително, воведувањето на ваков центар ќе овозможи и зголемен фокус на едукација на граѓаните кој е еден од клучните предизвици и корен во решавањето на овој проблем.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Заштитата на правата на животните и грижата за нив е проблем кој е постојано присутен во нашето општество, но посебно станува актуелен во изминатите 10 тина години. Па така, правата на животните се дел од демократската палета на права каде едно општество својот напредок мора да го покажува и во односот кон животните и нивното право на живот, во склад со природата на нивниот вид. Посебен проблем во ова прашање претставуваат кучињата скитници, односно оние кучиња кои не поседуваат сопственици и како свој дом ги имаат градските улици.

Прашањето за бездомните животни и за постоењето на точни статистички податоци во врска со нив е многу комплексно[78], при што недостигаат долгорочни современи политики кои ќе го третираат прашањето за бездомните животни.

Оттука, во отсуство на официјални податоци, од спроведениот прашалник за потребите на овој документ, 92% од граѓаните[79] сметаат дека Општина Прилеп се соочува со голем број на бездомни животни и тој број секојдневно расте. Од друга страна пак, на подрачјето на самата Општина не постои посебна соодветна надлежна служба која може да се справи со овој проблем, секако, кога зборуваме за служба се мисли на една институција која што ќе пружи хуман третман врз животните. Моменталниот пристап кој што го нуди Општина Прилеп е префрлање на одговорноста за грижа за уличните кучиња на Јавното претпријатие Комуналец, чија примарна дејност не се кучињата скитници. Исто така покрај заложбите, голема улога има и несоодветниот простор којшто се одделува за овие потреби.

Овој проблем дополнително ја загрозува безбедноста на граѓаните, тие се засегнати од ризикот од пренесување на болести, агресивно однесување од страна на животните и значително загадување на околината, особено во близина на контејнерите за отпад.

Кучињата скитници имаат негативни влијанија врз градската околина и здравјето на луѓето. Тие предизвикуваат загадување и загрозување на безбедноста. Згора на тоа, кучињата скитници стануваат поголема закана за здравјето и животот на луѓето и исто така можат да пренесат и шират беснило, кое е смртоносно заболување.

Обидите за контрола на популацијата често ја загрозуваат благосостојбата на животните преку тенденцијата за нивно масовно усмртување, или користење нехумани методи на убивање (труења, застрелувања, давење и слично), сурови методи на заловување и несоодветни објекти за згрижување и нивно менаџирање, што е спротивно со Законот за заштита и благосостојба на животните[80].

78 Во прашалникот испратен до Општина Прилеп добивме одговор дека ЈП Комуналец има точна бројка на кучиња скитници кои се чипирани. Сепак од ЈП Комуналец не сакаа да ни дадат точна бројка.
79 Податоците се од спроведена онлајн анкета спроведена во месец јули на кој одговорија 60 испитаници.
80 Закон за заштита и благосостојба на животните, (Службен весник на РМ, бр. 149 од 13.10.2014 година)

На европско ниво со Договорот од Лисабон од 2007 година, особено, со членот 13 од Договорот за функционирање на Европската унија, правната состојба на животните е регулирана така што тие не се сметаат за предмети, ниту обични живи суштества, туку свесни суштества. Во оваа насока, прв важен чекор за европскиот напредок во однос на животните е европската Конвенција за заштита на животните-миленици во 1987 г. Во преамбулата има неколку точки преку кои се идентификува потребата, или поточно, обврската да се воспостават одредени должности на луѓето кон животните: „Човекот има морална обврска да ги почитува сите живи суштества и да има на ум дека домашните миленици имаат посебен однос кон човекот; Да се има предвид важноста на милениците во нивниот придонес кон квалитетот на живеење и нивната вредност во општеството; Да се имаат предвид тешкотиите кои се јавуваат од енормната разноликост на животни кои човекот ги чува; Да се имаат предвид ризиците кои се јавуваат при преголема популација на животни во однос на хигиена, здравје и безбедност на човекот и на другите животни". Подоцна, заедно со Договорот од Мастрихт, изготвена е Декларацијата за заштита на животните во која тие се препознаени како свесни суштества.

Решавањето на проблемот со бездомните животни бара мултисекторски пристап и соработка меѓу институциите на системот, невладините организации и локалните самоуправи и налага преземање законски дефинирани мерки и спроведување активности со кои конечно ќе се стави ред и ќе се реши овој децениски проблем. За трајно решавање на овој проблем, Општина Прилеп потребно е да ги промени досегашните дејствија бидејќи се покажале како несоодветни и недоволни.

**Каков е локалниот пристап од страна на Општината?**

Законот за заштита и благосостојба на животните во членот 25 кој се однесува на нерегистрирани кучиња во став (1) стои: „Општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје, се надлежни да вршат собирање на кучињата скитници и нерегистрирани кучиња и привремено да ги сместат во соодветни објекти – прифатилишта. Во овие објекти треба да се обезбеди елементарна заштита на животните од непогодни временски услови и да се обезбеди нивно ефикасно затворање". На овој член се надоврзува и став (3) во кој стои: „Во прифатилиштата ќе се обезбеди спроведување на соодветни мерки и персонал со цел за ефикасна заштита на животните, редовно хранење и напојување и доколку е неопходно лекување на животните."

Проблемот околу овој закон настанува со ставот (5) во кој е објаснета контролата на популација на самите животни, со што нашиот Закон дозволува еутанзија на истите. Самиот пристап со еутаназија е предизвик сам по себе, бидејќи еутаназијата како механизам за справување со бездомната популација се применува со децении и не донело резултат. Невладините здруженија за заштита на животните бараат измени и дополнувања на Законот за заштита и благосостојба на животните, во кој изречно ќе стои законска забрана за еутанзија на животните.

Имено, вака поставениот закон е контрадикторен самиот на себе, затоа што доколку во погорните ставови е наведено да има соодветни објекти во кои ќе се пружат хумани третмани, како тогаш еутанзијата од ставот (5) претставува хуман третман? Оваа дилема и предизвик е нешто што националното законодавство треба да го усогласи за потоа локалните самоуправи да можат да го следат и почитуваат. Општина Прилеп од друга страна покрај ингеренциите за грижата со кучињата скитници кои се однесуваат на ЈП Комуналец има преземено и низа други чекори. Со Одлука на Совет на Општина Прилеп, а по предлог на Градоначалникот на Општина Прилеп е усвоена Програма за решавање на проблемот со сопственичките и бездомните кучиња на територија на Општина Прилеп 2019-2021. Сепак, ваквиот план не е јавно достапен. Исто така, Општина Прилеп има усвоено проект за подобрување на општинското работење – Грант за центрите за развој на планските региони (Пелагониски плански регион) кој што предвидува систематско решение на кучињата скитници во Пелагонискиот регион, воспоставување на човечки пристап за благосостојбата на кучињата скитници и промоција на почиста и побезбедна животна средина во урбаните и руралните области на Пелагонија. Самиот проект предвидува и изработка на студија на ниво на Пелагонија, како и изработка на техничка документација за изградба на регионален центар за кучиња скитници.

Сепак, според спроведената анкета 2/3 од испитаниците – жители на Општина Прилеп [81], не се свесни дека Општината има преземено било какви мерки за спречување на проблемот. Интересен е моментот што за овој проблем се интересираат и релативно помладите граѓани на Општината, односно дури 70% од испитаниците на анкетата беа млади помеѓу 19-29 години. Тоа покажува дека младите сакаат да ја видат својата Општина еврпски и модерно организирана. Исто така, од онлајн анкетата се дојде до заклучок дека поради оваа појава е загрозена безбедноста на граѓаните затоа што повеќе од половина од истпитаниците истакнаа дека биле во ситуација каде што биле нападнати од бездомно животно, како и тоа дека оваа појава игра голема улога во загадувањето на животната средина.

Граѓаните на Прилеп исто така ги дефинираа и причините поради кои се случува овој проблем. Беше истакнато дека причините за појавата на бездомни животни може да се класифицираат во неколку групи:

- **Неодговорно сопственииштво-** Тука пред се се мисли на претерано-неконтролирано размножување на миленици, но и напуштање на милениците;
- **Недостиг на образование за правата на животните;**
- **Несоодветно управување со (јавни / приватни) прифатилишта-** Односно, тука се мисли пред се на недостаток на кадар во прифатилиштата, а од друга страна, малкумината вработени не посветуваат доволно внимание на животните и на нив не гледаат како живи суштества, што со години се покажува како проблем во Општината.
- **Непостоење на соодветна законска рамка** која ќе ги третира и опфати сите наведени причини

81 Податоците се од спроведена онлајн анкета спроведена во месец јули на кој одговорија 60 испитаници

Како позитивен пример на држава која што добро се справува со овој проблем е Хрватска, која покрај тоа што има детално законско решение[82], исто така во пракса одлично се справува со проблемот. Во државата постојат 41 прифатилиште за бездомни животни кои менаџираат со проблемот. Самиот закон има предвидено изградба на прифатилишта на териториите на секоја Општина (најмалку едно прифатилиште, во зависност од големината на Општината), во кое што прифатилиште би биле згрижени најмалку 50 животни.

Работата во прифатилиштата е финансирана од страна на буџетот што го имаат на располагање општините. Секое прифатилиште мора да обезбеди соодветна ветеринарна грижа за животните, чипување, да обезбеди трајна стерилизација. Исто така, за разлика од нашиот закон, хрватскиот закон предвидува и стерилизирање и чипирање и на мачките, а не само на кучињата, што е уште една разлика во однос на тоа каде сме ние, а каде е Хрватска. Од друга страна, покрај Законот за заштита на животните којшто предвидува “No-kill” прифатилишта, постојат и други програми кои го разработуваат овој проблем, како: Програма за контрола на популацијата на кучињата скитници во Република Хрватска; Правилник за условите кои мора да ги задоволуваат прифатилиштата за животни;

## АЛТЕРНАТИВИ – РЕШЕНИЈА

Клучна улога во решавање на гореспоменатиот проблем има локалната самоуправа и нејзината подготвеност и политичка волја за решавање на проблемот. Како што согледавме во самиот текст, постојат низа предизвици во справување со овој проблем: не постои точна евиденција за кучиња скитници, има неинформираност на граѓаните за работата на локалната самоуправа, непостоење на соодветна институција која ќе се грижи за кучињата скитници, како и неодговорни сопственици кои се дел од проблемот.

Како најсоодветно решение за проблемот е создавање на посебно општинско јавно претпријатие наменето за грижа на кучињата скитници. Ваквото решение е реално остварливо и не постојат законски пречки за истото да се реализира. Ваквите решенија се дел од политиките на развиените градови, се одржливи, и придонесуваат за похуман третман кон животните, во овој случај кучињата скитници. Понатаму, формирањето на вакво претпријатие дава фокус на пристапот на градот кон структурно решавање на проблемот, наместо сегашниот пристап преку друго јавно претпријатие.

Придобивките од воведување на вакво претпријатие се огромни:

- Овозможување за редовно следење на ситуацијата и бројката со кучињата скитници на локално ниво преку јавна и единствена база на податоци од домашни миленици;
- Можност да се налага идентификација и регистрација на животните со сопственик;
- Зголемена можност за посвојување на кучињата кои се веќе под грижа на претпријатието
- Нудење на ветеринарни услуги за сопственици на кучиња

82 Закон за заштита на животните на Република Хрватска, достапен на следниот линк - https://www.zakon.hr/z/257/Zakon-o-za%C5%A1titi-%C5%BEivotinja

Во отуство на законска рамка, Општината треба да има предвид неколку аспекти при воспоставување на вакво јавно претпријатие. Тука пред сè се мисли на соодветен простор обезбеден со електрична енергија и вода за пиење, како и соодветна пристапност. Исто така, самите прифатилишта мора да обезбедат чистење и соодветна дезинфекција на опремата и просторот.

Дополнително, самото јавно претпријатие треба да воведе политика на No-Kill, односно политика за неубивање на животните по примерот на развиените европски земји.

Дополнително, воведувањето на ваков центар ќе овозможи и зголемен фокус на едукација на граѓаните кој е еден од клучните предизвици. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните.

За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни.

Како дополнителна алтернатива на погоре предложеното решение е и продлабочување на соработката со граѓаните и со локалните граѓански организации.

Па така, во соработка со граѓанските организации можат да спроведуваат програма за намалување на бројката на бездомни животни, соработка која исто така би ги опфатила и разните здруженија кои се занимаваат со прашањето, ветеринарни станици, граѓаните (пример ваучер-систем или мобилни клиники кои би опслужувале повеќе населени места, и сл).

Здруженијата треба да се легитимни признаени посредници во процесот на промовирањето на вдомувањето и да добијат дозвола за вршење на дејност на комунални редари со мандат да реагираат на неправилности, да пријавуваат и казнуваат.

Понатаму, интересен е и пристапот со инволвирање на граѓаните преку принципот на „старател на бездомно животно.“

Ваков пристап е воведен во Белград, соседна Србија, каде што веќе постојат старатели на бездомни животни[83]. Тие луѓе се внесени во регистар, со лични податоци, и ја преземаат одговорноста за бездомните кучиња за кои одлучиле да се грижат.

Старателите велат дека се еден вид волонтери и со ваквата ангажираност ќе му помогнат на Градот во третирање на оваа популација животни. Ваквата пракса се спроведува од Јавното комунално претпријатие Ветерина – Белград.

83 Повеќе информации на следниот линк - https://www.rts.rs/page/stories/sr/story/125/drust-vo/3219286/gradski-psi--lutalice-kojih-niko-ne-treba-da-se-plasi.html

Воспоставувањето на јавно претпријатие за грижа на кучиња скитници е реално остварливо решение на краток рок и релативно ефтино. Првиот чекор кој треба да се направи е да се спроведе проценка и истражување за бројот на кучиња миленици во градот, но исто така и бројот на кучиња скитници. Ваквата информација ќе биде потребна за да се испланира големината на просторот којшто е потребен за стационирање на кучињата скитници. Стандардот за ваков вид на простори налага 10м2 за едно куче.

Потоа потребно е да се направи програма за работа, систематизација за работни места, но и финансиска рамка за започнување на работата на јавното претпријатие. Доколку го земеме примерот на Скопје со ЈП Лајка, ќе видиме дека за воспоставување на претпријатието биле потребни околу 80000 ЕУР[84], кои во најголема мера биле донации од други јавни претпријатија. Во ЈП Лајка вработени се 8 лица.

Ако го земеме ова предвид, можеме да заклучиме дека трошоците за воспоставување на јавно претпријатие во Прилеп би биле помали, имајќи го предвид бројот на кучиња и територијата на која ќе оперира ова јавно претпријатие. Исто така, ваквиот план треба да содржи јасни показатели за успехот во работата на претпријатието.

Како следен чекор, потребно е да се направат стандардни оперативни процедури. Ваквите процедури ќе претставуваат темел на работењето и постапувањето на претпријатието и ќе овозможат професионалност во пристапот. Покрај процедурите, потребна е и соодветна обука за вработените за работа со животни, но и постапување во однос на процедурите. Ова е клучен аспект во работата на едно вакво претпријатие.

Погоре споменатите препораки за активности ја формираат базата за долгорочно решавање на проблемот со кучињата скитници во Општина Прилеп. Но секако, формирањето на вакво претпријатие не треба да се потпира само на горespоменатите активностите.

Како нешто што беше споменато во алтернативите од клучна важност е ваквото претпријатие да е видливо и граѓаните да се информирани за неговата работа. Понатаму, потребно е претпријатието да реализира годишни едукативни кампањи и активности за зголемување на свеста кај населението.

И трето, од клучна важност е и соработката со граѓанските организации и неформални групи на локално ниво кои имаат информации и искуство во справување со проблемот и умеат да придонесат во решавање на истиот.

84 Информациите се преземени од веб-сајтот на ЈП Лајка - https://lajka.com.mk/

# БИБЛИОГРАФИЈА


### Закони

- Законот за заштита и благосостојба на животните, (Службен весник на РМ, бр. 149 од 13.10.2014 година)
- Закон за заштита на животните на Република Хрватска

### Публикации и истражувања

- Спроведена дискусија со две различни старосни фокус групи, млади до 29 години и Фокус група на возрасни граѓани
- Деск анализа на моменталните законски решенија на Република Северна Македонија
- Компаративна анализа, Хрватска како позитивен пример
- Онлајн прашалник со опфатени 60 испитаници

### Интервју со претставник на Општина Прилеп

### Веб-страни и линкови

- Веб страна на ЈП Лајка - https://lajka.com.mk/
- Веб-страна на Радио Телевизија Србија - https://www.rts.rs/page/stories/sr/story/125/drustvo/3219286/gradski-psi--lutalice-kojih-niko-ne-treba-da-se-plasi.html



# АКТИВНО УЧЕСТВО

за зголемување на економската независност на жените во руралните средини на Општина Кочани

*- Ивана Максимова*


ЧЕКОР КОН НАЈДОБРОТО

# РЕЗИМЕ

Со овој документ се презентира извршената анализа на потребите и приоритетите на жените и девојките од руралните подрачја на територијата на Општина Кочани.

Досегашните искуства и истражувања покажуваат дека најголем дел од девојките и жени кои живеат во рурални области во Република Северна Македонија се соочуваат со низа проблеми. Од далечината на услугите кои им се потребни за нормално функционирање, до економска зависност, ограничени можности за успех и напредок, до делови каде има целосна изолација на жените од општествените процеси.

Овој документ ги содржи добиените примарни информации и толкувањата од одговорите на спроведеното истражување преку онлајн прашалникот наменет за идентификација на потребите и проблемите на жените и девојките кои живеат во руралните области на Општина Кочани и од резултатите од спроведните три фокус групи со девојки и жени кои живеат во истата средина.

Резултатите покажуваат дека постои голема економска зависност на жените, иако склучуваат договори за субвенции за одредена земјоделска култура или добиток, со средствата не управуваат тие, не се запознати со можностите за здружување во задруги и аплицирање за тие можности, ниту некогаш биле дел од било каков вид на здружување на жени во руралните области.

Исто така, ниту една жена од анкетираните не беше запозната со новиот пакет мерки кој ја опфаќа токму Општина Кочани, но и во кој може да аплицираат со свои идеи за мали бизниси.

Сите претходни анализи на достапните документи од политиките и стратегиите на Општина Кочани во однос на родовата еднаквост, развој на земјоделието и искористување на ИПАРД мерките укажуваат дека не постои јасен план, ниту стратегија за инфомирање, ниту пак за мотивирање на младите девојки и жени да се вклучат во процесите, да ја променат својата економска состојба и да бидат активни чинители во општеството.

Затоа и ги избравме овие две области кои се опфатени со документот за јавни политики, а за кои сметаме дека треба да се направи подлабока анализа со вклучување на пошироката јавност која ќе помогне во идентификација на проблемите, можните решенија и приоритетите за кои Општината ќе треба да одвои финансиски средства во рамки на општинскиот буџет, но и да ги промени постоечките Стратегии за родова рамноправност.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Северна Македонија е земја-кандидат за членство во ЕУ. Државата исто така има воспоставени механизми за еднакви можности чија цел е унапредување на родова рамноправност. Поттикната од заедничката земјоделска политика на ЕУ, Северна Македонија ја утврдува својата политика за рурален развој. Ова е особено важно бидејќи 45% од населението во државата живее во руралните средини. При дефинирањето на развојните приоритети во политиката за рурален развој, како и во другите области на политиките (како што се: образованието, здравството, социјалната заштита и економијата) е неопходно воведувањето на родовата перспектива бидејќи 49% од руралното население се жени.

Во согласност со членот 24 од Законот за земјоделство и рурален развој (бр. 134/2007), руралните области се дефинирани како „географска област" што ја дефинираат следните критериуми: мал број население или ниска густина на население; специфични социо - економски карактеристики". Критериумите се детално дефинирани со уредба на Владата, според што во Службен весник е објавен и списокот на рурални населби.

Со вкрстена анализа на списокот, на локалитетите и на официјалните статистички податоци од последниот попис од 2002 г., се заклучува дека 45% од вкупното население (односно 915.665 жители) во Северна Македонија живеат во рурални области. Руралните жени го претставуваат женското население што живее во руралните области.

Економското учество на руралните жени е главно ограничено на земјоделски активности, додека нивното учество во индивидуалниот/семеен вид земјоделски бизнис е урамнотежен со учеството на мажите, а нивното учество во компаниите е пониско од она на мажите.

Според пописот на земјоделство, спроведен во 2007 г. има вкупно 192.675 индивидуални земјоделски претпријатија, кои во основа ги вклучуваат семејните фарми (за детална и комплетна дефиниција, осврнете се на Методологија на пописот (ДЗС, 2007)). Вкупно 471.069 члена на домаќинства работат на индивидуални земјоделски претпријатија. Од тие, 202.325 се жени, со што стапката на учество на жените е речиси 42.8%.

Формалната вработеност на жените во земјоделството, шумарството и водостопанството е 20,3% од вкупниот број на вработени жени во Република Северна Македонија.

Општина Кочани има голем дел кој потпаѓа во руралните средини, каде најчесто населението се занимава со земјоделие. Општината се состои од 27 населени места (рурални области). Околу 80 % од населените места се во ридско-планинскиот дел, а околу 20 % се рамничарски.

Токму руралните жени се носители на земјоделието, а со тоа и на економската стабилност на целиот овој регион. Нивната економска нестабилна состојба е причина тие да немаат високо образование, постојано да се вклучени во земјоделието без притоа да се активни носители на земјоделска фарма, а токму тоа е врската со институциите на државно ниво кои реално може да им помогнат да ја променат нивната состојба. Жените кои се соочуваат со економска зависност и недостаток на образование, речиси и да не се запознати со политичките процеси, а всушност активното учество во истите може да им оствари подобрување на позицијата на жените во нивната средина.

Општина Кочани има изготвено Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Кочани 2019 - 2023 година. Стратешкиот план за родово одговорен економски развој е рамка за дејствување, која ги зема предвид расположивите ресурси, пречките и можностите кои водат кон конкретен пристап и кон посакуваниот севкупен економски развој.

Во овој контекст Стратегијата на Општина Кочани се насочува кон целите за одржлив развој земајќи го предвид локалниот контекст и потребите, посебно:

- Планирање на локалниот економски развој преку утврдување на развојните и структурни приоритети, со цел овозможување на одржлив и балансиран економски развој и намалување на социјалните и економски диспаритети помеѓу различни групи во заедницата;
- Водење на локална економска политика и спроведување мерки и активности за изнаоѓање на услови за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Општината, посебно земајќи ги предвид потребите на маргинализираните групи и жените;
- Поддршка на претприемнички иницијативи и развој на малите и средни претпријатија на локално ниво и развој на локалната заедница и мрежа на институции и агенции преку промовирање на партнерство и рационално користење на природните ресурси;
- Планирање на мерки и активности кои произлегуваат од Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот.

Општина Кочани во својата стратешка цел: Поддршка на мали и средни претпријатија има предвидено остварување на следниве акции:

- Привлекување на нови инвестиции, преку давање на поволности од Општината, Образование во функција на бизнисот (образование кое создава работници, кои се потребни на бизнисот),
- Промоција на активните мерки за вработување и претприемништво на Владата на РМ,
- Воведување на „Ден на трговците",
- Поддршка на преприемништво кај жените,
- Поддршка на социјално претприемништво,
- Поддршка на млади претприемач(к)и.

Во стратешката цел 2, во Општина Кочани земјоделието е препознаено како доходовна гранка со која се занимаваат граѓаните и затоа се планирани да се спроведат следниве акции:

- Стимулација за млади земјоделци и жени земјоделки,
- Поголемо искористување на ИПАРД за поддршка на земјоделието посебно од страна на жените,
- Поттикнување на органското производство на ориз,
- Ефективна соработка на надлежното министерство со земјоделците.

Економијата е издвоена како приоритетна област за интервенција во Општина Кочани, пред се поради нејзиното витално значење за Општината. При тоа, под областа економија, Општината ги има вметнато сите економски и услужни гранки, освен туризмот и земјоделието кои се издвоени како посебни стратешки области. Како најголема можност за развој Општината ги препознава искористувањето на обновливите извори на енергија, но и поддршката на Општината за развој на социјалното претприемништво кај жените.

Во Буџетот на Општина Кочани за 2021 година предвидена е програма Родова еднаквост, потпрограма Субвенции и трансфери, ставка Разни трансфери со вкупен буџет 308.000,00 денари во однос на претходната година кога биле предвидени 240.000,00 денари вкупен буџет за оваа Програма.

Во кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период 01.01.2021 - 31.03.2021 година не се предвидени финансиски средства за поголемо учество на руралните девојки и жени во донесувањето политики во Општина Кочани.

## Методолошкиот пристап

Методолошкиот пристап во истражувањето на овој проблем се состоеше од анкета спроведена на репрезентативен примерок од 100 жени и девојки од различни села и опфаќа општа женска популација на различна возраст, со различен социјален статус и различна етничка припадност. Проценка на локалните потреби и проблеми на жените и девојките кои живеат во руралните области на Општина Кочани се изврши преку подготовка и спроведување на онлајн прашалник преку официјалната ФБ страница на иницијативата „Чекор кон најдоброто“ и локални женски ФБ групи – со структуирани прашања од 2 области: земјоделие и вклученост во општествени и политички процеси. Во фокус групите учествуваа вкупно 21 претежно невработени девојки и жени.

Анализата на прашањата кои се дел од онлајн истражувањето укажуваат на потребата од економско јакнење на жените. Жените кои живеат во руралните области на Општина Кочани речиси и да не знаат за отворените можности за финансиска поддршка од земјоделието.

На прашањето дали имаат склучено договори за земјоделско производство на нивно име 100% од испитаничките одговориле со не.

Оние пак кои знаат не се охрабриле да аплицираат за истата, бидејќи не ги знаат условите, но и немаат имот (нива на свое име) кој е неопходен за регистирање како жена – земјоделец.

¾ од анкетираните жени не се запознати со законската рамка за регистрација и водење земјоделска дејност, односно 50% одговориле дека воопшто не се запознати и 33% дека многу малку се запознати.

Добиените одговори го покажуваат фактот дека жените не ги познаваат надлежностите на Општината, не знаат како се носи буџет на Општината ниту ги знаат алатките како може да влијаат при носење на истиот. Но, во исто време тие сакаат Општината да има посебни програми за поддршка на состојбата на девојките и жените во Општина Кочани (графикон бр.3)

**Според Вас треба ли Општината да креира посебни програми во склоп на Стратегијата за родова рамноправност за подобрување на состојбата на руралните девојки и жени од Општина Кочани?**




*Графикон број 3*

Само 1% од жените веруваат дека може да направат промена доколку се активираат во политиката и во политичките партии.

Во анализирање на состојбата во која се наоѓаат девојките и жените кои живеат во руралните области на Општина Кочани, преку спроведувањето на фокус групите, првиот воочен негативен наод е нивната голема економска зависност. Од сите испитаници, само една жена изјави дека има имот на свое име. Ова сериозно влијае на нивната економска зависност, бидејќи жените без имот на свое име не може да аплицираат за можноста жена – земјоделец, и да имаат платено пензиско и инвладиско осигурување.

Голем број од жените само склучуваат договори за субвенции за одредена земјоделска култура или добиток, ама истите средства и управувањето со трансакциските сметки не е во нивни раце. Сите се сместуваат во „семејниот буџет“. Една од учесничките изјави:

> *Јас денес ги молзам овците, ги стрижам, правам млеко и урда, а една овца не е моја . Не може да покажам која овца е моја. А пари немам ич.*

Ниту една од жените не знаеше што е Агенција за директни плаќања во земјоделието, иако некои од нив склучуваат договори за субвенции. Нивното незнаење е индикатор за нивната немоќ и неуправување со средствата и договорите.

Жените не ги знаат можностите за здружување во задруги и аплицирање за тие можности, ниту некогаш биле дел од било каков вид на здружување на жени во руралните области.

Само 3 од присутните жени беа запознаени со ИПАРД мерките. Ниту една од нив не знаеше за новиот пакет мерки кој ја опфаќа токму Општина Кочани, но и во кој може да аплицираат со свои идеи за мали бизниси.

**"** ***Сакам да аплицирам за ИПАРД мерките за отворање на пекара во моето село, ама мажот ми вели, не е тоа така лесно, не си ти за тоа,*** изјави една од учесничките. **"**

**"** ***Работите со документите се комплицирани, па зошто не може некоја од нас да ја обучат и таа да не информира за се?!",*** беше предлог од учесничките. **"**

Овие изјави од страна на испитаничките, јасно покажуваат дека постои јаз помеѓу институциите на системот и девојките и жените кои живеат во руралните области. Помладите девојки кои беа учеснички на фокус групите истакнаа дека се информираат за некои од мерките во земјоделството преку Интернет, но тоа не се комплетни информации кои може да ги искористат за аплицирање и започнување на свој бизнис.

Не наоѓањето на „отворена врата" и не професионалниот пристап од страна на институциите кон оваа категорија граѓанки, ги обесхрабрува да се потрудат да го надминат својот проблем со економска зависност, но и да си ги остварат своите соништа.

Ниту една од жените не подигнала кредит на свое име, ниту знае кои се потребните условите за истото. Една од жените изјави дека има идеја за креирање на иновативен бизнис, но не знае каде да се обрати, ниту како да аплицира.

Жените не се запознаени со Стратегијата за родова рамноправност на Општината и не мислат дека треба да знаат за неа, затоа што не веруваат дека таа ќе им промени нешто во животот.

Половина од жените не можат да побараат работа во градот, ниту пак често да доаѓаат во градот бидејќи нема редовни автобуски линии. Ниту една од испитаничките не поседува возило на свое име и сите напоменаа дека доколку се решат да појдат во градот со јавен превоз, мора да го информираат сопругот еден ден порано. 15 жени изјавија дека сакаат да се преквалификуваат и додатно обучуваат за да си ги зголемат можностите за вработување.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

*за подобрување на информирањето и обуката на жените од руралните области во Општина Кочани:*

1. Отворањето на канцеларии или креирање на мобилен тим од Подрачната канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кој ќе ги посетува жените во руралните области.
2. Обучување на т.н. 'жени лидерки' од руралните средини кои ќе им ги обезбедуваат потребните информации на жените за аплицирање на отворените програми, но и кои ќе се еден вид на мост меѓу жените и институциите.
3. Обуки за економско јакнење: застапување на интересите на жените од руралните средини, креативна работа, креирање производи со додадена вредност и сл.
4. Редовно контактирање со комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Кочани.
5. Застапување за промена на законската регулатива за склучување на договори на откупните претпријатија со жени земјоделци.
6. Креирање на мерки за загарантиран откуп на земјоделски производи кои се произведени од жени земјоделки.
7. Обуки за иновативни решенија и аплицирање на иновативни проекти од страна на жени и девојки кои живеат во руралните области, за да се мотивираат на промена на условите во кои живеат, но и на начините на унапредување и подобрување на земјоделството и пласманот на истото.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Буџет на Општина Кочани за 2021 година
- Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период 01.01.2021 - 31.03.2021 година
- Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Кочани 2019 – 2023
- Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој за перидот 2021-2027 година
- Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите (период на известување 2020 година, Општина Кочани)
- Национална стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020
- Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014 и 150/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 53/2021)
- Закон за земјоделство и рурален развој
- Закон за основање на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството
- Стратегијата за рамномерен развој 2020-2030 година
- http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/_docs/%D0%A3%D0%B-F%D0%B0%D1%82%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE%20115_26112019.pdf
- http://www.ipardpa.gov.mk/root/mak/vest_dolga_mak.asp?VestiID=3010

# МЛАДИТЕ ДОМА

Кариерен центар за младите во Делчево

*- Катерина Антовска*




Млади
БИЗНИС СЕКТО
Младите
ДОМА
Младите
ДОМА

# РЕЗИМЕ

Проблемот кон кој е насочен овој документ за јавна политика е иселувањето на младите луѓе не само од Општина Делчево, туку воопшто од Република Северна Македонија.

Дражавата се соочува со т.н „Бела чума“, незапирливо и во загрижувачки размери иселување на младите, особено од истоночниот дел на државата. Се претпоставува дека доминантна категорија на оние што заминувааат се невработени млади што влијае негативно врз вкупната состојба на пазарот на трудот.

Некои анализи укажуваат дека секој трет образовен човек ја напушта земјата, а осумдесет проценти од студентите на техничките факултети размислуваат или планираат да заминат по дипломирањето.

Со овој документ сакакме да посочиме на овој проблем во Општина Делчево и да се покрене свеста на реалните креатори на политики, особено на младинските политики, за важноста на задржувањето на младите дома. Креаторите на политики треба да бидат свесни и да програмираат политики кои ќе ги поврзат младите луѓе со бизнис секторот, на тој начин што тие две страни ќе си бидат поддршка и силни партнери во развивање на подобра економска и кариерна клима во Делчево, а со тоа би се придонело до поголем развој на Општината и секако, задржување на младото работоспособно население како предуслов за истиот.

Едно од можните решенија да се ублажи овој проблем е формирање на кариерен центар во кој младите луѓе ќе можат да ги вкрстат своите желби и потреби со потребите на бизнис секторот на тој начин што кариерните центри ќе имаат задача да пронајдат бизнисмени, односно претприемачи од областите кои ги има во Општината, а кои ќе помогнат во создавањето на млади кадри кои во иднина би работеле во нивните бизниси, преку евентуално стипендирање на високото образование на младите луѓе, кои пак по завршувањето ќе бидат обврзани да се вратат назад во Општината и своето знаење ќе го употребат во компанијата која го стипендирала нивното образование.

Со формирањето на кариерен центар ќе може да се придонесе кон намалување на иселувањето на младите од Делчево и ќе се крене свеста за потребата на развој на малите општини преку инвестирање во младите генерации. За прв пат ќе се понуди планско решение за решавање на овој проблем кој се провлекува низ годините наназад. Освен што ќе се обезбеди реален преглед на потребните кадри за постоечките индустрии, ќе се добие и точен план за развој, односно насочување на младите кадри како понатаму да ја градат својата кариера доколку сакаат да останат во својот роден крај.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Република Северна Македонија се соочува со хроничен проблем на невработеност и миграции, а целата ситуација со коронакризата уште повеќе ја влоши состојбата. Бројот на невработени од почетокот на јануари 2020 кога изнесувал 104.409 лица, до крајот на мај 2020 (за само 5 месеци) се зголемил за нови 16.800 лица, а конкретно од март до мај 2020 – кога ескалира економската криза поради избувнувањето на ковид-19, бројот на невработени се зголемил за околу 15.400 луѓе.

Ако се навлезе уште подлабоко во официјалните бројки, податоците во овој анализиран период покажуваат пораст на невработеноста кај младите во сите возрасни категории. Во мај 2020, во Агенцијата за вработување биле регистрирани вкупно 25.886 невработени лица на возраст од 15 до 29 години, што во однос на јануари иста година, претставува пораст за нови 5.063 невработени млади луѓе. Конкретно, само за пет месеци, бројот на невработени лица од 15 до 19 години се зголемил за 146, кај младите на возраст од 20 до 24 години за 2.458, а бројот на невработени од 24 до 29 години пораснал за 2.459. Ова покажува дека 21,4% од евидентираните активни баратели на работа во мај биле млади лица. Со засилување на здравствената криза, само од почетокот на март до почетокот на јуни 2020, бројот на млади невработени лица се зголемил за нови 3.482 невработени.

Освен Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ), стапката на невработеноста ја мери и Државниот завод за статистика. На крајот од првото економско тримесечје во 2020, највисока стапка (процент на невработени во однос на оние кои сакаат да работат) на невработеност од 34,9% е регистрирана кај младите на возраст од 15 до 24 години, а во исто време кај оваа возрасна група е регистрирана и најниска стапка на вработеност од 20,8%. Повеќе од 7.800 дипломирани студенти излегле од факултетите и високите стручни школи во земјата минатата година, покажува Државниот завод за статистика. За сите нив вработувањето најчесто претставува прв чекор кон финансиска и социјална независност и треба да им ја отвори вратата кон светот на возрасните. Од вработувањето зависи и квалитетот на животот, нивната самодоверба, но и практичните одлуки поврзани со домувањето и формирање на семејство.

Од 2015 до крајот на 2019, бројот на невработени млади лица, според официјалната статистика, се намалува. Но, трендот на намалување на невработеноста кај младите се прекинува во 2019 кога во однос на 2018 е регистриран зголемен број на невработени на годишно ниво. Зошто има зголемување? Од АВРСМ велат дека има две причини и двете поврзани со досегашното неевидентирање на младите невработени лица. Прво, воведување на мерката Младинска гаранција преку која се мобилизираа невработени млади лица за прв пат да се евидентираат во списоците на невработени.

Втората причина се измените во Законот за социјална заштита од мај 2019 година, со кои во АВРСМ се евидентираат сите невработени членови на домаќинството корисник на гарантирана минимална помош, вклучително и младите до 29 години.

Според истражување на Истокот кое опфаќа млади до 35 години, 77, 3% од испитаниците одговориле потврдно дека сакаат да ја напуштат државата. На прашањето зошто би заминале во друга држава, дури 57 % одговориле дека би заминале заради заработувачка, додека само 15 % рекле дека надвор би оделе туристички. Дури 80% од испитаниците се сложиле дека другите земји нудат поголеми шанси за младите.

Некои си одат за да се образоваат, некои за да направат кариери, а некои, пак, за да преживеат. Но, сите кои се решиле да заминат едноставно не се гледаат себеси во својата земја. Податоците од тоа истражување покажуваат и дека од 500-700 евра е просечната висина на приходите, што ги посакуваат иселениците како услов за размислување за евентуално да се вратат во родниот крај.

Државата, освен што нема стратегија за запирање на овој тренд, нема ни свои статистички податоци за точната бројка на иселени, па прашањето е како тоа ќе се одрази долгорочно, како ќе се надомести недостигот од квалификувани кадри. Дури 53 % од младите сакаат да си заминат од земјава, покажала студијата на фондацијата Фридрих Еберт. Светската банка објави до 2013 година од Република Северна Македонија се иселиле околу 600 илјади луѓе; според статистичката служба на Европската унија - Еуростат, во периодот од 1998 до 2011 година, Република Северна Македонија ја напуштиле околу 230 илјади граѓани, најголем дел млади. Република Северна Македонија нема своја статистика за бројката на иселени. Илјадниците млади кои си отидоа во странство, за кои говорат истражувањата на меѓународните институции, за Република Северна Македонија ќе значи загуби на човечки потенцијал и сила потребна за идниот развој на земјата.

Алармантноста на состојбата со одливот на млади и образовани луѓе е потврдена и со Владиниот документ „Национална стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на кадри 2013-2020". Околу триесет проценти од високо обравозаните кадри живеат и работат во странство.

Владиниот модел за дисперзирани студии во малите градови, како концепт придонесе само за зголемување на бројот на луѓе што чекаат работа со диплома во рака. Се зголемува и темпото на извоз на кадар за физички работи (занаети) кои сè уште се бараат во западните земји. Но исто така заминуваат доктори, инженери, научници, студенти. Само во последните три години повеќе од 1780 лекари од регионот заминале со желба за профисионален развој и повисоки приходи. Најчеста старосна категорија која се иселува се луѓе на возраст од 15-24 и од 25-40 години.

Во новата национална стратегија за млади 2016-2025 изработена од Министерството за образование и наука, се укажува на еден од клучните проблеми поврзани со финансиската состојба, како и други прашања поврзани со квалитетот на животот. Според неформални информации, дури и оние кои наоѓаат работа во првата година по завршувањето на образованието сепак размислуваат за иселување. За решавање на проблемот треба да се видат и искустата од другите земји, но потребна е и сопствена стратегија за задржување но и враќање на оние што заминале.

**Состојбите во Општина Делчево**

За да се надмине проблемот со миграција на младото население од Општина Делчево потребно е да се истражат потребите и на младите и на бизнис секторот во Општината, а општинските власти да добијат јасна слика за сосојбата, врз основа на која ќе можат да отпочнат со решавање на овој горлив проблем.

За оваа цел се спроведе работилница со 20 млади учесници и работилница со претставници од бизнис секторот во Делчево, и тоа од текстилната индустрија (конфекции), угостителска дејност, преработувачи на вештачки ѓубрива и др. материјали за земјоделството, сопственици на бутици и други трговски дуќани, сопственици на ресторани и др. Исто така се спроведе интервју на 20 испитаници, младинци, чија професионална ориентација и кариера е во процес на градење. Повеќе од половина од интервјуираните млади се гледаат надвор од државата во иднина.

Испитаниците сметаат дека најчестата возразсна група која заминува од Општината е на возраст до 30 години. Причините за иселување се различни, но најчесто комбинирани. Никогаш не е само една причина, како што е економската што ги тера младите да ја напуштат државата, туку неретко политичките случувања и правната (не)сигурност имаат влијание на ваквата одлука.

Од работилницата со млади учесници може да се заклучи дека младите покажуваат свесност и рационалност во нивните согледувања за проблемот со миграцијата. На работилницата со претставниците од бизнис секторот учесниците имаа можност да ги претстават своите видувања за овој проблем. Евидентно е дека истите не се задоволни со обуката што ја добиваат младите, односно дека немаат спремен кадар што може веднаш да се вклучи во работата, но од друга страна велат дека имаат потреба од работна сила. Така, според нив:

> ***Кога некој ќе започне свој бизнис ефектот и заработката може да ги види дури по 10 години, преку ноќ не се станува бизнисмен, за тоа треба многу труд и работа; целта да се замине во странство не треба да биде на прв план; работа има и тука но треба и да се работи; продуктивноста на работниците е на ниско ниво; старосната структура на работниците е од 35-40 години, и постари.***

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Сите досегашни истражувања ги потврдија некои од неопходните фактори за надминување на иселувањето. Некои од нив се  создавање клима за водење бизнис, поттикнување на претприемништвото кај младите и подобрување на социјалните услуги.

Меѓутоа, многу важна улога има и транзицијата од процесот на образование. Три типа на услуги се издвојуваат како особено значајни во поглед на обезбедување на поддршка при вработувањето на младите и развивањето на потребните вештини, и тоа: кариерно насочување, стажирање и обука за стекнување вештини за вработување.

Во Општина Делчево постои центар за кариера во рамки на средното училиште, исто така одредени услуги постојат и во рамки на АВРСМ. Евидентно е дека сето ова не ги дава очекуваните резултати.

Едно од можните решенија за овој проблем е отварање на кариерен центар. Општинскиот кариерен центар ќе им овозможи пред се на младите да имаат пристап до квалитетни кариерни услуги кои би им помогнале да стекнат вештини за менаџирање на нивната кариера, ќе овозможи координација и соработка меѓу клучните засегнати страни за младите да можат лесно да ги детектираат услугите за кариерно насочување кои им се достапни; младите ќе имаат пристап до релевантни информации за кариера и ќе овозможи подобро искористување на можностите за обука за стекнување на вештини за вработување.

Со воспоставувањето на општински кариерен центар ќе се овозможи поголемо вклучување на младите од Делчево во услугите за кариерно советување (информации за кариера, советување за кариера и едукација за кариера).

Општинскиот кариерен центар ќе воспостави ефикасни механизми за координација и комуникација помеѓу различните институции кои се вклучени во обезбедувањето на кариерно насочување. Овие механизми се од суштинско значење и од перспектива на политиките – во однос на избегнување на фрагментација на политиките и дуплирање на напорите, и од перспектива на младите луѓе – во однос на лесно идентификување на нештата кои им се достапни.

Во Општина Делчево има повеќе индустриски гранки на кои им недостасува образован кадар, кој е соодветен и компетентен во своите области, со цел истите да ги развива, како на пример: текстилната индустрија, дрвната индустрија, земјоделство и шумарство, машинската индустрија, како и областа за производство на млечни производи и храна.

Кариерниот центар ќе ги поврзе сопствениците на бизниси и младите кадри на Општината на тој начин што ќе понуди програма за меѓусебна поддршка, односно ќе направи план и стратегија за нивна соработка, анализа на пазарот на трудот, како и конкретни заложби од сите засегнати страни за изнаоѓање соодветни и одржливи решенија.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Агенција за вработување https://av.gov.mk/
- Државен завод за статистика https://www.stat.gov.mk/
- Студија на фондацијата Фридрих Еберт https://library.fes.de/pdf-files/id-moe/15266.pdf Национална стратегија за вмрежување, соработка и намалување на одливот на кадри 2013-2020 https://mon.gov.mk/stored/document/Izvestaj-%20Strategija%20za%20sprecuvanje%20na%20odliv%20na%20mozoci-%20juni%202021.pdf
- Национална стратегија за млади 2016-2025 https://www.sega.org.mk/images/E-Library/Strategies/NSMK.pdf

# АДРЕНАЛИНСКИ ПАРК

за младите
од Куманово

*- Ненад Бојковски*




SKATELAND
LOVE AND SKATE

# РЕЗИМЕ

Општина Куманово е урбана Општина со недоволно зелени површини и места за рекреација. Поради тоа, поголем дел од слободното време младите го поминуваат во кафулиња или пред своите компјутери. Исто така поради моменталната состојба со пандемијата младите се претежно изолирани едни од други, стануваат асоцијални, се избегнува забавувањето и дружењето. Поради сите овие причини потребно е младите да имаат место каде ќе можат пак да се дружат и да го прават онаа што го сакаат.

Целта на овој документ за јавни политики е да се предложат мерки за подобрување на комуникацијата помеѓу младите и потикнување на младите за дружење и поголема физичка активност преку адреналински спортови со цел да израснат во здрави, морални и социјални личности кои ќе станат свесни за својата состојба во општеството и спремни да ги решаваат проблемите согласно спортското начело за натпреварување и дружење. Ова би се постигнало со изградба на место за рекреација (модерен адреналински парк) во рамките на кој би се изградил скејт парк, бајк парк и ѕид за искачување - climbing). Скејт паркот е предвидено да биде збогатен и со графити од локални цртачи. Тој ќе биде место за сите млади, место за кративност, дружба и забава, место без предрасуди и без поделби.

Оваа иницијатива претставува еден обид да се збогати животот во Општина Куманово. Се очекува од нејзиното реализирање корист да имаат сите граѓани, а не само младите. Паркот би имал простор и за родителите кои таму би шетале со своите деца, но и повозрасните кои ќе можат да одморат на клупите, да прочитаат дневен весник и да се присетат на деновите кога и тие биле млади и кога и тие така другарувале без никакви предрасуди.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Општина Куманово е најголема Општина во Република Северна Македонија. Според пописот од 2002 година, Куманово има 105.484 жители од кои 25 771 се млади на возраст од 15 до 30 години (попис од 2002 год, податоци од Државниот завод за статистика). Националната структура на населението во Општина Куманово е следна: Македонци 59.58%, Албанци 26.44%, Турци 0,28%, Роми 4,03%, Власи 0,14%, Срби 8,59%, Бошњаци0,02% и други 0,64%.

Имајќи во предвид дека развојот на заедницата е одреден од способноста на локалните луѓе да мобилизираат ресурси и да ги одредат локалните потреби, токму младите претставуваат непроценлив ресурс. Преку нивната вклученост и соработка, младите стекнуваат вештини, сигурност, самопочит и лидерски способности. Важна улога за нив во развојот на заедницата игра и нивната мотивираност за овој вид граѓански ангажман и истиот претставува важен фокус на многу истражувања и градења на развојни програми. За вклученоста на младите да има ефект истата треба да биде прифатена од институциите и да биде применета во процесите кои влијаат врз младите во секојдневниот живот.

Во последниве неколку години забележано е дека граѓанските организации на територија на Република Северна Македонија сѐ повеќе се вклучуваат во процесите на креирање политики и донесување закони. Постојат неколку документи кои ја даваат основата за вклученост на јавноста во процесот на донесување закони, а особен напредок во таа насока е донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики[85]. Законот предвидува неколку мерки за подобрување на младинското учество преку механизми на локално ниво кои ќе ја осигураат застапеноста и учеството на младите во процесот на креирање јавни политики и донесување одлуки од интерес на младите. Така, на локално ниво треба да се формираат Локални младински совети, да са назначи лице, референт за соработка со млади и да се формираат младински центри. Процесот на имплементација на овој закон е веќе во тек.

Општина Куманово нема актуелна локална стратегија за млади. Последната Стратегија за млади[86] на Општина Куманово беше за период од 2014-2019 и истата предвидуваше конкретни чекори за развој на младинскиот сектор во Општината со цел истиот да биде платформа за поголемо учество на младите во процесите на носење одлуки. Стратегијата исто така предвидуваше 6 стратегиски приоритети меѓу кои и проекти кои се однесуваат на одредени проблеми од области значајни за младите.

Имајќи предвид дека Општина Куманово е мултиетнички град, посебно внимание треба да се посвети на креирање содржини каде младите лица од различна верска и етничка припадност ќе можат да се сретнат, да се дружат и да разменуваат ставови и идеи. Најдобар начин за поврзување на младите е преку спортско рекреативни активности, преку кои младите најлесно градат соживот, тимската работа и фер плеј.

Во период од 16 јули до 23 јули се спроведоа низа на активности како претходница на овој документ за јавни политики, со цел скенирање на теренските состојби во делот на креирање и имплементирање на младински политики и степенот на опфат на потребите на младите во Општина Куманово. Една од активностите беше и спроведување на анкетен прашалник со младите од Општина Куманово, со цел да се утврдат нивните приоритети и потреби. 200 млади лица од Општината беа анкетирани лице в лице, а 52 лица одговорија на истиот прашалник online преку порталот kumanovonews. Составен дел на анализата се и резултатите добиени од две фокус групи во кои учество земаа вкупно 20 учесници од различна возрасна структура и различни професионални профили (претставници на институции, бизнис сектор, претставници на локални младински граѓански организации). Овој документ е направен врз основа на добиените резултати со цел издвојување на заклучоци кои ја отсликуваат моменталната состојба и дадени препораки во насока на подобрување на условите за подобар квалитет на живот за младите од Општина Куманово.

85 Закон за младинско учество и младински политики 2020, https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
86 Стратегија за млади на Општина Куманово 2014-2019 https://kumanovo.gov.mk/wp-content/uploads/2018/03/%d1%81%d1%82%d1%80%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%b3%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bc%d0%bb%d0%b0%d0%b4%d0%b8-2014-2019.pdf

Анализата согласно истражувањето, даде одговори на однапред поставените истражувачки прашања:

- Степен на информираност и степен на постоечка комуникација помеѓу младите и надлежните институции кои креираат младински политики на локално ниво;
- Степен на развој на стратешко планирање во институциите надлежни за креирање и имплементирање на јавни политики од сферата на младинските политики;
- Степен на интерес за поголемо вклучување во понатамошни активности на младите во креирање на политики;
- Ниво на квалитет на живот на младите во Општина Куманово согласно изјаснување на испитаниците;
- Дефинирање на еден приоритет на младите во Куманово;
- Порака до надлежните.

Резултатите од истражувањето покажаа дека 65 % од анкетираните млади лица никогаш не се обратиле до надлежна институција за решавање на некаков проблем, додека најголем број од останатите 35 % коишто се обратиле до институциите со одредено барање се вработени лица (што покажува неактивност кај студентите и средношколците).

Оние коишто иницирале комуникација со локалната самоуправа, најчесто нивен таргет бил градоначалникот од кој барале уредување на велосипедски патеки, како и поголем број на културни настани. Граѓаните до Општината ги наведувале своите проблеми и потреби, а дел од нив како што ни посочија биле: недостаток на места каде младите може да се собираат и да спортуваат, изградба на парк за рекреација и место за дружење во населбата, изградба на скејтпарк, барање до ЈП Чистота за редовно собирање на сметот, барање за изградба на детско игралиште, ослободување на простор за промоција на млади таленти на отворено, уредување на патеки на кејот, решавање на проблемот со кучињата скитници и барања за отварање на младински центри.

Истражувањето исто така покажа дека терминот и концептот на „младински политики“ е препознатлив само кај 39 % од испитаниците, што укажува дека поголемиот процент од 61 % од испитаниците не знаат што се младински политики.

Во однос на учеството на младите во процесите на носење на политики, запрашани дали нивната Општина ги консултирала при креирање на Програмата за млади преку учество на јавна расправа, трибина или друг облик на младинско учество, само 17 лица потврдиле дека биле контактирани. Иако мал процент од младите биле контактирани и вклучени во процес на креирање на јавните политики, сепак постои висок процент на заинтересирани млади за активно учество во креирање на политики, односно само 20% од испитаниците изјавија дека немаат никаков интерес да се вклучат во процесите.

Квалитетот на живот за младите во Куманово за мнозинство од испитаниците и тоа 42% е слаб, за 40% е задоволителен, додека само 10% го оценуваат со оценка многу добар, додека за 6% од испитаниците квалитетот на живот во Куманово е одличен.

Анкетираните лица сметаат дека само 8% од младите се активни во заедницата, 67% сметаат дека не постои младински активизам, додека 25% не располагаат со информации за младинскиот активизам поради што не дадоа одговор на прашањето.

Она што е заедничко за сите е дека како приоритет за младите од Општина Куманово се издвојува потреба од изградба на адреналински парк.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Од спроведеното истражување можат да се издвојат неколку препораки кои ќе го подобрат младинското учество, но и квалитетот на живот на младите во Општина Куманово.

Клучна препорака за подобрување на квалитетот на живот на младите од Куманово е изградба на адреналински парк. Адреналинските паркови во последниве години стануваат многу популарни во развиените земји и во окружувањето. Всушност, тие претставуваат добро осмислени терени кои нудат забава и рекреација преку физичка активност.

Адреналинските паркови имаат широк дијапазон на употреба, можат да го користат лица со различна физичка подготвеност и од различна возраст. Генерално се проектирани како височински полигони поставени меѓу дрва или столбови, поврзани со јажиња и сајли и имаат повеќе изведби и варијанти како т.н ропинг полигони, височински полигони, низински полигони, зип лајн итн.

Адреналинските паркови обединуваат образовни, развојни и рекреациски цели. Најчести споменувани резултати од користењето на адреналинските паркови освен забава се: подобра соработка, добро донесување одлуки, зголемена самодоверба, позитивно преземање ризици, подобра поврзаност, доверба, зголемена самопочит, добро поставување цели, добра тимска работа, а сето тоа низ физичка активност.

Во регионот има изградено многу адреналински паркови во резиденцијални населби и во големите урбани средини, а најмногу во туристички места за дополнување на атрактивноста на туристичката понуда. Хрватска е лидер во регионот во инвестирањето во овој сегмент како надополнување на класичната туристичка понуда, па во таа насока би ги споменале следните развиени адреналински паркови: во екосело Жумберак (2006); во Конавле, Пољица (80м, 2013г.); Автокамп Страшко, Новалја, како и Адреналински Парк Rizvan City сместен на Лика во село Ризвануша во националниот парк Велебит.

Во Македонија досега се изградени 2 авантуристички парка: Парк Панорама Пехчево и Спортско-Адреналински Парк во Карпош, Скопје.

Авантуристички Парк Панорама Пехчево е со вкупна должина од 600 метри, како и 36 рампи од кои 24 се само за возрасни, додека 12 се за деца. Паркот е составен од два дела:  Адреналинска патека, со должина од 360 метри која бара голема физичка и психичка подготвеност и го предизвикува стравот, а истата е наменета за возрасни; Zip-линија со должина од 240 метри за возрасни и за деца, која е во состав на барскиот-еко систем „Езерце”.

Спортско-Адреналински Парк во Карпош се состои од качувачка карпа, адреналински дел, игралишта за фудбал и одбојка на песок, сквер, скејт парк и нова урбана опрема.

Претходно наведените искуства можат да послужат при проектирањето на содржината на адреналинскиот парк во Куманово.

Првичните активности во оваа насока би биле:

1. Мапирање на локација за адреналнискиот парк;
2. Изработка на идејно решение за адреналинскиот парк;
3. Изработка на елаборат за адреналинскиот парк;
4. Волонтерска акција за чистење на локацијата која ќе биде избрана за адреналински парк;
5. Обезбедување финансии и спроведување процедура за избор на изведувач на работите;
6. Изградба на адреналински парк.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Закон за младинско учество и младински политики 2020, https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Стратегија за млади на Општина Куманово 2014-2019, https://kumanovo.gov.mk/wp-content/uploads/2018/03/%d1%81%d1%82%d1%80%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%b3%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bc%d0%bb%d0%b0%d0%b4%d0%b8-2014-2019.pdf

# КОЈ ГИ ПРЕТСТАВУВА МЛАДИТЕ?

Предлог мерки и политики за унапредување на младинските состојби

- *Никола Цветкоски*




Password: L0z!nka3

# РЕЗИМЕ

Овој документ цели кон подигнување на свеста и информираноста за прашањето на младинските предизвици.

Истражувањата спроведени за целите на овој документ индицираат дека младите луѓе сметаат дека општеството е во безнадежна состојба, поради што тие целосно одбиваат да се вклучат во општествени проблематики, додека, пак, оние што веќе земале некакво учество во граѓански и политички иницијативи, подоцна се откажале.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Младата популација во државата, а особено во носечката скопска Општина - Центар, се соочува со незначително општествено влијание. Имено, оваа група сограѓани се исклучително неактивна гласачка и општествена група која покажува изразена одбивност за учество во актуелните политичките процеси на локално ниво. Ефектот од ваквата реалност се:

- Недоволна младинска застапеност во локалните институции;
- Недоволно учество на младите луѓе во актуелните политички и општествени процеси на локално ниво;
- Изразена неинформираност и незнаење за локалната политичка динамика и за предизвиците на локалната заедница.

Во прилог на споменатото, говорат три групи на аргументи:

- Во Советот на Општината Центар, од вкупно 23 советници, во моментов само еден советник е на возраст помала од 29 години[87];
- Во Собранието, од вкупно 120 пратеници, само 1 е на возраст помала од 29 години[88];
- Терминот „младинските политики“ не беше во употреба во правниот систем на нашата држава цели 19 години[89].

Не е воопшто здраво за секој либерален и демократски систем каков што несомнено е македонскиот, кога младите луѓе, како носители на нови идеи и амбасадори на слободоумноста и прогресивизмот, одбиваат да учествуваат во политичкиот живот дури и на едно минимално ниво во смисла на учество во еден изборен процес.

Политички пасивна младина никогаш не е позитивна општествена карактеристика. Апатијата се гледа не само во недоволното учество и младинско организирање, туку евидентна е и во делот на учество во процесот на донесување одлуки на локално ниво. Младите сметаат дека е залудно да преземат било каков чекор, токму затоа што не поседуваат адекватни можности за вклученост во процесот, поради што свесно избираат да останат на маргините.

87 Види centar.gov.mk/?page_id=4992, јули 2021.
88 Види sobranie.mk/segashen-sostav-2020-2024.nspx, јули 2021.
89 Види https://bit.ly/2PA80LU, јули 2021.

**Истражувачка методологија за изготвување на документот за јавни политики**

Основната претпоставка за динамизирање на младинското учество во политичките процеси на локално ниво е тие да бидат слушнати, што претставува основната цел на оваа иницијатива.

Низ призма на споменатото, во насока на остварување на оваа цел беа направени следните активности:

- Изработка на легислативна компаративна анализа;
- Изработка на анкетен прашалник и спроведување на истражување на јавното мислење;
- Тематска работилница со учество на 20 млади луѓе.

***Легислативната компаративната анализа*** даде детален и сеопфатен осврт на сите релевантни правни прописи од областа на младинското учество и младинските политики, односно:

- Законот за младинско учество и младински политики;
- Програмата за образование и младинско учество за 2021 година
- Националната стратегија за млади 2015 – 2025.

Истовремено, во рамките на оваа анализа беше даден детален осврт на предметот на работа, како и активностите на:

- Канцеларијата за млади на Општина Центар;
- Локалниот совет за млади;
- Младинскиот центар, како и
- Службеникот за млади.

Конечно, во финалето на овој документ, следува компаративна анализа на оваа проблематика преку примерот со Република Хрватска, која беше одбрана како референтна држава заради заедничкото минато, како и заедничката европска иднина што влијае позитивно во насока на овозможување на поголема применливост во македонскиот поредок на искуствата од оваа, за нас, многу значајна држава.

Главниот заклучок кој произлегува од легислативната компаративна анализа е дека спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики е на незначително ниво, заради што драстично се намалуваат и можностите за подобро младинско организирање, односно активно вклучување на младите луѓе во општествените и политичките процеси на државата.

***Анкетниот прашалник*** спроведен на 55 испитаници, по електронски пат, во периодот од 7 до 16 јуни 2021 година, на испитаници од 18 до 29 годишна возраст, во рамки на територијата на Општина Центар пак, јасно го доловија впечатокот дека постои многу мало младинско учество во локалните политички и општествени процеси. Во конкретна смисла, како поткрепа на изнесената констатација се наметнуваат следните осум факти:

- Младите мажи покажуваат тенденции за одложено (подоцнежно) вклучување во општествените и политичките процеси на локално ниво;
- Младите жени, пак, покажуваат тенденции на поизразено воздржување од политички и општествен активизам на локално ниво споредено со мажите;

- Членувањето во политички и општествени организации на младите луѓе е право-пропорционално со нивото на запознаеност со локалните политички и општествени процеси. Имено, поголемата запознаеност претпоставува и поголема ангажираност. И обратно!;
- Формалното образование кај младите луѓе има одлучувачка улога во однос на вклучувањето во политичките и општествените процеси на локално ниво. Имено, повисокото образование значи и поизразени тенденции за вклучување и обратно: пониското образование е индикатор за намалено учество во политичките и општествените процеси на локално ниво на еден млад човек;
- Повеќе од половина од младите ги легитимизираат невладините граѓански организации наспроти политичките партии, што, пак, е показател за ниска доверба во политичките партии;
- Истовремено, податоците покажуваат дека младите размислуваат практично, односно своето внимание и посветеност ги насочуваат кон студентските организации, како здруженија кои директно се занимаваат со најгорливите младински предизвици, односно студиите и образованието;
- Иако најмал дел од одговорите се дека ниту една организација не ги застапува младите, имајќи предвид дека безмалку 1/8 од испитаниците го дале овој одговор, тоа нé води до заклучокот дека поголем дел од младите луѓе во Општина Центар се чувствуваат непретставени;
- Поголем мотив за младите да гласаат би биле нови/посовремени политички кандидати или политички опции што нудат поразличен дискурс на државно управување.

**Мапирање на најгорливите младински предизвици**

Истражувањата изработени за целите на овој документ ги мапираа следните предизвици 1) невработеноста; 2) образованието; 3) иселувањето; 4) политичките партии, 5) политичко-општествена апатија како најгорлив младински предизвици.

Иако политичките партии воопшто не беа понуден одговор, испитаниците при даден слободен избор, покрај тоа што директно ги споменуваат политичките партии како главен младински општествен предизвик, истовремено ги поврзуваат со сите други предизвици.

Во однос на невработеноста, пак, истражувањата покажаа дека овој феномен се доведува во директна корелација со проблемот на т.н. „партиски вработувања“, како и со непотизмот, корупцијата и назначувањето на неадекватни кадри на раководни позиции.

Во однос на образованието, пак, младинските анализи повторно го лоцираат проблемот во политиката која не успева да овозможи поголема практична настава, која покажува негрижа за психолошкото здравје на студентите и која неправилно ги наметнува тесните партиски интереси во образовните институции.

Во однос на иселувањето, податоците покажуваат дека младите луѓе во најголем дел ја посочуваат политизираноста на општествените сегменти, како и нискиот животен и економски стандард како причина за раст на овој процес во земјата.

Политичките партии, како спомената причинител во истражувањата се посочуваат како општествен младински предизвик поради забележителна вмешаност во општествените сегменти директно поврзани со главните младински предизвици, односно: напредување на работно место, како и дискриминација при вработување врз основа на членување, односно не-членување во политичка партија.

Конечно, но не помалку важно, особено впечатлив е податокот според кој младите испитаници во голем дел од одговорите ја препознаваат и посочуваат младинската политичко-општествена апатија, која што беше главна проблематика во анализите. Во оваа смисла, според нив, ваквата апатија е заради постоењето на чувство на безнадежност кај младите луѓе според кое било каков младински општествен ангажман нема да вроди со плод. Тоа, пак, како краен ефект влијае во насока на натамошно дестимулирање на вклученоста на младите луѓе во политичките и општествените процеси на локално ниво како и загрижувачки висок степен на недоверба во државните институции.

**Младински перцепции за адекватни решенија**

Младинските перцепции за адекватни решенија, можат да се рангираат по следниот редослед:

- Повисока општествена свест;
- Меритократија[90];
- Вклученост во државните институции;
- Повеќе културни програми, како и
- Напуштање на државата.

Младинските перцепции за адекватни решенија во најголема мера се однесуваат на прашањето на подигнување на степенот на свест за политиката и државните процеси. Истовремено, испитаниците ја наведуваат и меритократијата како решение за невработеноста, како и за зголемување на можностите за успех наспроти партиските вработувања, врските и непотизмот. Вклученоста во државните институции, младите испитаници ја перцепираат како:

- Поголема заинтерсираност на државните органи за младите граѓани;
- Поголем и подиректен пристап на институциите до младите луѓе;
- Поголема информираност на младите луѓе за младинските мерки и можности;
- Посоодветно мапирање на потребите на младите луѓе од страна на институциите;
- Подобри изгледи за преземање на стратешки, одржлив и координиран пристап од сите засегнати страни;
- Зголемување на можностите за вработување на најдобрите студенти веднаш по завршување на образованието, како и
- Натамошно намалување на старосната граница за пензионирање, со цел младите да ги наследат постарите по заминување во пензија.

90 Меритократија е систем на управување или администрација (како што е бизнис администрација) каде обврските се објективно доделени на поединци врз основа на нивните „заслуги“ (придонеси), односно врз основа на нивната интелигенција, способност и образованието, кои се утврдуваат преку оценки или испитувања. Најчеста дефиницја на меритократија е концептуализирана заслуга во однос на тестирана компетентност и способност, најчесто определени со коефициентот на интелигенција или стандардизирани тестови. (Види Levinson, David, Sadovnik, Ian R., Education and sociology: an encyclopedia, Taylor & Francis, 2002, стр.

Имајќи го предвид истакнатото, загрижувачки е податокот според кој значаен број од младите луѓе што земаа учество во истражувањата, сметаат дека иселувањето е единственото најдобро решение за предизвиците со кои се соочуваат, при што тие покажуваат изразен скептицизам во однос на постоењето на можности за поскоро подобрување на нивната состојба.

## АЛТЕРНАТИВИ

Имајќи предвид сé што беше истакнато во претходните делови на овој труд, се наметнуваат следните препораки:

1. Зголемување на вклученоста на младите луѓе на седниците на општинските совети, особено кога станува збор за расправи за теми кои имаат влијание врз животот на младите луѓе. Во оваа смисла, организирање на јавни кампањи во насока на поголемо запознавање на младите луѓе со мерките и политиките, како и со институционалните можности, со цел зголемена достапност и правилно искористување;
2. Ангажман на локалната и на централната власт за натамошно подигнување на општествено-граѓанската свест кај младите луѓе, со цел нивна поголема информираност за личната одговорност, како и за можностите во насока на унапредување на заедничките општествени прилики;
3. Директно вмрежување на институциите за службени проблематики од ист или сличен карактер, без создавње дополнителни институционални посредници;
4. Воспоставување соодветни изборни и други механизми за елминирање или минимизирање на партиско-политичките влијанија при избор на младински претставници во универзитетските организации;
5. Зголемување на бројот и квалитетот на анализите во врска со младинските предизвици и перцепции во насока на натамошно подобрување на статусот на младите во државата;
6. Целосно ослободување од трошоци за студирање на студенти што ќе се обврзат да не ја напуштаат државата десет години по завршување на студиите, како инструмент за спречување на иселувањето.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Guidelines for successful e-participation by young people, IJAB, 2014;
- Levinson, David, Sadovnik, Ian R., Education and sociology: an encyclopedia, Taylor & Francis, 2002;
- Martin S., Pittman K., Ferber T., McMahon A., Building effective youth councils a practical guide to engaging youth in policy making, Forum for Youth Investment, July 2007;
- Застапување засновано на податоци, Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје, 2016;
- Зоран Илиевски, Прирачник за младински политики, учество и застапување, Фондација „Претприемачки сервис за млади“: https://bit.ly/2PA80LU;
- Иваноска Крстевска М., Гајтаноски Т., Прирачник за младинско учество, Коалиција на младински организации СЕГА, март 2010;
- Илиески З., Иваноска Крстевска М., Гајтаноски Т., Марковска Е., Нашковска М., Спасеновски Д., Прирачник за креирање на локални младински стратегии, Коалиција на младински организации СЕГА, март 2010;
- Илиески З., Иваноска Крстевска М., Гајтаноски Т., Прирачник за застапување и лобирање, Асоцијација за едукација Млади инфо Интернационал, Скопје, септември 2014;
- Кажете го своето, Прирачник за ревидираната Европска повелба за учеството на младите во локалниот и регионалниот живот, Council of Europe, November 2015;
- Официјална интернет страна на Агенцијата за млади и спорт: ams.gov.mk;
- Официјална интернет страна на Општина Центар: centar.gov.mk;
- Официјална интернет страна на Собранието на РС Македонија: sobranie.mk;
- Саво Климовски, Тања Каракамишева, Александар Спасеновски, Политички партии и интересовни групи, Правен Факултет „Јустинијан Први“, Фондација „Конрад Аденауер“, 2016.

# ЧИСТИ РЕКИ ЗА ПОДОБРО ЗДРАВЈЕ

Предлог мерки и политики

- *Ријад Фетаји*





# РЕЗИМЕ

Чистата вода е од витално значење за нашето здравје и економија. Производството, земјоделството, туризмот, рекреацијата, како и други економски сектори имаат потреба од чиста вода за да функционираат и да се развиваат. Меѓутоа, зачувувањето на животната средина во која живееме стана еден од најчувствителните предизвици за многу населени места во Република Северна Македонија, а тоа главно се должи на непочитување на законите поврзани со заштита на животната средина, ниската свест на граѓаните за последиците од загадувањето, како и недостатоци во функционирањето на јавните комунални претпријатија во отстранување и спречување на загадувањето.

Иако фрлањето отпад во природата и во реките претставува ризик од ширење на разни болести кај жителите и сериозни оштетувања на земјоделските култури кои се наводнуваат од речната вода, поради пасивноста на јавните институции кои имаат надлежност да го решат проблемот, таквите практики продолжуваат. Понатаму, овој проблем треба многу посериозно да го сфатат локалните власти и локалната заедница, бидејќи со поголема концентрација на отпад во коритото на реката се создава ризик од поплави во случај на обилни дождови, а вакви случаи сме имале во минатото кај нас и во околните земји. Тоа значи дека специфичната географската положба и природните услови во државата, надополнети со недоволна свест кај граѓаните и пасивност на властите можат да доведат до сериозни природни катастрофи.

Од друга страна, ако се гледа во друга долгорочна димензија, отпадот фрлен во реката има најголем потенцијал да наштети на животната средина, плодната почва и земјоделските производи. Загадувањето на почвата е проблем број еден предизвикан од неправилно отстранување и депонирање на отпадот. Некои депонии завршуваат со ослободување на опасни хемикалии кои продираат во почвата. Како пример, можеме да го земеме случајот со пластични шишиња, коишто во процесот на нивно распаѓање ослободуваат канцерогено соединение што директно влијае на нашето здравје. Загадувањето на почвата, не само што влијае на растот на растенијата, туку е и нездраво за луѓето и животните кои се хранат со тие плодови / растенија. Дополнително, жителите во близина на овие депонии се изложени на додатен ризик од можни несакани инфекции, како и долгорочни здравствени проблеми.

Мерките преземени од локалните власти како и од Министерството за животна средина и просторно планирање за чистење на реката од отпад не беа доволни за да се подигне свеста кај жителите за да не се повтори оваа појава. Освен тоа, неказнувањето на загадувачите и ненаоѓањето долгорочни решенија остава простор да се разговара за други алтернативи кои можеби ќе се покажат како уште поефикасни.

Во оваа димензија, врз основа на анализата, ќе понудиме краткорочни и долгорочни решенија, кои сметаме дека ќе дадат позитивен поттик за подобрување на покренатите прашања.

Тука главно зборуваме за изнаоѓање начин за трајно и професионално едуцирање на населението за мултидимензионалните ризици што се јавуваат како резултат на загадување на коритото на реката, оштетување на земјоделските култури. Исто така, ќе го поставиме прашањето за преиспитување на казните изречени за прекршителите и загадувачите и изнаоѓање друг поефикасен начин, примена на казната со наредба за општокорисна работа, што би можело да придонесе за намалување на бројот на прекршителите и загадувачите.

Податоците што ќе бидат презентирани во овој документ, кои главно се собрани и анализирани за време на имплементацијата на иницијативата насловена како „Чисти реки за подобро здравје“, ќе послужат за креирање на јавните политики насочени кон спречувањето на овие девијантни појави кои се опасни за здравјето и економијата на нашата земја. Анализата на податоците исто така ќе даде препораки за унапредување и креирање на нови јавни политики за заштита на реките и управување со отпад. Со оглед на виталната улога на водата и чистата животна средина во сите аспекти на нашиот живот, поинтегриран пристап кон политиката ќе ни помогне прво да го заштитиме и зачуваме здравјето, но и земјата во која живееме.

## КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Коритото на реката Кумановка, кое на некои места тече низ населеното место Липково, е преплавено со шут и пасишта што во време на врнежи може да претставуваа опасност за околните населби. Акумулираната почва, чакал, пластична амбалажа и други видови отпад се гледаат насекаде. Ова се случува поради бескрупулозните граѓани, кои го фрлаат отпадот од нивните домаќинства во реката, несвесни за последиците што можат да се појават понатаму за нивниот имот, како и во однос на нивното здравје. Понатаму, освен граѓаните и разни приватни компании ги фрлаат своите непотребни материјали во реката (како што се градежни материјали, разни хемикалии итн.), со што се загрозува слободниот проток на вода, но во исто време се загадува водата и околината.

Друг проблем што се појавува, а за кој не се зборува многу, се краткорочните и долгорочните последици од фрлањето отпад во коритото на реката Кумановка врз земјоделските производи. Бидејќи во повеќето случаи култивираните површини во населеното место Липково се наводнуваат со водата на реката Кумановка, може да се случи хемикалиите што се испуштаат од фрлање отпад во реката директно да влијаат врз здравјето на луѓето кои ги консумираат земјоделски производи. Истото може да се случи и со добитокот кој пие вода од истата река.

Врз основа на мониторингот на терен, реката на ова село продолжува да биде загадена и деградирана од влијанието на човечкиот фактор. Ова е документирано и со бројни фотографии кои ја покажуваат неодговорноста на жителите во однос на неконтролирано фрлање отпад.

Исто така, од идентификацијата на овие точки на загадување, вреди да се спомене дека во населените места имаме поизразено загадување на реката, каде што има неконтролирано фрлање отпад од страна на жителите, особено органски отпад, остатоци од храна.

Јасно е дека на жителите им недостасува свест за чистите реки и опасностите од загадувањето на реките, бидејќи водите на оваа река наводнуваат многу посеви во рамничарскиот дел на селото. Загадувањето на реките има за последица загадување на земјоделските производи.

Покрај теренската проверка, интервјуиравме и дел од селаните од кои дознавме дека моментално во нашето село собирањето отпад го врши јавното претпријатие „Пиша“ кое го собира отпадот само од оние куќи што плаќаат сметки за собирање на отпад. Од разговорот добивме информација дека само мал дел од куќите склучиле договор за собирање отпад. Но, жителите на голем број на куќи лоцирани околу реките немаат договор со претпријатието и нивниот отпад не се собира.

Од ова можеме да кажеме дека загадувањето на селската река главно доаѓа од домаќинства што живеат околу реките и од тие кои не склучиле договор со јавното претпријатие за собирање отпад.

Ова е многу сериозно прашање што треба да го решат локалните власти и да се најде долгорочно решение за жителите на гореспоменатите населби, особено оние домаќинства кои не склучиле договор со јавното претпријатие за собирање отпад.

Од друга страна, испуштањето на отпадни води во селската река се должи на недостаток на канализација во селото. Отпадните води се голем ризик за нашето здравје од многу причини, бидејќи тие се причина за ширење на многу заразни болести. Изметот на луѓето и животните заразени со разни патогени како бактерии, вируси, други паразитски организми доколку дојдат во допир со изворите на вода за пиење или почвата, може да предизвикаат сериозни последици по здравјето и животот на луѓето и животните.

Во рамките на спроведениот прашалник и анализата на резултатите добиени од стандарден инструмент за откривање на факторите, мотивите и причинителите на загадувањето на реките во селото Хотле во градот Куманово, беше откриено дека:

- Загадувањето на реките доаѓа како резултат на недостаток на контејнери,
- Нема соодветна грижа за чистотата на реката,
- Локалните власти не преземаат соодветни мерки и активности за заштита на реката, животната средина и здравјето на жителите.
- Одговорното претпријатие за чистење на отпадот не се грижи доволно за заштита на животната средина, ниту го собира целиот отпад,
- Жителите не покажуваат заинтересираност за заштита на природата, а со тоа и зачувување на здравјето.

Оценувајќи ги релевантните фактори кои претходно беа ставени во показателите на мерниот инструмент (прашалник) за да се тестира нивното присуство, испитаниците укажале што тие би направиле за да ја сменат моменталната состојба на загадување на реките. Како важен фактор тие ја истакнале потребата од редовно казнување на загадувачите на речното корито, едукативна кампања за жителите за одржување на реката, како и поставување на канти за отпадоци околу реката и во атарот на селото, како и создавање на спортски активности околу реката.

## АЛТЕРНАТИВИ - РЕШЕНИЈА

Врз основа на податоците презентирани погоре, јасно е дека за да се постигне решение за поставениот проблем, мора да се разгледаат неколку паралелни активности истовремено. Од овие причини, треба да се преземе чистење на коритото на реката во Липково, со што ќе се исчистат сите оние места што претставуваат пречки во коритото на реката, како и местата долж реката кои се злоупотребуваат како диви депонии. Исто така, треба да се сензибилизираат граѓаните околу потребата од зачувување на животната средина. Од особено значење е сите да бидат свесни за ризиците што можат да произлезат од загадувањето и фрлањето отпад во коритото на реката, како што се предизвикување поплави и загадување на земјоделските производи и труење на добитокот. За чиста и здрава животна средина, едуцирање на сите генерации е од суштинско значење за подигање на свеста.

За да се постигне ова, мора прво да се направат соодветни мерења и анализи од експерти од областа на хигиената, кои ќе направат анализи на водата и видот на отпадот, а потоа преку контакти со граѓаните ќе ги објаснат последиците од фрлање на отпадот врз здравјето на луѓето и добитокот, истовремено презентирајќи ги наодите од направените анализи. На овој начин ќе се пренесат информациите до жителите преку директно прикажување на последиците по здравјето и ќе се дадат препораки со цел да се подигне свеста за заштита на животната средина.

Здравствената едукација е општа мерка за заштита и унапредување на здравјето. Оваа едукација треба да се спроведува континуирано, како превентивна мерка. Главната цел на здравствената едукација е да се едуцираат поединци или групи и да се подигне нивото на одговорност на секој поединец за неговото здравје, за здравјето на семејството и за поширокото општество. Целта на едукативно -здравствената активност е населението да ги прифати и практикува принципите на здрав живот, за разумна и навремена употреба на мерките за здравствена заштита, да даде индивидуален и колективен придонес за унапредување на нивното здравје и хигиена на надворешната животна средина.

Од гледна точка на прекршителите и загадувачите, локалните власти, покрај идентификувањето и изрекувањето казни, треба да размислат за промена на законските одредби и да размислат за примена на казната со налог за општокорисна работа. Според ова, предвидено е осуденото лице да врши работа од јавен интерес и бесплатно, кое се состои од собирање отпад долж коритото на реката. Со примена на таква казна, се смета дека од една страна ќе придобие општеството, каде што во споменатиот случај отпадот ќе се отстрани од коритото на реката, но од друга страна од остварувањето на овие работни активности, исто така, ќе има корист и казнетиот субјект (од едукативен аспект), каде што целите се ориентирани особено кон неговото превоспитување, создавање соодветни работни навики, како и негово оспособување во одредена професија.

Според истражувањето спроведено од Министерството за правда на Обединетото Кралство, споредувајќи слични сторители и слични прекршоци, податоците покажуваат дека казните за општокорисна работа за 8.3% се поефикасни во намалувањето на стапките на рецидивизам, во споредба со другите видови казни.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Врз основа на презентираните податоци, анализи и прашалници спроведени на терен со жителите, произлегува дека чекорите што треба да ги преземат локалните власти се следниве:

1. Казнување на лицата кои ја загадуваат реката
2. Редовно одржување на коритото на реката од страна на комуналното претпријатие
3. Едукативни обуки за жителите за одржување на реките
4. Поставување контејнери за отпад
5. Создавање спортски активности околу реката

За да се постигнат посакуваните резултати, релевантните институции (локалната заедница, комуналното јавно претпријатие, Општината, Министерството за животна средина и просторно планирање, како и медицинските власти) треба да се координираат во најкус можен рок и да ги анализираат наодите и собраните податоци, да поднесат план за континуирано чистење, да планираат паралелно едуцирање на населението и да се разгледа можноста за примена на казна со општо корисна работа во заедницата, што може да резултира со механизам за намалување на бројот на прекршители и загадувачи. На овој начин, ќе се активираат голем број институции и ќе бидат вклучени голем број жители, во тој случај ова прашање ќе се сензибилизира, ќе се дискутира за можните решенија и ќе се оди во правилна насока кон елиминација на загадувањето на реките од страна на жителите.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Проф.д-р Невзат Елези - Социјална медицина, издание II, Тетово 2020 година
- Закон за комунални дејности, https://www.khigiena.com.mk/stored/document/LIGJ%20PER%20VEPRIMTARI%20KOMUNALE.pdf
- Закон за управување со отпадот, член 142а, https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2014/09/Zakon%20za%20upravuvanje%20so%20otpad%20-%20precisten%20tekst%20za%20informativni%20celi.pdf
- М-р Тамара Витларова, АЛТЕРНАТИВНАТА МЕРКА-ОПШТОКОРИСНА РАБОТА ВО КАЗНЕНОПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, http://www.maclc.mk/Upload/Documents/Vitlarova%20Tamara.pdf
- Prison Reform Trust response to the Ministry of Justice consultation, Punishment and reform: effective community sentences http://www.prisonreformtrust.org.uk/Portals/0/Documents/effective%20community%20sentences.pdf

# МОДЕРНИ ВРЕМИЊА, СТАРИ ПРОБЛЕМИ

## Несоодветна патна инфраструктура, каменолом Берович- село Патишка Река

*- Синан Вејселовски*

# PATISHKA REKA

"Модерни времиња,стари проблеми"

# РЕЗИМЕ

Проблемот кој е предмет на интерес во овој документ за јавни политики е непостоењето на соодветна патна инфраструктура на потегот каменолом Берович-Патишка Река во Општина Сопиште. Иако претходно имало барем една иницијатива за санација на патот, истата е парцијална и опфаќа многу мала должина од патот. Исто така до сега не е спроведено опсежно проучување на проблемот и предлог за одржливо решение на истиот. Според прелиминарната проценка на потребни финансиски средства, за реконструкција на патот на потегот каменолом Берович-Патишка Река во Општина Сопиште ќе бидат потребни 180.329.075,00 денари (речиси 3 милиони евра). Со оглед на тоа што буџетските можности на Општина Сопиште не се доволни за гореспомната реконструкција во овој документ се мапирани три механизми за финансирање на инфраструктурни проекти од страна на општините, кои може да се од интерес за Општина Сопиште: државната програма за финансиска поддршка на руралниот развој, ИПАРД програмата во рамки на претпристапната помош на Европската унија, и проектот "Поврзување со локални патишта" поддржан од Светска банка.

## МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на овој документ за јавни политики, беа искористени различни инструменти за прибирање на податоци:

- **Спроведена проценка на потребната финансиска инвестиција за реновирање на патот**, во рамки на која беше спроведено и теренско мерење.
- Спроведено **мапирање на финансиските инструменти** кои постојат на располагање на локалната власт, со цел одржливо финансирање на проект од ваков обем (заеми, грантови, самофинансирање и сл.). Во рамки на мапирањето, реализирани беа состаноци со претставници на Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, кабинет на министерот за транспорт и врски и претставник на ЕВН Македонија КЕЦ Скопје Аеродром.
- **Одржан состанок со градоначалникот на Општина Сопиште** г-дин Стефче Трковски каде е презентиран концептот и дискутирани се можностите за реализација на оваа интервенција.
- Спроведени **интервјуа/фокус групи со жители од селата Патишка Река и Држилово**, за истражување на потребата и оправданоста од ваква интервенција, како и преферираните начини на финансирање.

## ТЕХНИЧКА ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБАТА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА ДЕЛНИЦА КАМЕНОЛОМ БЕРОВИЌ-ПАТИШКА РЕКА

За потребите на овој документ, беше спроведена "Студија за потреби на иновативна иницијатива за реконструкција и проширување на општински патен правец од крстосница регионален пат R1106 (Скопје- Македонски Брод) до село

Патишка река, делница Каменолом Беровиќ-Патишка река"[91]. Студијата укажува дека патниот правец е од локален карактер и е лоциран во Општината Сопиште, со вкупна должина од 16,0 km. Патниот правец кој е цел на оваа иницијатива е со должина од 14,7 km, од каменоломот на компанијата Беровиќ до влезот во селото Патишка Река. Патот е по течението на Сува река, до спојот на Присојна река и Патишка река, а од тука по течението на Патишка река се до влезот во селото.

Според видот на сообраќајот патот е во категорија на патишта за мешовит сообраќај. Тоа значи дека на овој патен правец покрај движењето на моторни возила е наменет како за сите видови на возила, така и за други учесници на сообраќајот (моторни и запрежни возила, работни возила, велосипеди, пешаци, домашни животни и друго). На патниот правец кој е предмет на оваа анализа се надоврзува општински пат кон село Држилово, како и кон селото Јаболци. Значајот на овој патен правец се согледува во можноста со неговата реконструкција и проширување на локалното население да му се овозможи поквалитетна секојдневна комуникација.

## ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБНАТА ИНВЕСТИЦИЈА

Според прелиминарната проценка на потребни финансиски средства, за реконструкција на патот ќе бидат потребни речиси 3 милиони евра. Во прилог е даден преглед на клучните очекувани трошоци. Периодот на имплементација се проценува на 18 месеци

| | Количина | Цена по единица | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Изработка на студија за потреби на апликацијата | 1 | 80.000,00 | 80.000,00 |
| Студија за извор на финасиски инструменти, кампања, анкети, јавна презентација и промоција на иновацијата | 1 | 120000 | 120.000,00 |
| Геодетско снимање и изработка на ажурирана геодетска подлога. | 14 | 14.000,00 | 196.000,00 |
| Геомеханички испитувања и изработка на геомеханички елаборат | 14 | 45000 | 630.000,00 |
| Собирање на потребни согласности | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| Изработка на основен градежен проект | 14 | 120000 | 1.680.000,00 |
| Изработка на основен сообраќаен проект | 14 | 30.000,00 | 420.000,00 |
| Изработка на елаборат за животна средина | 14 | 12000 | 168.000,00 |
| Ревизија на сите проекти | 14 | 35.000,00 | 490.000,00 |
| Мислења и одобрувања од надлежни институции за проектите | 1 | 100000 | 100.000,00 |
| Изградба на патниот правец Делница 1, цена зголемена за 25% за неопфатени работи 1.25%*6.750.000 | 1 | 8.437.500,00 | 8.437.500,00 |
| Изградба на патниот правец Делница 2, цена зголемена за 25% за неопфатени работи 1.25%*35.740.000 | 1 | 44.675.000,00 | 44.675.000,00 |
| Изградба на патниот правец Делница 3, цена зголемена за 25% за неопфатени работи 1.25%*73.007.000 | 1 | 91.258.750,00 | 91.258.750,00 |
| Доградба на постоечки цеваст пропуст со сите потребни елементи | 2 | 350.000,00 | 700.000,00 |
| Изградба на нов цеваст пропуст со сите потребни елементи | 1 | 725.000,00 | 725.000,00 |
| Надзор на изградба на патниот правец | 14 | 210.000,00 | 2.940.000,00 |
| Прелиминарен технички прием | 1 | 45.000,00 | 45.000,00 |
| Технички прием и пуштање во употреба | 1 | 60.000,00 | 60.000,00 |
| Вкупно | | | 152.821.250,00 |
| ДДВ 18% | | | 27.507.825,00 |
| Вкупно со ДДВ | | | 180.329.075,00 |

91 ИНТ Глобал Инженеринг АВ ДООЕЛ Битола, "Студија за потреби на иновативна иницијатива за реконструкција и проширување на општински патен правец од крстосница регионален пат R1106 (Скопје- Македонски Брод) до село Патишка река, делница Каменолом Беровиќ-Патишка река" (2021).

## МАПИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ ВО ОПШТИНИТЕ

Руралните средини се соочуваат со значителни предизвици како миграција на населението и недостаток на економски можности. Добрата инфраструктура (патишта, водоснабдување, канализација, системи за спречување на пополави и сл.) помага да се зајакне економскиот раст и да се зголеми атрактивноста на руралните средини.

Меѓутоа реализирање на големи инфраструктурни зафати, вклучително и нивно правилно одржување и работење е и ќе остане голем предизвик за државата, а особено за општините. Во прилог е даден концепциски преглед на различните механизми кои се на располагање за финансирање на ваков тип на интервенции.

| КАТЕГОРИЈА | МЕХАНИЗАМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ | КАРАКТЕРИСТИКИ |
|---|---|---|
| **Даноци за сите намени** | **Општи даноци** | Се наплатуваат плати, набавка на стоки и услуги, приходи на компаниите итн. Генерално наменети за да го хранат Генералниот буџет на Владата, но во некои земји наменети за одредени фондови за патишта. |
| **Даноци и казни за корисници на патишта од специјална намена** | **Даноци на возила** | Плаќања по возило на еднократно и на годишно ниво. Варијабилно плаќање во зависност од карактеристиките на возилото. Овие даноци може да се наплатат при набавка и / или при периодично испитување на возилото или лиценцирање на возилото за употреба на пат. |
| | **Даноци на гориво** | Плаќања применети на нафтените производи и дизел производи што ги троши возилото. |
| | **Зелени даноци** | Наплатата зависи од оддалеченоста на возилото и/или карактеристиките на емисиите на загадувачи. |
| **Наплата на трошоците за развој (фаќање вредност)** | **Придонес за пристап до комерцијалните области** | Плаќања наметнати на нови комерцијални области каде што е развиена инфраструктурата. |
| | **Придонес за урбан развој** | Плаќања наметнати на општини или нови жители каде што е развиена инфраструктурата. |
| **Финансирање на грант** | | Средства што не се враќаат исплатени од една страна. Има за цел зајакнување на економската и социјалната кохезија со коригирање на нерамнотежата помеѓу различните земји или нејзините региони. |
| **Приватни донации** | | Поединци, организации или деловни активности можат да помогнат во одржување на патиштата, имајќи можност да учествуваат како волонтери или да ангажираат давател на услуги за одржување да ја извршува работата во нивно име. |
| **Хибридни механизми за финансирање** | | На пример, субвенционирани патишта, делумно доделено финансирање, итн. |

Конкретни механизми пак за финансирање на инфраструктурни проекти од страна на општините, се следните три: државната програма за финансиска поддршка на руралниот развој, ИПАРД програмата во рамки на претпристапната помош на Европската унија, и проектот "Поврзување со локални патишта" поддржан од Светска банка.

## ДРЖАВНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ 2021

Врз основа на член 7 од Законот за земјоделство и рурален развој, Владата донесува тригодишна национална програма за развој на земјоделството и рурален развој, за период од 3 до пет години. На годишно ниво се носи програма за финансиска поддршка на руралниот развој за спроведување на националната програма.

Во овогодинешната програма за финансиска поддршка на рурален развој се предвидени 3 мерки, кои дозволуваат инфраструктурни проекти:

- Мерка 321 Подобрување на квалитетот на животот во руралните средини (250.000.000 денари)

Општини од рурални подрачја може да аплицираат за инвестиции во локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на села со регионален пат или со населено место-град во должина до 7 км.

- Мерка 322 Обнова и развој на села (90.000.000 денари)

Општини од рурални подрачја може да аплицираат за неповратна поддршка во рамки на оваа мерка, која се однесува на инвестиции за изградба и/или реконструкција на селски улици (вклучително и атмосферска канализација и пешачки елементи) во должина од 1 км.

- Мерка 323 Зачувување и унапредување на традиционални вредности (140.000.000 денари)

И во рамки на оваа мерка, општини од рурални подрачја може да аплицираат за локална патна инфраструктура (вклучително и мостови) за поврзување на населени места-села со локалитети од значење за начинот на живот и работа на селската популација во должина од 2 км.

Јавни повици за исплата на средства во поддршка на овие 3 мерки, за 2021 година се уште не се објавени[92]. Ова остава простор при објавување на соодветни повици во текот на втората половина на 2021 година, Општина Сопиште да аплицира за поддршка.

## ИПАРД ПРОГРАМА ВО РАМКИ НА ПРЕТПРИСТАПНАТА ПОМОШ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Северна Македонија како земја кандидат за влез во Европската унија, има право да ја користи претпристапната помош на ЕУ, преку Инструментот за претпристапна помош (Instrument for Pre-accession Assistance или ИПА). Во рамките на ИПА, постои специфичен инструмент за претпристапна помош за руралниот развој (Instrument for pre-accession assistance for rural development или ИПАРД), кој има две цели, односно: да помогне руралниот сектор на земјата кандидатка да стане поодржлив и да ја усогласи со заедничката политика на ЕУ за земјоделство.

Моментални корисници на ИПАРД поддршка се Северна Македонија, Албанија, Црна Гора, Србија и Турција. За периодот 2014-2020 ИПАРД II има индикативен буџет од 3.3 милијарди евра, од кои за нашата држава начелно се предвидени 60 милиони евра[93]. Во моментов се подготвува ИПАРД III за периодот 2021-2027[94].

92 Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Рурален развој 2021, Повици. Достапно на: http://www.ipardpa.gov.mk/ [Пристапено на 13.8.2021]
93 European Commission, Overview of EU pre-accession assistance for rural development (IPARD). Достапно на: https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/farming/international-cooperation/enlargement/pre-accession-assistance/overview_en [Пристапено на 13.8.2021]
94 Тело за управување со ИПАРД, Седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II: Подготовка на ИПАРД Програма 2021-2027. Достапно на: https://bit.ly/3m1mxhq. [Пристапено на 13.8.2021]

ИПАРД програмата во секоја земја, се планира врз основа на конкретни мерки. Па така за периодот 2014-2020, ИПАРД во нашата држава имаше предвидено пет мерки за поддршка, меѓу која една од нив е инвестиции во рурална јавна инфраструктура[95]. Општини кои имаат не повеќе од 10.000 жители смеат да аплицираат за овој тип на поддршка. Општината Сопиште е дел од прилогот со рурални подрачја кои се квалификуваат за оваа поддршка: Барово, Говрлево, Горно Соње, Долно Соње, Држилово, Јаболци, Нова Брезница, Патишка Река, Ракотинци Света Петка, Сопиште и Чифлик.

Еден од видовите на прифатливи инвестиции се патишта, односно изградба/рехабилитација на постоечките општински патишта и мостови (на пример, патишта кои ги поврзуваат населбите со главните патишта, врски помеѓу населените места, јавни пристапни патишта до бизниси, фарми, туристички објекти, згради или надворешни области од локално, културно, традиционално или природно значење, земјоделско земјиште и шуми, вклучувајќи и израмнување и уредување на околината и изградба/реконструкција на земјоделската и шумската патна мрежа (вклучувајќи патеки за превенција на пожари).

Начинот на кој се одлучува кои апликации ќе бидат поддржани е преку бодовен систем. Најголем приоритет се дава на патишта (50 бода) во однос на другите видови на инвестиции (помеѓу 20 и 45 бода за управување со вода и канализација, отпад, снабдување со енергија, инвестиции за обнова на село и др.). Најмногу (30 бода) може да добие Општина со 10.000 жители на последниот попис (помеѓу 15 и 20 бода општини со повеќе жители). Дополнителни поени може да се добијат доколку се работи за инвестиции лоцирани во планински предели (20 поени) и население места кои се на растојание поголемо од 50 км од центарот на Општината (10 поени).

Во однос на висината на поддршката, најниска вредност на прифатливи трошоци изнесува 10.000 евра, а највисока вредност за проекти на општини изнесува 3.000.000 евра. За овие проекти е предвидено ко-финансирање, односно 75% ЕУ фондови наспроти 25% национално кофинансирање.

Од ИПАРД средства за Северна Македонија за периодот 2014-2020 година (околу 60 милиони), се очекува за мерката инвестиции во јавна рурална инфраструктура да се наменат околу 9.000.000 евра. Меѓутоа, се чини дека има застој во искористувањето на овие средства и постои ризик средствата предвидени за мерката рурална јавна инфраструктура од ИПАРД II програмата да бидат загубени. Според достапните информации, мерката инвестиции во руралната јавна инфраструктура од 2015 година сè уште се наоѓа во процес на акредитација[96].

Може да заклучиме дека се до донесување на ИПАРД III програмата и соодветна акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура, Општина Сопиште не би можела да ја искористи оваа можност.

95 Влада, Програма за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој 2014-2020 - ИПАРД II, Службен весник бр.177/2016.
96 Тело за управување со ИПАРД, Мерка 6: Инвестиции во руралната јавна инфраструктура (Во процес на акредитација). Достапно на: https://bit.ly/3seG9Qf. [Пристапено на 13.8.2021]

## ПРОЕКТ “ПОВРЗУВАЊЕ СО ЛОКАЛНИ ПАТИШТА” ПОДДРЖАН ОД СВЕТСКА БАНКА

Државата зема заем (IBRD Flexible Loan) во износ од 70 милиони евра од страна на Светска Банка за спроведување на проектот “Поврзување со локални патишта”, чија цел е рехабилитација, реконструкција и надградба на 450 километри локални патишта во 80 општини во земјава. Договорот е потпишан во 2019 година, а се очекува имплементацијата да трае до 2024 година[97].

Според Владата, во рамки на Вториот јавен повик за реконструкција на локални улици и патишта објавен во март 2021 година, опфатени се вкупно 35 локални улици во 21 Општина и Град Скопје со вкупна должина од 35,5 километри и вредност од околу 7 милиони евра. Во првата фаза, реконструирани биле 27 улици во 17 општини во висина од 4,4 милиони евра[98].

Општина Сопиште може да аплицира за поддршка при распишување на следниот повик за реконструкција на локални улици и патишта, во рамки на проектот “Поврзување со локални патишта”, поддржан од Светска банка.

## ИСКОРИСТЕНИ МОЖНОСТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАТИШТА ОД СТРАНА НА ОПШТИНА СОПИШТЕ

Според укажувањата на градоначалникот, во однос на конкретната делница, направени се следните реконструкции:

- Во 2013 година направена е реконструкција на 2км должина;
- Во 2015 година направен е еден премин, а во 2018 година направени се дополнителни три премини поради реката.

Интервенцијата во 2013 година е направена со користење на општинскиот буџет, додека оние во 2015 и 2018 година, се реализирани со поддршка на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделство и рурален развој. Во моментот, Општината нема проект кој е поддржан од Агенцијата, меѓутоа има 3 активни апликации пред Министерството за транспорт и врски за  ул.6 с.Долно Соње; ул.1 С.Горе Соње; и ул.20 с.Нова Брезница.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Според наодите, состојбата на патот на потегот каменолом Берович-Патишка Река во Општина Сопиште е генерално во лоша состојба: делови од патот се со значително оштететен и различен квалитет на асфалт, евидентирано е собирање на атмосферски води, има запуштени или непостоечки банкини, има појави на одрони, кривини со помали радиуси од пропишаните, не постои патна сигнализација итн.

97 Loan Agreement (local Roads Connectivity Project) between Republic of North Macedonia and the International Bank for Reconstruction and Development (2019). Достапно на: https://documents1.worldbank.org/curated/en/162761577811634815/pdf/Official-Documents-Loan-Agreement-for-Loan-9034-MK-Closing-Package.pdf. [Пристапено на 13.8.2021]

98 Влада, Бочварски: Распишан е нов јавен повик за реконструкција на 35 локални улици во 21 Општина со вредност од околу 7 милиони евра (2021). Достапно на: https://vlada.mk/node/24557. [Пристапено на 13.8.2021]

Според прелиминарната проценка на потребни финансиски средства дел од студијата, за реконструкција на патот на потегот каменолом Берович-Патишка Река во Општина Сопиште ќе бидат потребни 180.329.075,00 денари (речиси 3 милиони евра).

Во однос на можностите за финансирање следните заклучоци треба да се имаат во предвид:

1. Јавни повици за исплата на средства за 3 мерки од Годишната програма за финансиска поддршка на рурален развој за 2021 година, а кои се однесуваат на инфраструктурни инвестиции сѐ уште не се објавени. Ова остава простор при објавување на соодветни повици во текот на втората половина на 2021 година, Општина Сопиште да аплицира за поддршка.

2. Се до донесување на ИПАРД III програмата и соодветна акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура, Општина Сопиште не би можела да ја искористи оваа можност за финансирање.

3. Општина Сопиште може да аплицира за поддршка при распишување на следниот повик за реконструкција на локални улици и патишта, во рамки на проектот “Поврзување со локални патишта”, поддржан од Светска банка.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Рурален развој 2021, Повици. Достапно на: http://www.ipardpa.gov.mk/ [Пристапено на 13.8.2021]
- Влада, Програма за користење на средства од ЕУ инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој 2014-2020 - ИПАРД II, Службен весник бр.177/2016.
- Влада, Бочварски: Распишан е нов јавен повик за реконструкција на 35 локални улици во 21 Општина со вредност од околу 7 милиони евра (2021). Достапно на: https://vlada.mk/node/24557. [Пристапено на 13.8.2021]
- ИНТ Глобал Инженеринг АВ ДООЕЛ Битола, “Студија за потреби на иновативна иницијатива за реконструкција и проширување на општински патен правец од крстосница регионален пат R1106 (Скопје- Македонски Брод) до село Патишка река, делница Каменолом Беровиќ-Патишка река” (2021).
- European Commission, Overview of EU pre-accession assistance for rural development (IPARD). Достапно на: https://ec.europa.eu/info/food-farming-fisheries/farming/international-cooperation/enlargement/pre-accession-assistance/overview_en [Пристапено на 13.8.2021]
- Комитет за следење на ИПАРД 2014- 2020, Нацрт Записник од вториот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 (2017). Достапен на: https://bit.ly/37CpY5W. . [Пристапено на 13.8.2021]

- Комитет за следење на ИПАРД 2014- 2020, Нацрт Записник од третиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 (2018). Достапен на: https://bit.ly/37CITNY. [Пристапено на 13.8.2021]
- Комитет за следење на ИПАРД 2014- 2020, Нацрт Записник од четвртиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 (2018). Достапен на: https://bit.ly/2UiIRrE [Пристапено на 13.8.2021]
- Комитет за следење на ИПАРД 2014- 2020, Нацрт Записник од петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 (2019). Достапен на: https://bit.ly/3CJCezY [Пристапено на 13.8.2021]
- Комитет за следење на ИПАРД 2014- 2020, Нацрт Записник од шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 (2019). Достапен на: https://bit.ly/3shVmjQ [Пристапено на 13.8.2021]
- Комитет за следење на ИПАРД 2014- 2020, Нацрт Записник од седмиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2014-2020 (2020). Достапен на: https://bit.ly/3fZOv9Q [Пристапено на 13.8.2021]
- Министерство за финансии, Информација во врска со ефективното функционирање на системот за управување и контрола со ИПАР. Достапно на: https://bit.ly/3xDMtC4. [Пристапено на 13.8.2021]
- Loan Agreement (local Roads Connectivity Project) between Republic of North Macedonia and the International Bank for Reconstruction and Development (2019). Достапно на: https://documents1.worldbank.org/curated/en/162761577811634815/pdf/Official-Documents-Loan-Agreement-for-Loan-9034-MK-Closing-Package.pdf. [Пристапено на 13.8.2021]
- Тело за управување со ИПАРД, Седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД II: Подготовка на ИПАРД Програма 2021-2027. Достапно на: https://bit.ly/3m1mxhq. [Пристапено на 13.8.2021]
- Тело за управување со ИПАРД, Мерка 6: Инвестиции во руралната јавна инфраструктура (Во процес на акредитација). Достапно на: https://bit.ly/3seG9Qf. [Пристапено на 13.8.2021]
- Тело за управување со ИПАРД, Информација во однос на ре-акредитација и акредитација на нови мерки (2016). Достапно на: https://bit.ly/3xKmngS. [Пристапено на 13.8.2021]

# МЛАДИТЕ ОД КРУШЕВО



Знаеме, можеме, сакаме!

*- Сотир Габелоски*


THE LION KING

# РЕЗИМЕ

Социо-економскиот и политички контекст во Северна Македонија влијае на младата популација на најсериозен и радикален начин. Ова е заклучок произлезен од "Студија за млади луѓе во Република Македонија" подготвена од Фондацијата Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје. Имено, високата стапка на невработеност кај младите луѓе во комбинација со нискиот животен стандард резултира со брза и масовна миграција на младите во западноевропските земји. Сето ова е резултат на фрагментираниот стратешки пристап во младинските политики и механизми, особено на локално ниво. Последиците што ги предизвикува здравствената криза ќе треба дополнително детално да се анализираат.

Нивото на младинска вклученост на територија на Општина Крушево е релативно мало. Учеството на младите во процесите водени на локално ниво се сведуваат на културни и спортски настани, што се, секако, дел од делокругот на младинските интереси, но младинските политики имаат многу поголем потенцијал.

Ниското ниво на младинска вклученост е проблем сам по себе. Младите не се вклучуваат во процесите кои се од нивни интерес. Понатаму, ниското ниво на младинска вклученост предизвикува други несакани состојби и процеси. Младите ја губат довербата во институциите, не се поистоветуваат со проектите кои ги имплементира локалната самоуправа и не чувствуваат дека нивниот глас се слуша, што, пак, повлекува младите да не се чувствуваат како да припаѓаат на средината во која изразнале и живеат.

Дополнително, вклученоста на младите во рамки на големите процеси во партиите се сведува на помали активности како еколошки и крводарителски акции, раководење на социјални мрежи и поддршка во организација на настани за време на кампањи. При подготовката на предизборните програми, голем број од партиите не ги повикуваат ниту младите, ниту младинските организации да ги споделат нивните предлози, потреби и идеи, дури и за политиките кои нив директно ги засегаат. Самите предизборни програми на повеќе политичките партии, содржат посебни делови за млади, но содржината во истите, т.е. предложените проекти и активности, не се произлезени од младите членови на партијата, ниту пак се креирани врз база на јавни консултации со младите. Ваквото невклучување во креирањето на политики ја намалува довербата на младите и во процесите кои се водат во внатрепартиски рамки.

За да се надмине оваа проблематика, овој документ за јавни политики предлага низа на активности и проекти коишто произлегуваат директно од младите, чии мислења беа консултирани преку анкетни прашалници, фокус групи и отворени дебати.

Самиот документ за јавни политики, како и активностите коишто му претходеа имаат за цел да иницираат дискусија даде предлози за јавни политики и активности кои се неопходни на локално ниво за поголемо вклучување на младите во процесите на носење на одлуки.

Овој документ е наменет за сите коишто работат на развој на локалната заедница, како и за сите коишто работат со млади и за млади, а особено е наменет за носителите на одлуки на локално ниво, локалниот младински совет, претставниците на институциите, граѓанските организации, организациите за млади и младинските организации, како и локалната бизнис заедница.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Партиципативноста која е еден од клучните концепти на младинската политика и младинската работа е поврзана со концепти како што се ангажман, зајакнување, вклучување, државјанство, глас. Зошто младинското учество стана важно во нашето општество?

Во јануари 2020 година, Собранието на Република Северна Македонија го усвои Законот за младинско учество и младински политики[99].

Анализата на можностите за младинско учество во Општина Крушево[100] покажа дека клучните предизвици во областа на младинското учество на локално ниво се поврзани со ставовите на младите и со фактот дека тие се само делумно вклучени при креирањето на политиките. Исто така, има силна недоверба кон институциите, слаба едукација за начините за активно вклучување во процесите на носење одлуки, но и често избегнување на одговорност во облик “никој ништо не прави, зошто јас”.

Според податоците од Пописот на населението од 2002 година и од Локалниот акционен план за вработување на Општина Крушево 2009 – 2011 изработен во 2009 година можеме да најдеме податоци дека во Општина Крушево 39,4% се млади лица на возраст до 20 години. Од тука можеме да заклучиме дека во Општината живее значителен процент на младо население.

Наспроти партнерствата во младинскиот сектор и креирањето на документи, назначувањето на службеници за млади, воспоставувањето на дијалог помеѓу Владата, Агенцијата за Млади и Спорт и граѓанскиот сектор, состојбата на терен покажува дека младите сè уште не се доволно вклучени во носењето на одлуки, посебно на локално ниво во помалите општини како што е Општина Крушево. Во моментот (септември 2021) ретки се општините каде што постојат вистински и активни младински совети.

Во истражувањето што беше спроведено за потребите на овој документ може да се заклучи дека повеќе од 50% од младите соговорници сметаат дека младите се „само декор“ во процесите на одлучување на локално ниво.

Нивото на младинска вклученост на територија на Општина Крушево е релативно мало. Учеството на младите во процесите водени на локално ниво се сведуваат на културни и спортски настани, што се, секако, дел од делокругот на младинските интереси, но младинските политики имаат многу поголем потенцијал.

99 Закон за младинско учество и младински политики 2020, https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
100 Анализа на можностите на младинско учество во Општина Крушево, 2021, Методија Стојчевски, Крушево

Во рамки на иницијативата „Од млади за млади“ чиј резултат е токму овој документ, се спроведоа две фокус групи, еден „онлајн“ прашалник и една работилница со млади. Во рамки на активностите беа вклучени околу 70 млади од град Крушево, Саждево, Алданци, Норово и Бучин. Во текот на организацијата и спроведувањето на активностите на младите им се пристапуваше преку социјалните мрежи и со директна комуникација, телефонска и лице в лице. Притоа се изработија и две анализи од кои едната го анализира нивото на имплементација на Законот за младинско учество и младински политики во Општина Крушево, додека втората анализа насловена како „Анализа на можностите за младинско учество во Општина Крушево“ препорачува итно формирање на младинскиот совет. Оваа анализа констатира дека младите се делумно вклучени, а волонтирањето е сведено на учество во работата на партиските подмладоци. „Анализа на можностите за младинско учество во Општина Крушево“ препорачува зајакнување на комуникацијата со младите од страна на Општината, којашто мора да ги унапреди каналите за комуникација со цел информациите да стигнуваат до младите.

Спроведената фокус група на која учествуваа 18 млади од Крушево и населените места Норово и Бучин констатираше неколку потреби на младите, меѓу кои посебно се истакна потребата од спортски содржини во населените места и повеќе места за култура во градот. Како проблеми се детектираа несоодветен превоз за студентите, непристапни патишта до музеите и немање доволно можности за неформално образование.



На спроведената работилница 24 млади од Крушево, се истакна на важноста носителите на одлуки да се доближат и да им пристапат на младите. Едно од решенијата кое се генерализираше преку одговорите на младите на онлајн прашалникот е потребата за поголема дебата со младите и повеќе претставници на млади во советот на Општината. Притоа, младите укажаа на потребата за итно формирање на локален младински совет кој согласно актуелниот Закон за младинско учество и младински политики предвидува дека поголемо преставништво и застапување на младите во советот може да придонесе за надминување на овие пречки и зголемување на младинското учество. Кога се работи за поголемо активирање на младите во својот личен развој и неформално образование, младите за време на работилницата дадоа низа предлози, како изградба на игралишта, младински културен центар, кино, театар, спортски клубови и слично.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Постојат низа потенцијални мерки коишто би придонеле за зголемување на учеството на младите од Крушево во креирањето на јавни политики, а се однесуваат на комуникации, носење на стратешки документи и застапување на младите, но во рамките на овој документ фокусот го ставаме на следната мерка:

- Крушево –град на дигитални номади – место за привремен престој на програмери, фриленс работници, ИТ сектор и др.

Во ерата на дигиталната економија, се отвора нова можност за работа која не е зависна од фиксна канцеларија, со флексибилни работни часови и слобода во начинот на работење. Интернетот, новите алатки за комуникација и соработка помогнаа да се створи нов начин на работа и lifestyle наречен дигитално номадство.

Дигитални номади се индивидуални професионалци кои со помош на новите технологии заработуваат и живеат како номади. Тие ги менуваат традиционалните работни места и осмислуваат како тие би можеле виртуелно да функционираат. Користејќи ги нивните (пред се IT) вештини, дигиталните номади ја уживаат можноста за живеење во нова средина и култура[101] .

Инаку, дигиталните номади заработуваат од било која работа која е независна од локацијата вклучувајќи блогирање, веб дизајн, оналајн коучинг, маркетинг, финансиско планирање, инвестирање, графички дизајн, преведување, организирање на тренинг обуки, и друго. Во моментов некои од најатрактивните локации за дигитални номади се Естонија, Тајланд, Кипар, Норвешка, Португалија, Британија[102].

Според веб-сервисот NUMBEO[103] кој ги мери трошоците за живот и стандардот на населението, може да се направи проекција на разликата во трошоците за живеење меѓу две места, а тоа е една од причините за миграција на дигиталните номади и изборот на место на живеење. Конкретно, според сајтот, разликата во трошоци за кирија меѓу Скопје и некој помал град во Македонија (на пример Крушево) е за 63% во корист на малиот град; ресторанските услуги се поефтини за 38%, а намирниците за  20%. Односот на трошоците е уште поголем ако се направи компарација со некој средноевропски град каде има релативно високи трошоци за живот. Сепак, при изборот дигиталните номади го имаат предвид целокупниот квалитет на живот што го нуди земјата/местото, како на пример легислативата за престојот и работните односи, здравствените услуги, привлечноста на средината и нивото на загаденост. Дополнително, она што некои земји веќе го направија е издавање на таканаречените „дигитални визи“ со кои им се овозможува подолг престој на номадите во одредена земја.

101 https://blog.brain-ster.co/%D0%B4%D0%B8%D0%B3%D0%B8%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%BD%D0%BE%D0%BC%D0%B0%D0%B4/
102 Ibid
103 https://www.numbeo.com/cost-of-living/

Пример од Европа е Естонија, а од земјите во регионот Хрватска е првата земја која воведе дигитални визи кои ќе се доделуваат на странци кои ќе работат за некој друг за период од една година.

Во Северна Македонија, ФИТР прави напори да ја промовира државата како дестинација за дигитално номадство. Веќе имаат воспоставено контакт со многу портали кои се занимаваат со дигитално номадство кои пак веќе ја ставиле Северна Македонија на листата земји кои ќе ја нудат таа услуга. Планирано е промоцијата да се прави преку веб страните кои ги таргетираат дигиталните номади и преку препораките на дигиталните номади кои веќе работеле тука[104] .

**Спроведување:** За да се реализира оваа препорака, Општина Крушево ќе треба да подготви соодветна промоција и понуда која може со поддршка од ФИТР да се пласира за провлекување на дигиталните номади во Крушево.

104 https://fitr.mk/makedonija-ce-stane-nova-atraktivna-destinacija-za-digitalni-nomadi/

## БИБЛИОГРАФИЈА


- “Youth Friendly City” - ИЗВЕШТАЈ И ПРЕПОРАКИ ОД СПРОВЕДЕНО – МАПИРАЊЕ ЗА ОПШТИНА КРУШЕВО, 2018 – Младински Сојуз – Крушево 2018;
- СТУДИЈА ЗА МЛАДИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2018/2019 – Фондација Фридрих Еберт канцеларија Скопје 2019;
- Локален акционен план за вработување на Општина Крушево;
- Стратешки план за Локален економски развој на Општина Крушево
- СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА КРУШЕВО 2019 – 2023.
- Закон за младинско учество и младински политики: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- https://fitr.mk/makedonija-ce-stane-nova-atraktivna-destinacija-za-digitalni-nomadi/

# ИНКЛУЗИВЕН АЕРОДРОМ ЗА СИТЕ

## Политики и активности за посоодветна грижа на лицата со специфични потреби

*- Стефанија Трајческа*




ИНКЛУЗИВЕН
АЕРОДРОМ ЗА
СИТЕ
СКОПЈЕ, 2021
ИНКЛУЗИВЕН
АЕРОДРОМ ЗА
СИТЕ
SUPPORT TO
ELECTORAL REFORMS

# РЕЗИМЕ

Различноста се вклопува само кога знаеме да ја прифатиме и да ја разбереме. Во оваа смисла, важно е да се подвлече дека не постојат посебни работи или посебни потреби. Единствено постојат уникатни и специфични работи, односно специфични потреби. Постојат само специфични деца. Промените почнуваат од нас, а ние треба на самиот почеток да знаеме како да ги разбереме и да им помогнеме на овие категории наши сограѓани за да се овозможи нивна полесна интеграција во средината во која живеат, а државата со тоа да биде уште подемократска и понапредна.

Лицата со специфични потреби се недоволно интегрирани во општеството. Оттаму произлегува и основната цел на овој документ. Имено, преку предлагање на конкретни решенија базирани на докази, овој документ се стреми да ги поттикне граѓаните да ги разберат овие лица и да им помогнат во нивната интеграција.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Потребите на лицата со попреченост се тема која подеднакво треба да биде адресирана, како од државата, граѓанските организации и приватните субјекти, така и од страна на единиците на локалната самоуправа.

Општина Аеродром, како една од најголемите општини во земјата, место во кое пулсираат најголем дел од случувањата, има можност, но и обврска, со свој пример да се обиде да ги издигне стандардите поврзани со унапредувањето на условите за живот, зголемувањето на инклузијата, како и јакнењето на свесноста за прифаќање на лицата со попреченост.

Во Општина Аеродром не постои регистар на лица со попреченост. Имајќи го предвид споменатото, не постои ниту јасна претстава во врска со адресирање на дел од потребите на оваа група наши сограѓани. Наспроти тоа, овој тип на проблеми на децата, стануваат предоминантно грижа на родителите, како од аспект на интеракцијата на здравите дечиња со нивните врсници кои имаат вакви предизвици, така и од обратен аспект. Имајќи ја предвид генералната цел на овој документ за јавни политики, во овој дел важноста на проблемот ќе се објасни преку осврт на:

- Законската рамка;
- Ставовите на родителите;
- Ставовите на стручните лица;
- Ставовите на граѓаните.

### Законска рамка

Законската рамка на Северна Македонија во оваа област, меѓу другото, се утврдува со Законот за основно образование[105].

105 Види Закон за основно образование, Службен весник бр.: 161, 5.8.2019.

Според член 11 од овој закон, инклузивното образование е процес кој ги зема предвид различните индивидуални потреби за развој на учениците, давајќи еднакви можности за остварување на основните човекови права за развој и квалитетно образование, земајќи ги предвид различностите на секој поединец и овозможувајќи му поголема социјализација и соодветна едукација. Законот за основно образование ги опфаќа сите ученици со попреченост, независно на видот на попреченоста.

Според ставот 2 на членот 11, Законот предвидува и промени кои го засегаат целокупниот образовен процес, односно промени во наставните содржини, пристапот, структурите и стратегиите. Целта на овие промени е децата со посебни потреби да бидат еднакво вклучени во образовниот процес заедно со останатите нивни врсници.

Овој закон подразбира креирање на посебен индивидуален план на децата со попреченост, земајќи ги предвид нивните можности, односно функционални и лични способности. Со овој закон се преземаат мерки за еднаква пристапност на лицата со посебни потреби, прилагодувајќи ја инфраструктурата, околината, физичкото опкружување, транспортот, како и вклучување во информатички и комуникациски технологии и ситеми во основните училишта.

## Осврт на ставовите на родителите

Врз основа на фокус групите со родителите[106] кои беа организирани во текот на јуни 2021 година, може да се посочат следните поважни предизвици кои се воочија за време на дискусиите:

- Родителите се запознаени со терминот инклузија, но воведувањето на целосна инклузија за нив претставува голем предизвик;
- Родителите чии деца учат заедно со дете или деца со попреченост, сметаат дека тоа претставува огромен предизвик и дека нивните деца ќе се соочуваат со проблеми бидејќи се навикнати на сосема поинаков пристап;
- Родителите кои имаат дете со попреченост, како голем предизивик го посочуваат ангажирањето на лични асистенти, во смисла незнаењето и скепсата дали нивните деца ќе бидат соодветно водени во текот на воспитно-образовниот процес;
- Сите родители, како дополнителен проблем ја истакнуваат неспремноста на училиштата односно немањето на доволно асистивна технологија, сензорни соби, рампи, лифтови, тоалети, доволно стручен кадар, како и немањето на соодветни обуки за наставниот кадар кој треба секојдневно да работи со лица со одредена попреченост;
- Родителите на деца со попреченост сметаат дека нивните деца се раздразливи на промени, односно на адаптација во нови средини, посебно кога се работи за лица со аутистичен спектар на нарушувања. Во таа смисла, постои објективна загриженост како овие деца ќе функционираат во поголема група и дали нивните потреби ќе бидат соодветно задоволени, без притоа да се поттикне предизвикувачко однесување.

106 Во оваа фокус група учествуваа 10 лица, сите жители на Општината Аеродром.

Врз основа на истакнатото, антиципирајќи ги потребите на засегнатите родители, може да се изведе заклучок дека иако нашата држава се подготвува за воведување на систем на целосна инклузија, сепак постои изразена скепса во однос на начинот на кој таквиот систем ќе функционира. Во оваа насока постојат објективни стравувања дали државата е економски подготвена за таквиот систем на функционирање.

### Осврт на ставовите на стручните лица

Врз основа на фокус групите со стручните лица од областа[107], спроведени во јуни 2021 година, може да се акцентираат следните поважни предизвици:

- Стручните лица истакнуваат дека при креирање на законската рамка не биле консултирани за промените кои се предвидени од септември 2021 година;
- Посебен предизвик во иднина ќе бидат и недоволните обуки кои треба да ги поминат личните асистенти и наставниците за да можат да го понудат соодветниот пристап на работа за време на училишните часови;
- Тие истакнуваат дека се сретнуваат со лица кои вршат работа на лични асистенти без да биде земено превид дали нивното образование соодветствува на нивната работа;
- Месечни примања кои ги покрива државата за личните асистенти се многу ниски;
- Лицата со специфични потреби се потешко прилагодливи на промени и многу од нив не можат да седат 45 минути на еден час. Во оваа смисла, според нив целта е кај секое дете да се проценат неговите функционални способности и преку тоа што детето го може, да се оспособи за секојдневните животни активности;
- Иако од страна на стручните лица се потенцира фактот дека сите деца се посебни и дека сите сме специфични во таа наша посебност и дека не треба да има поделби помеѓу луѓето, сепак за многу од дечињата со посебни образовни потреби не е препорачливо да седат 45 минути и да слушаат лекции за нешта кои не можат да им служат во нивното секојдневно функционирање;
- Според стручните лица инклузијата треба да се спроведува уште од најрана возраст, а не од основно образование. Имено, психолозите го истакнуваат фактот дека многу од родителите се збунети и не знаат како да пристапат кога во одделението на нивното дете има детенце со специфични образовни потреби.

Врз основа на истакнатите предизвици на стручните лица, може да се заклучи дека доколку повеќе би се зборувало во јавноста, доколку се организираат повеќе обуки за родители, наставници и останати стручни профили и доколку училиштата бидат целосно спремни, одлуката за воведување на целосна инклузија би била навистина далеку од илузија каква што впрочем е денес.

### Осврт на ставовите на граѓаните

Освен родителите и стручните лица, и граѓаните имаат свој став во однос на посочената тема.

107 Во оваа фокус група учествуваа 8 лица.

Според резултатите од истражувањето на јавното мислење кое беше спроведено на интернет во текот на јуни 2021, на примерок од 100 испитаници, може да се акцентираат следните поважни предизвици:

- Најголем дел од испитаниците се залагаат за подобра интеграција на лицата со попреченост во општеството, истакнувајќи дека државата треба да се насочи кон подобрување на условите во општеството и кон вклучување на лицата со попреченост во социјалните настани;
- Најголем дел од испитаниците се запознаени со поимот инклузија, како и со поимот целосна инклузија. Во оваа смисла, според нив под поимот инклузија се подразбира вклученост во општеството и во секојдневното фунционирање на сите лица независно од нивните специфични лични особености и карактеристики;
- Кога е во прашање спроведувањето на целосна инклузија, најголем број од испитаниците не се согласуваат со ваквото решение;
- Најголем број од испитанците сметаат дека не сме подготвени за систем на целосна инклузија и дека децата со попреченост заслужуваат посебен пристап и дека секое дете со попреченост мора да има личен асистент, земајќи го предвид образованието на личните асистенти кое според најголем број од испитаниците е важно за работа со вакви дечиња, затоа што не секој може да работи со нив;
- Кога станува збор за месечните примања на личните асистенти, најголем број од испитаниците сметаат дека финансиските средства кои државата ги издвојува за личните асистенти не се доволни;
- Иако најголем број од испитаниците истакнуваат дека не знаат за држава каде има систем на целосна инклузија, сепак, дел од нив како добри примери ги истакнуваат Англија, Хрватска, Данска и Шведска.

Имајќи го предвид истакнатото, може да се изведе заклучокот дека јавноста со извесна доза на скептичност гледа на најавените измени во системот на основно образование, особено во делот на воведување на концептот на целосна инклузија со кој државата нема да прави разлика на децата со попреченост наспроти останатите деца во државата во однос на начинот на кој ќе се одвива нивното основно образование.

## ПОИМИ ПОВРАНИ СО ИНКЛУЗИЈА

Законската рамка со која инклузијата во нашата држава се утврдува како комбинирана инклузија е стара повеќе од 20 години. Во оваа смисла, важно е да се разјаснат следните четири поими за поцелосно разбирање на контекстот и препораките на овој документ:

- **Комбинирана инклузија.** Под овој поим се подразбира настава во редовни училишта наспроти наставата: а) во посебни паралелки во редовни училишта и б) наставата исклучиво во посебни училишта за деца со посебни потреби;
- **Целосна инклузија.** Под овој поим се подразбира состојба на целосно интегрирање на учениците во редовниот образовен систем, независно од нивните лични потреби и специфики;

- **Ученици со попреченост.** Под овој поим се подразбираат лица со долготрајни физички, ментални, интелектуални и/или сетилни оштетувања, чие целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите може да биде попречено од различни бариери во средината;
- **Ученици со посебни образовни потреби.** Под овој поим се подразбираат лица со попреченост и со специфични потешкотии во учењето кои вклучуваат, но не исклучиво, дислексија, дисграфија и дискалкулија. Во оваа смисла, новите измени на Законот за основно образование, стапуваат на сила во септември 2021 година. Со нив, за разлика од минатото, се предвидува воведување на т.н. „целосна инклузија".

Имајќи ги предвид споменатите појаснувања, важно е да се истакне дека со системот на целосна инклузија се настојува да се спречи можноста родителите да прават избор дали нивното дете треба да оди во редовно или во специјално училиште за деца со попреченост, што пред да се воведат ваквите измени беше право и одлука на родителите или на старателите на децата со попреченост.

Врз основа на сé погоре споменато, со овој документ, настојувањата се движат во насока на:

- Натамошен развој на клутурата на инклузивност од сите во Општина Аеродром;
- Натамошно подигање на свеста за можностите и законските уредби во однос на посочената област;
- Овозможување гласот на самите засегнати страни да биде слушнат, а нивните предлози да бидат земени предвид при креирање и имплементирање на политики на локално ниво.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Што е потребно за спроведување на систем на целосна инклузија?

1. Доволен број на обучени стручни лица. Во оваа смисла, треба да се земат предвид компаративните искуства на развиените европски држави, па според тоа да се изработи план со динамика за вработување на стручни лица со цел да може да заживее во пракса овој концепт на целосна инклузивност;
2. Прилагодени училишта за лица со специфични потреби: лифтови, рампи, тоалети, асистивна технологија... Во оваа смисла, институциите мора да ги реобмислат приоритетите во однос на буџетските вложувања во образованието. Имено, ниту една реформа, независно од карактерот на законските одредби нема да може да заживее доколку истата не е следена со соодветни средства кои ќе овозможат целосна реализација на планираните активности;
3. Стручен асистент за секое едно дете, како и вработување на негувателки и поголем број на специјални едукатори и рехабилитатори и логопеди. Ова е веројатно најголемиот предизвик за институциите на локалната и на централната власт. Слично како и во однос на вториот заклучок, ниту овој дел од реформата нема да успее доколку институциите не ја ревидираат буџетската политика во овој дел преку предвидување на средства за остварување на оваа цел;

4 Организирање на голем број обуки за родители, наставници и други стручни лица. Наспроти буџетските вложувања, овој сегмент е еднакво важен. Имено, генералната клима што постои во општествата може да придонесе полесно или потешко да се оствари одредена цел. Оттаму, особено е важно локалните самоуправи да применат еден сеопфатен модерен пристап согласно кој засегнатите страни, но и општеството во целина натамошно ќе ја развива својата култура да ги прифаќа, толерира и да соработува со сите луѓе независно од нивните специфични особености.

**Само кога сите овие потреби се задоволени зборуваме за инклузија, а не илузија.**

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Abbring, I., and C. J. W. Meijer. 1994. “Italy.” In New Perspectives in Special Education, edited by C. J. W. Meijer, S. J. Pijl, and S. Hegarty, 9–24. London: Routledge;
- Ainscow, M., and A. Sandill. 2010. “Developing Inclusive Education Systems: The Role of Organisational Cultures and Leadership.” International Journal of Inclusive Education 14: 401–416;
- Dettori, F. 2009. “La fuga degli insegnanti di sostegno verso il posto comune: una ricerca sullestorie professionali [The Flight of Support Teachers Towards Mainstream Classes: A Studyof Professional Lives].” L’integrazione scolastica e sociale [Social and EducationalIntegration] 8: 247–258;
- Fornari, U., and S. Ferracuti. 1995. “Special Judicial Psychiatric Hospitals in Italy and the Shortcomings of the Mental Health Law.” The Journal of Forensic Psychiatry 6: 381– 392;
- Fuchs, D., and L. S. Fuchs. 1994. “Inclusive Schools Movement and the Radicalization of Special Education Reform.” Exceptional Children 60: 294– 309;
- Lipsky, D. K., and A. Gartner. 1996. “Inclusion, School Restructuring, and the Remaking of American Society.” Harvard Educational Review 66: 762–797;
- Low, C. 2006. “Some Ideologies of Disability.” Journal of Research in Special Educational Needs 6: 108–111;
- MacMillan, D. L., F. M. Gresham, and S. R. Forness. 1996. “Full Inclusion: An Empirical Perspective.” Behavioral Disorders 21: 145–159;
- Закон за основно образование;
- www.mon.gov.mk;
- www.aerodrom.gov.mk.

# КОЈ ШТО КОЧИ?

## Спроведување на одредбите од Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство во Куманово

*- Теодора Димитриовска*





# РЕЗИМЕ

Семејното насилство претставува еден од поголемите проблеми со кои се соочуваат локалните заедници во нашата земја. Според податоците за 2019 година, Министерството за труд и социјална политика забележало 1 555 нови случаи на семејно насилство, при што во 2020 година истите се зголемиле за 30% во екот на КОВИД-19 пандемијата. Општината Куманово е меѓу општините со најголем степен на семејно насилство. Исто така, според Индексот за родова еднаквост на локално ниво[108] кој се однесува на 2019 година Општина Куманово е рангирана на 55то место со вкупна оцена од 22, и покрај тоа што во пресметките на индексто не е вклучено семејно насилство, општо земено може да се каже дека опкружувањето во Општината е е поддржувачко за родова еднаквост и за боба против семејно насилство.

Семејното насилство и насилство врз жените создава серија на негативни последици, но и предизвици при справување со истиот. Последиците од семејното насилство се далекусежни и предизвикуваат психички страдања кај жртвите, но и кај лицата кои биле директно сведоци на еден таков несакан настан. Ваквите психички последици можат да придонесат и за нездрав развој на личноста, душевни заболувања, промена на вредносен систем, па дури и обиди за одземање на сопствениот живот. Исто така, семејното насилство на негативен начин влијае директно и во една од главните столбови и институции во општеството, а тоа е семејството.

Предизвиците од друга страна се неколку. Како еден од поголемите предизвици во ова прашање е непостапувањето на институциите по однос на семејното насилство. Понатаму, како следен предизвик се јавува недостатокот на мониторинг, следење и координација на постоечките законски механизми помеѓу државните и локалните власти.  Исто така, тука е и нискиот приоритет кој семејното насилство го има кај локалните власти како и недостаток на транспарентност во објавување на информации поврзани со еднакви можности и семејното насилство од страна на локалната власт.

Постојат неколку можни алтернативи, но пред се најголема приоритет е креирање на механизам за нудење на услуги во вид на One-stop shop. Тоа е всушност модел на услуги каде на едно место жртвите на семејно насилство можат да го пријават самото насилство, да добијат правна помош, да добијат помош во вид на едукација, како и помош за вработување. Решението за воведување на One-stop shop е долгорочна заложба за чија релизација е потребно време и ресурси. Предизвикот во овој модел е што бара меѓуинституционална соработка и координираност, како и вклучување на локални актери во давање на услуги за жрвите, на пример граѓанските организации. Тоа подразбира создавање на ланци за интервенции, протоколи и процеси, како и обучување на соодветен кадар.

108 http://www.rodovindeks.mk/

Предноста во овој модел е тоа што се избегнува замката на „институционален лавиринт" каде жртвите можат да се откажат имајќи на ум дека треба да поминат повеќе институции и драгоцено време при помош и поддршка за семејното насилство.

## КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ НА ПРОБЛЕМОТ

Семејното насилство претставува однесување на член на семејството кој со примена на сила, закана и заплашување врши телесни повреди, емоционална или сексуална злоупотреба и материјално, сексуално или работно искористување на друг член на семејството. Како такво тоа има долгорочни негативни влијанија директно врз личниот и социјалниот развој на жртвите, но и општеството.

Кога станува збор за семејното насилство во  Општина Куманово, тоа е предмет на анализа на овој документ и ќе се разработи низ призма на законските надлежности кои ги има Општината во делот на заштита на жртвите од семејно насилство.. Понатаму, овој документ дава предлог решенија коишто може да ги имплементира Општината, со една крајна цел, заштита на оние на кои стравот им е почетната мисла во денот, а несигурноста и незаштитеноста секојдневие.

## ПРЕДИЗВИЦИ, ПРИЧИНИ И ПОСЛЕДИЦИ

Досегашните истражувања на темата покажуваат дека прашањето за семејното насилство е недоволно правно регулирано и покрај неговата сериозност и зачестеност во Општина Куманово. Имено, според Индексот за родова еднаквост на локално ниво[109] кој се однесува на 2019 година Општина Куманово е рангирана на 55то место со вкупна оцена од 22. Ваквата рангираност означува дека од вкупно 81 Општина, Општина Куманово е Општина што делумно ги исполнува критериумите за овозможување на унапредување на родовата еднаквост. Податоците на Центарот за социјална работа од Куманово укажуваат на високиот степен на семејно насилство кој што постои во Куманово. Имено според нив во 2019 година во Куманово имало пријавени 229 случаи за семејно насилство од кои 59 биле кривични дела и 170 поплаки, а во 2020 година имало 205 пријави за семејно насилство од кои 57 кривични дела и 148 поплаки. Според нив, најмногу жртви на семејно насилство се жените и старите лица, а како втори инволвирани се децата.

Иако не постојат детални истражувања, причините за појавата на семејното насилство во Општина Куманово, се претпоставува дека тие би можеле да бидат следни: (1) непостојано работно место или пак имиграциона работа која е привремена. Познато е дека Куманово е еден од градовите со најмногу имиграциски работници во воените зони на блискиот исток, што остава трауматски последици врз лицата коишто подоцна имаат влијае и во семејните односи; (2) се'уште присутната патријахалност која постои во семејствата, поточно во дел од нив, во кои и религијата многу придонесува за нееднаков третман на членовите на семејството; (3) недоволниот степен на едукација на децата и на

109 Индекс за родова еднаквост, http://www.rodovindeks.mk/

и на средношколците кои од една страна не се доволно запознаени со проблематиката на семејното насилство, а од друга страна немаат сексуално образование кое во одредена мера ќе им даде предзнаење за теми кои во една ваква поконзервативна заедница се́ уште претставуваат „табу теми"; (4) заедницата во која детето расте, односно вредностите, знаењата и примерите кои родителите им ги пренесуваат на децата, а кои потоа како зрели личности ги манифестираат. Имено, семејство во кое насилството е секојдневие ќе изгради личности кои понатаму можат да се и сторители на семејно насилство.

Како еден од поголемите предизвици во однос на ова прашање е непостапувањето на институциите по однос на семејното насилство. Во 2019 година Министерството за труд и социјална политика забележало 1 555 нови случаи на семејно насилство, додека Анализата на податоците од набљудувани судски постапки за предмети од семејно и родово базирано насилство на Коалицијата „Сите за правично судење", во периодот од април до јули 2019 година, покажа неколку негативни феномени. Од аналирани 35 предмети за семејно насилство во државата, 22 биле во Скопје, 3 во Гостивар, 8 во Битола, 1 во Прилеп, 1 во Штип, 1 во Струга и 11 во Куманово. Тоа значи дека семејното насилство завршува на суд само во поголемите градови, а и таму случаите на судско постапување по семејно насилство се екстремно ретки[110].

Семејното насилство дополнително доби на интензитет и интерес за време на КОВИД-19 кризата, каде според Министерство за труд и социјални политики (МТСП) во месеците мај и јуни, 2020 година, е зголемен број на пријави за семејно насилство за 30% во споредба со 2019 година.

Понатаму, како следен предизвик се јавува недостатокот на мониторинг, следење и координација на постоечките законски механизми помеѓу државните и локалните власти.

Постојат неколку закони и државни документи кои ја уредуваат оваа проблематика и тоа; Законот за локална самоуправа кој во член 22 ги одредува ингеренциите на општините во делот на социјалната заштита; Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство каде се наведени надлежностите на единиците на локалната самоуправа (во понатамошниот текст ЕЛС) во делот на родово базираното и семејното насилство кој воедно предвидува и финансиски импликации, но и серија на услуги за помош на жртвите од страна на локалните власти; Законот за социјална заштита предвидува дека ЕЛС треба да обезбедат спроведување на социјална заштита во согласност со закон, како и да донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, а во рамките на Националната програма за социјална заштита.

Исто така постојат и неколку акциски планови и програми. Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство на Република Северна Македонија[111] 2018-2023 година предвидува активности за подигање на свеста за сите форми на

110 Родово базирано насилство: кривично дело кое останува толерирано, Гала Насева, 2021, стр. 3
111 Целосниот план е достапен на следниот линк - https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-nacionalni-ot-plan-za-sproveduvanje-na-konvencijata-za-sprecuvanje-i-borba-protiv-nasilstvoto-vrz-zen.nspx

родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги во урбаните и во руралните средини во соработка со локалната самоуправа, како и воведување на стратешка цел спречување и заштита на сите форми на насилство врз жените и семејното насилство во постојните и идните стратешки документи на единиците на локалната самоуправа; Владината програма за 2017-2020[112] година предвидуваше отворање на нови регионални центри за згрижување на жртви од семејно насилство, кои до ден денешен не се отворени, ниту пак проектот е спроведен во пракса. Сериозноста на прашањето бара подобра координација на ресурсите потребни на локалната заедница за да се овозможи подобра услуга, сигурност, европски стандард и безбедност на жртвите од семејно насилство. Иако законската регулатива и подзаконските акти се обемни и предвидуваат голем број на обврски на ЕЛС, како и сеопфатна заштита на жртвите, сепак состојбата во општините се'уште е далеку под нивото на современите демократски држави, каде на пример во Велика Британија на крајот на 2020 е донесен нов закон кој предвидува задолжителна поддршка на жртви од семејно насилство на локално ниво[113].

Следен предизвик е нискиот приоритет кој семејното насилство го има кај локалните власти. Имено, во Општина Куманово, иако во самата општинска администрација е предвиден Сектор за социјална заштита кој има надлежност и за прашањето за семејното насилство и родово-базирното насилство, сепак прашањето не е обработено и разгледано неколку години. Неефикасната, бирократизираната и обемната од една страна, а не толку стручна од друга страна општинска администрација ни укажува на тоа дека во Општина Куманово како приоритет не се јавува темата семејно насилство, туку предност секогаш има еднократната парична помош, комуналии, инфраструктура и други проблематики. Според истражувањето[114] кое го спроведовме во Општина Куманово, Општината работи по застарен Годишен план[115] (што секако како една од последиците се јавува и Ковид-19 кризата[116]), но и во претходните годишни планови средствата предвидени за подобрување на механизмот за заштита на жртвите од семејно насилство не е подобрен од страна на општинските власти. Нискиот приоритет на спречување на семејното насилство може да се согледа и од Годишната програма за социјална заштита и програмата за 2021 во која како посебна категорија не се наведени лица кои се жртви на семејно/родово базирано насилство, а тоа значи дека Општината за нив не одделува средства за нивна поддршка.

112 Програма за работа на Владата на РСМ 2017-2020, достапна на - https://issuu.com/vladamk/docs/programa_vlada_2017-2020_mkd
113 https://www.gov.uk/government/news/local-government-secretary-confirms-new-support-for-survivors-of-domestic-abuse - Последен пат користена на 26.07.2021 година
114 Деск истражување спроведено од страна на експерт Татјана Стоименовска од 05.06.2021
115 Податокот за годишниот план е добиен од страна на општинската администрација. Со оглед на тоа дека Општината работи по застарен годишен план и нема изгласан и донесен нов Годишен план, стариот годишен план по мое барање не ми беше доставен ниту во една форма.
116 Извадок од Истражување спроведено од страна на експерт Татјана Стоименовска од 05.06.2021 година до 15.07.2021 година од делот на надворешни влијанија врз зголемување на бројот на случаи на семејно насилство.

Од друга страна, постои одреден степен на интерес кај вработените во општинската администрација за преземање на активности во оваа област и започнување на позитивна практика кон зголемување на интересот на локалните власти за прашањето, но за истото не се предвидени никакви финансиски средства со што не може да се спроведе ниту една активност од општинската администрација по ова прашање.

Следен предивик е недостаток на транспаретност во објавување на информации поврзани со семејното насилство. Според Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените, во член 14 се наведуваат обврските на ЕЛС во делот на обезбедување на еднакви можности меѓу мажите и жените. Па така законот предвидува дека „Органите на единиците на локалната самоуправа при донесување на развојни планови и други акти и одлуки, се должни да ги разгледуваат и да ги земаат предвид предложените мерки и активности од страна на комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените и кординаторот за еднакви можности на жените и мажите"[117]. На официјалната веб-страна на Општина Куманово[118] не постои информација за координаторот за еднакви можности, ниту пак за членовите на Комисијата за еднакви можности. Согласно Законот, Општината има законска обврска за назначување на Координатор за еднакви можности меѓу жените и мажите и членови на Комисија. Неефикасноста во работењето на Комисијата за еднакви можности се гледа во тоа дека во нивното три ипол годишно работење немаат спроведено ниту една активност, ниту пак имаат оперативен буџет. Дополнително, на официјалната страна на Општина Куманово не постојат податоци за Комисијата, па така граѓаните не можат да се запознаат ниту со нивната работа, ниту пак да ги искористат правата кои ги имаат согласно погоре наведениот закон[119].

По телефонски разговор со административните службеници од Општина Куманово, сепак дојдовме до заклучок дека постои назначен кооординатор за еднакви можности кој воедно е и раководител на Секторот за социјална заштита. Во однос на комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите, комисијата е составена од четири члена, а кои сите се жени. Како законска обврска се наметнува и потребата од издвојување на буџетски средства за Комисијата и општинскиот координатор, со цел спроведување на своите законски обврски од една страна и остварување и заштитување на правата на граѓаните од Куманово, од друга страна. Согласно горенаведениот закон, Координаторот за еднакви можности е должен до Министерство за труд и социјална политика да достави извештај најдоцна до 31 март за сите спроведени мерки и активности за претходната година, а кои се во согласност со Националниот акциски план за родова еднаквост. Мерките и активностите за кои општинската администрација е задолжена, а кои се во тесна поврзаност со родово базираното и семејното насилство е токму во надлежност на координаторот и Комисијата за еднакви можности. Како почетна точка треба да се земе заинтересираноста на членовите на Комисијата кои неколку пати имаат иницирано да им се обезбедат минимални средства (под 30.000 денари годишно)

117 Член 14, став 3, Закон за еднакви можности меѓу мажите и жените ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 6/2021 и 166/2014)
118 https://kumanovo.gov.mk/
119 ("Службен Весник на РМ" бр. 6/2021, бр.166/2014)

за спроведување на активности и мерки кои со закон им се предвидени како задолжителни. Последиците кои се јавуваат од ваквите состојби се огромни. Пред се тука е неефикасниот институционален амбиент за справување со семејно насилство што доведува до нерешавање на проблемите како и откажување на жртвите за нивно разрешување. Дополнитено, семејното насилство силно влијае врз децата и нивниот иден развој и самодоверба, а и покрај тоа што немаме соодветни истражувања постојат случаи на девијантно однесување на децата кои биле сведоци и / или жртви на семејно насилство.

## МОЖНИ АЛТЕРНАТИВИ

И покрај обемноста и комплекноста на ова прашање, сепак постои огромен простор за напредок преку реализирање на соодветни решенија и политики.

Најпрво, потревно е застапување од страна на локалните власти кон промена на законската регулатива и интервенција во казнената политика за сторителите на семејно насилство. Па така, решението е креирање на современи лекувалишта (замена за затвор) кои кај сторителот ќе изградат вистински систем на вредности, добри навики и ресоцијализација. За тоа се потребни огромни ресурси од државата, локалната заедница, но и добар план и црпење на добри практики од странство. Дополнително, промена во казнената политика директно може да придонесе кон намалување на семејното насилство на локално ниво, каде насилниците добиваат дополнителни мерки за доедукација. Ваквиот модел веќе се практикува во Холандија.

Понатаму, потребна е поголема заинтересираност од страна на локалната власт, односно ставање на поголем приоритет на заштитата на жртвите од семејното насилство, во насока на: вметнување на соодветни активности во Годишните планови и алоцирање на финансиски средства за Комисијата за еднакви можности.

Како следна можна алтернатива е Подигнување на свеста преку спроведување на образовни и информативни кампањи насочени кон спречување на семејното насилство, пред се во образовните установи и генерално кон целата популација. Со тоа би се овозможило зголемување на свеста кај најмладите уште од најмали нозе.

Сепак како најидеално алтернативно решение на локално ниво е создавање на своевиден one-stop shop. Тоа е всушност модел на услуга каде на едно место жртвите од семејното насилство можат да пријават насилство, да добијат правна помош, да добијат помош во едукација, како и помош за вработување. Ваквите модели не се новост, тие веќе се имплементираат на пример во Обединетото Кралство и во САД. Овој модел бара меѓуинституционална соработка и координираност, а негова предност е што истиот придонесува да се избегне замката на "институционален лавиринт" каде жртвите можат да се откажат имајќи на ум дека треба да поминат повеќе институции и драгоцено време при помош и поддршка за семејното насилство. Овој систем би ја ставил жртвата на прво место и таа би добила најголем степен на целокупна заштита, а не само привремено згрижување во шелтер центар.

## ПРЕПОРАКИ

Предлог-промените коишто треба да се направат во Општина Куманово е неопходно да бидат пред се иницирани од од локалната самоуправа, но со еднаква вклученост на централните власти, како и граѓанските организации и други заинтересирани чинители. Во однос на предложеното примарно предлог решение - создавање на one-stop shop, се предлагаат следните препораки:

1. Започнување со консултатитен процес за креирање на One-stop shop на локално ниво во кој ќе бидат вклучени сите локални актери и тоа: полицијата, центрите за социјална работа, центрите за јавно здравје, граѓанските организации и други. Ваквиот процес треба да биде иницирант и воден од општинските служби. Овој процес ќе има за цел да ја одреди рамката во која ќе се создаде One-stop shop механизмот како и времетраењето на целиот процес.
2. Развивање на протокол помеѓу различните даватели на услуги за утврдување на соодветни процедури за поддршка на жртвите, и овозможување на нивен лесен пристап до разни услуги.
3. Идентификување на соодветен простор кој ќе служи за оваа намена.
4. Повик и избор за даватели на услуги во рамки на One-stop shop механизмот.
5. Темелна обука за сите вработени како даватели на услуги за работа со жртви на семејно насилство.
6. Планирање на активности за информирање и инволвирање на заедницата за работата на механизмот како и услугите кои ги нуди.
7. Долгорочна заложба на локалните власти за одржување на механизмот.
8. Подготовка на стратешки план и цели по кои ќе работи механизмот. Решението за воведување на One-stop shop е долгорочна заложба за која е потребно време и ресурси за нејзино реализирање. Многу е веројатно дека во првите години од нејзината реализација ќе биде потребна и голема помош од централните власти, но и од меѓународни фондации и организации, пред се од финансиска гледна точка. Реалната рамка за спроведување на еден ваков процес од почеток до крај е помеѓу 18 и 24 месеци. Во однос на финансиските импликации, во оваа фаза е тешко да се одредат, бидејќи истите зависат од бројот на услугите и од интензитетот по кои тие ќе се нудат. Сепак, воведувањето на еден ваков механизам на локално ниво во Општина Куманово би чинел помеѓу 80000 до 100000 ЕУР.

### *Други препораки поврзани со предизвиците и алтернативите:*

1. Поставување на стручно лице (експерт) на местото на Координатор на еднакви можности. Потребно е раздвојување на функцијата раководител на оделен сектор и Координатор за еднакви можности затоа што тоа се различни задачи и функции кои бараат различна енергија, посветеност, но најважно знаење.

2. Обезбедување на финансиска поддршка на Комисијата за еднакви можности Потребно е обезбедување на финансиски средства на Комисијата за еднакви можности од буџетот на Општината кој ќе придонесе за вистинско спроведување на активностите на комисијата и спроведување на нивните иницијативи во пракса.

3. Изготвување на нова Годишна програма на Општина Куманово, во која како посебна ставка ќе се постави помошта која треба да ја добијат жртвите на семејно насилство.

4. Поквалитетна координација помеѓу централната и локалната власт по прашање на семејното насилство. Неопходна е засилена соработка на Општината со централните органи коишто се занимаваат со оваа проблематика со цел нивно заедничко делување и споделување на искуства и креирање на заеднички механизми за заштита на граѓаните.

5. Дополнување на законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените. Како една од позитивните страни коишто Општината може да ги направи е иницирање на измени на одделни законски решенија кои ќе придонесат за ефикасноста на работењето на Општината. Како таква може да се предвиди и да се иницира измена во Законот за еднакви можности меѓу жените и мажите, а поточно во чл.40 кој ги предвидува глобите за непоставување на координатор за еднакви можности и Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените. Имено, од активностите коишто претходеа на пишување на овој документ за јавни политики, се увиде голема незаинтересираност на дел од административните работници за оваа прашање. Затоа потребно е одржување на јавни локални трибини и дискусии со кои ќе се покрене прашањето за промена на чл.40 од овој закон, односно додавање на нов став во кој ќе се предвиди мерливоста на работењето на Комисијата и на координаторот за еднакви можности и нивно казнување со глоба доколку не постојат никакви спроведени активности по ова прашање[120].

6. Воведување на координативен механизам за сите локални чинители по прашање на семејно насилство. За да се регулира оваа несакана состојба која постои во Општина Куманово, а која креира еден вид на несигурност и недоверба кај локалните институции потребно е обединување на сите чинители во локалната заедница. Сензитивноста на темата од една страна, но и потребата за подобра и поефикасна заштита е онаа која треба да ги надмине сите бариери кои постојат во локалната власт и локалните органи и да обезбеди политички консензус по ова прашање, независно на тоа од каква политичка позадина доаѓаат креаторите на локалните политики во Општина Куманово.

120 Закон за еднакви можности меѓу мажите и жените (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 6/2021 и 166/2014)

## БИБЛИОГРАФИЈА


### Закони

- Закон за еднакви можности меѓу мажите и жените ("Службен Весник на Република Македонија"бр. 6/2021 и 166/2014
  Закон за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5 од 29 јануари 2002 год)
- Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година)

### Публикации и истражувања

- Индекс за родова еднаквост, Министерство за труд и социјална политика, 2019 г., достапен на следниот линк - https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/dokumenti/2019/Gender%20Index_MK_01.pdf
- Родово базирано насилство: кривично дело кое останува толерирано, Гала Насева, 2021
- Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и семејно насилство на Република Северна Македонија 2018-2023 - достапен на следниот линк - https://mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-nacionalni-ot-plan-za-sproveduvanje-na-konvencijata-za-sprecuvanje-i-borba-protiv-nasilstvoto-vrz-zen.nspx
- Програма за работа на Владата на РСМ 2017-2020, достапна на - https://issuu.com/vladamk/docs/programa_vlada_2017-2020_mkd

**Деск истражување спроведено од страна на експерт Татјана Стоименовска од 05.06.2021 година до 15.07.2021 година.**

- Се казнува ли семејното насилство? Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените-ЕСЕ, 2018, стр.8

### Веб-страни и линкови

- Веб-сајт на Општина Куманово, https://kumanovo.gov.mk/

# ОД МЛАДИТЕ ЗА МЛАДИТЕ НА ОХРИД

Предлог мерки и политики

*- Тијана Тесалоника Шишкоска*

Од млади за млади

ОХРИД

# РЕЗИМЕ

Младите во нашата држава често не учествуваат во креирање на младинските политики, и тоа од најразлични причини – објективни и субјективни. Оттука, политиките често им се наметнати – без консултации околу потребата за нивна реализација. Долг период не постоеа системски и законски уредени процеси и процедури за нивно вклучување во процесите на донесување одлуки, се до донесување на Законот за младинско учество и младински политики во јануари 2020 година.

Предмет на интерес на овој документ за јавни политики е состојбата со младите во Општина Охрид. За жал во последните години, Охрид станува рекордер во иселување на млади. Според сознанијата добиени од  национални истражувања, но и локални анализи, младите не се чувствуваат вклучени во креирањето на политики на локално ниво[121]. Во изминатите неколку изборни циклуси, младите се соочија со ветувања за изработка на локална стратегија за млади, канцеларија за млади, локално собрание на млади на Општина Охрид, инфраструктурни проекти за младите. Голем број од тие ветувања не се спроведени. Младите сакаат квалитетно образование, младинско учество во креирање на политики, повеќе можности за вработување, култура, спорт, односно подобар квалитет на живот во Општината.

Овој документ за јавни политики има за цел да даде насоки и препораки за донесување на сеопфатна локална стратегија, чии постулати ќе бидат направени од младите за младите. Целта е на овој начин, преку поттикнување на локалните чинители да размислуваат на донесување на Стратегија за млади во Општина Охрид, да се поттикне размислувањето за проекти и политики кои ќе донесат вистински резултати за младите.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Подготовката на овој документ опфати фазен пристап кој вклучи сеопфатна анкета за испитување на мислењата и ставовите на младите граѓани на Општина Охрид, интервјуа со млади и младински работници (претставници на младински организации и партиски подмладоци активни на територија на Општина Охрид, млади спортисти, млади од областа на културата и советници до 29 години од Општина Охрид), работилница со млади за исцртување на контурите на приоритетни области за млади.

Овој документ за политики повикува на изработка на локална стратегија на млади 2021 – 2025, осмислувајќи го притоа процесот на донесување на самата стратегија, областите кои треба истата да ги опфати, вклучените чинители и можните решенија кои стратегијата би требало да ги опфати.

121 МЛАДИНСКА ВРАБОТЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Основна студија и препораки, https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2019/06/FINAL_BASELINE_Mladiinfo_final.pdf, пристапено на 04.08.2021

Документот, во својата основа, одговори на неколку клучни прашања, и тоа: 1) потреба од донесување Стратегија за млади на Општина Охрид; 2) вклученост на страни и носители на процесот на донесување на Стратегија за млади; 3) постапка за донесување на Стратегија за млади; 4) клучни области во рамки на Стратегијата; 5) Потреба од Акционен план; 6) Вклученост на младите во изработката, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на Стратегијата и Акциониот план.

При изработката на документот, предвид беа земени компаративни анализи на сродни стратегии за млади на општинско ниво (онаму каде такви постојат), како и истражувањето на јавното мислење, направено на репрезентативен примерок од 600 испитаници од Охрид и спроведени интервјуа со претставници на поширок круг на активни чинители во Општината. Во рамки на анализирањето на функционалните целини, предвид беше земен и Законот за младинско учество и младински политики, како и светска литература во врска со учество на младите и младински стратегии.

## КОНТЕКСТ И ЗНАЧЕЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

“ ***Квалитетна стратегија за млади треба да се базира на нивните вистински потреби во општеството, надвор од политиката. Поради длабоката исполитизираност, младите немаат стратегија надвор од партиите,*** Професор Стефан Каневче во гимназија во Охрид ”

Младинската политика која е заснована на докази, која го исполнува начелото на партиципативност и која е ориентирана кон резултати, мора да ги гледа на младите луѓе како на човечки ресурс, а не како проблем кој треба да се реши. Младинските политики претставуваат „интегрирани политики насочени кон младите, со младите и кои произлегуваат од потребите на младите луѓе во општеството.“[122]

Едноставно кажано, младите треба да се сметаат за клучен чинител во дадената Општина. Според светски експерти „правната рамка која што е пријателска за младите е од клучно значење за овозможување на младинско политичко учество.“[123] Соочувајќи се со главниот проблем на иселување на младите, Општина Охрид мора да се соочи со својата најмлада таргет популација. Според спроведеното истражување за потребите на овој документ, скоро половина од испитаниците (49%) размислувале да се преселат во друга земја, а голем дел од испитаниците или 63% познаваат лица кои во изминатите пет години се иселени во други земји.

Носењето на Стратегија за млади во секоја Општина од неодамна е законски уредена материја.

122 МЛАДИНСКА ВРАБОТЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Основна студија и препораки, https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2019/06/FINAL_BASELINE_Mladiinfo_final.pdf, пристапено на 04.08.2021
123 Enhancing Youth Political Participation throughout the Electoral Cycle, United Nations Development Programme, достапна на https://www.undp.org/publications/enhancing-youth-politi-

Законот за младинско учество и младински политики, донесен во јануари 2020 година, регулира дека општините имаат надлежност за донесување на локална младинска стратегија и истата ја донесува Советот на општините или Советот на градот Скопје за период од пет години. Локална стратегија, според законот, претставува „стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување."[124] Сепак, евидентен е недостатокот на свесност на младите за постоењето и улогата на еден ваков стратешки документ во рамки на Општината. Според спроведеното истражување, 44% од младите сметаат дека Општината ИМА изработено Стратегија за млади – иако ваков документ Општина Охрид нема донесено, што јасно покажува дека младите не се соодветно информирани. Она што дополнително изненадува е ставот дека младите не се заинтересирани за ваков документ. Од испитаниците кои сметаат дека Општината нема изработено ваков документ, или оние кои не знаат дали ваков документ постои, само 30% би биле заинтересирани да го прочитаат документот доколку тој е достапен онлајн. Искомбинирано со одговорите на младите за општествената вклученост – каде само една четвртина од испитаниците или 25% се членови на некое здружение кое има општествени цели, јасно е дека младите немаат голем интерес за поширок општествен ангажман.

## ПРОЦЕСНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ОХРИД

Локалната стратегија за млади ја носи Советот на Општината, но таа се изработува во соработка со локалниот совет на млади. Оваа законска основа, во секој случај е само почетна точка за носителите на процесот при изработка на стратегијата. Компаративно гледано, Националната стратегија за млади од 2016 година вклучуваше повеќе засегнати страни, и тоа: национална конференција, отворен повик за учество во тематските работните групи за секое здружение на граѓани, неформална група или поединец. Освен национална конференција и отворениот повик за учество, Агенцијата за млади и спорт (АМС) организираше и јавни средби на работните групи во рамки на приоритетните области од стратегијата, како и 12 јавни дебати ширум државата, меѓу кои и финалната јавна дебата во Скопје, на која присуствувале повеќе од 130 претставници на државните институции, здруженија на граѓани, локални младински совети, неформални групи и поединци[125].

Интервјуираните млади и младински работници, како засегнати страни во процесот на подготовка на младинска стратегија, особено ги посочуваат: Градоначалникот на Општина Охрид, Советот на Општината, Советот на млади, младинските организации кои функционираат во Општина Охрид како и организациите за млади.

124 Член 20, став 1, Закон за младинско учество и младински политики
125 Национална стратегија за млади на РМ (2016-2025), достапна на https://www.sega.org.mk/images/E-Library/Strategies/NSMK.pdf

Основата за иницирање на процес на донесување стратегија секогаш треба да се базира на докази. Во таа смисла, пред започнување со изработка на една младинска стратегија потребно е да се спроведат истражувања за младински трендови, но и други сеопфатни теренски/стручни анализи на јавното мислење на младите за состојбите во општеството, анализа на ставови и мислења на стручни психолози и педагози кои работат со млади лица во Општината, да се утврдат барањата и потребите на младинските активисти од сите видови здруженија и области.

Во таа смисла, Општина Охрид треба да отпочне проактивен, инклузивен и темелен процес на изработка на Стратегија за млади, чиј предводник треба да биде Градоначалникот на Општината и младите советници од Советот на Општината. Се предлага Општината да го вклучи Советот на млади на Општината во сите фази на процесот за донесување на стратегијата. Понатаму, преку отворен повик за учество, би требало да се вклучат сите заинтересирани страни, подмладоци на партиите кои функционираат во Општина Охрид, младински организации и организации за млади, експерти од областа на младинското образование и воспитување, експерти од науката, како и заинтересирани младински движења и неформални групи млади.

При подготовката на Стратегијата за млади, Општина Охрид треба да дефинира фазен процес за донесување на предлог-текстот на Стратегијата, кој ќе гарантира вклученост на повеќе засегнати страни претставени во следната шема:



## КЛУЧНИ ОБЛАСТИ ОД ИНТЕРЕС НА МЛАДИТЕ

За да се дефинираат клучните области на кои треба да се однесува Стратегијата за млади, потребен е професионален и стручен процес со кој треба да се постават темелите на делувањето преку Стратегијата. Националната стратегија за млади на Република Македонија препознава неколку стратешки приоритети, и тоа:

Овозможување подобар животен стандард и еднакви можности за квалитетен живот; Креирање услови за почитување и заштита на фундаменталните права и слободи, и систематска интеграција и интеракција на различни категории млади; Креирање на можности за вклучување на младите во следење и спроведување на политиките и одлуките кои ги засегаат; Еднаков пристап до квалитетно образование и други форми на личен и професионален развој[126].

Националната стратегија ги разгледува и неколкуте тематски области: Ефикасното учество на младите, младинското информирање, локалната младинска работа, образованието на младите, вработувањето и поддршката при вработување, културата, спортот, здравјето и квалитетот на живот на младите луѓе.

Доколку ја погледнеме поконкретно Општина Охрид, од особено значење е да се погледнат одговорите на истражувањето, кои можат да ни ги покажат најголемите проблеми со кои младите се соочуваат, а кои се во надлежност на Општината.

Според истражувањето, како најважен локален проблем со кој се соочуваат 12% од младите во Општина Охрид се наведува лошата поврзаност со другите општини. Околу 11% сметаат дека најважен проблем е недостатокот на зелени површини, додека 10% сметаат дека незадоволителното одржување на улиците е најголем проблем во Општината.

Од друга страна, испитаниците сметаат дека локалната самоуправа има најмалку направено, односно дека изминатите 4 години има најголемо назадување во делот на грижа за езерото и крајбрежјето (21%), условите за економски развој на Општината (17%), додека 15% сметаат дека најмалку е направено за урбанистичкото планирање.

Како што може да се види од другите прашања, младите од Општина Охрид сметаат дека најголемите проблеми се поврзани со владеење на правото, здравството и образованието.

Прашани за најголемиот проблем со кои се соочува нашата држава пак, младите од Охрид во најголема мера го истакнуваат нефункционирањето на правниот систем/корупција и криминал (17%), нефункционалниот здравствен систем, лошиот образовен систем и заштитата на човековите права (со по 11%).

Истите проблеми беа идентификувани и за време на спроведените работилници, притоа додавајќи ги и аспектите за овозможување услови за бизнис и претприемништво за младите, нови и високоплатени работни места и можности за личен и професионален развој.

126 Национална стратегија за млади на РМ (2016-2025), достапна на https://www.sega.org.mk/images/E-Library/Strategies/NSMK.pdf

Оттука, Стратегијата треба да опфаќа неколку клучни приоритетни области:

- Претставеност, информираност и вклученост на младите во донесувањето одлуки на локално ниво;
- Квалитетно образование на младите кое ги подготвува за личен успех;
- Можности за вработување, отпочнување сопствен бизнис и професионален развој;
- Спорт, култура и социјален живот;
- Заштита на животната средина, Охридското езеро и одржливиот туризам.

Студијата овозможува сеопфатна експликација на секоја од тематските области, која според нас е од значење за проектното планирање на процесот на донесување на Стратегијата за млади. Сепак, значајно е да се напомене дека стручен тим формиран од страна на општинските власти, во дискусија и координација со најширок можен круг млади и организации, треба да дефинира клучни области кои ќе бидат приоритет на Стратегијата за млади. Тоа не значи дека други области би биле исклучени, туку дека Стратегијата ќе има особен фокус на полиња кои се покажале како ургентни/многу важни во тој програмски период. Горенаведените области како што се младинско учество и информирање, вработување на млади, образование, култура, спорт и социјален развој и заштита на животната средина, се, според видување на авторите, основни приоритетни области. Секако, тоа не значи дека тие ги исцрпуваат сите приоритети, но за тоа е потребен посеопфатно истражување.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Со донесувањето на Стратегијата за млади не завршува процесот на градење доверба и соработка помеѓу младите и Општината во која живеат. Донесувањето на Стратегија за млади не треба да биде цел сама по себе. Напротив, Општината, преку дизајнирање соодветни мерки за достигнување на зацртаните цели во приоритетните области, треба да ја понуди својата поддршка кон вистинско „оживување“ на Стратегијата. Како што веќе напоменавме, Стратегијата во себе треба да содржи и Акциски план, кој ќе  дефинира конкретни мерки и активности кои Општината ќе се обврзе да ги реализира во насока на остварување на целите утврдени со Стратегијата.

Во спротивно, како и многу стратешки и програмски документи, и ваквата Стратегија за млади во Охрид би останала само пишан текст на хартија. Како што и уредува Законот, Акциските планови за локалната стратегија за млади се изработуваат од страна на општините, во соработка со локалниот совет на млади, а ги донесува советот на општините, во период од една до три години и за нив се поднесува и буџет за реализација. Практично, овој план служи и како алатка за програмирање на активностите на Општината во буџетските години (а поврзано со младите), за подготовка на политичката програма на партиите, но и за анализа на транспарентноста и отчетноста во работењето на општинската администрација.

Особено важно е стратегијата да воспостави механизам за тековно следење на нејзината имплементација, со што се создава систем за рано предупредување доколку затаи спроведувањето на активностите.

Па така, Општината треба да се обврзе да подготвува годишни извештаи за напредокот во имплементација, кои би биле разгледувани на Совет и во рамки на ко-менаџмент телото. Од работилницата со млади произлезе предлог Општината да формира граѓанско ко-менаџмент тело со претставници од граѓанскиот сектор, младите, како и општинските органи и тела кое би ја следело имплементацијата на стратегијата и акциониот план и би предлагало начини за подобрување во пристапот и имплементацијата. Во врска со поединечните области кои беа споменати во Студијата, во делот на учество во работата и младинско претставување и учество, Општината треба да предвиди активности со кои ќе ги охрабри здруженијата да го поттикнат активното учество на младите во нивните законски и статутарни органи, но и посебно ќе се осврне на организациите кои обучуваат фасилитатори и лидери на младински клубови и организации, како и младински работници.

Во смисла на претставувањето, Општината треба да го охрабри и поттикне вистинското функционирање на Советот на млади, да отвори своја Младинска канцеларија, како и да овозможи отворање на Младински центар.

Дигитализација на услугите и информациите преку модерни „паметни" алатки кои им се блиски на младите луѓе е исто така многу значаен аспект кој вродува со плод во сите држави од Западна Европа.

Во врска со вработувањето, а во соработка со Агенцијата за вработување, Општината треба да направи напор вистински да профункционираат локалните центри за вработување кои нудат специјалистичка помош. Понатаму, треба да се димензионираат мерки за поддршка за формирање на бизниси, односно да се поттикне социјалното претприемништво, да се работи повеќе на привлекување на инвестиции кои во фокусот на вработувањето ги имаат младите, како и да се обезбедат деловни простории, опрема, обука и професионални совети за лицата кои сакаат да отпочнат сопствен бизнис. Гледајќи го постојаниот развој, во својот акциски план Општината треба да посвети големо внимание на ИТ индустријата која формира свои брзорастечки бизниси (тн. Старт ап бизниси и газели).

Во врска со образованието, Општината треба да предвиди свое активно учество во делот на инфраструктурна, финансиска и друга поддршка со која ќе се зголемува квалитетот, достапноста и развојот во основното и средното образование. Особено внимание треба да се посвети и на мобилноста на младите, со што ќе се охрабрат младите луѓе, нивните организации и училишта, активно да учествуваат во интернационалните активности за збратимување.

Што се однесува до рамномерниот развој, задача на Општината е и да овозможи едукативни, вработувачки, сместувачки, транспортни и други секторски политики кои ќе се рефлектираат и ќе се однесуваат на специјалните потреби на младите луѓе кои живеат во руралните области. Исто така, посебен фокус треба да биде поставен на неформалното образование и стекнување на животни вештини кои младите немаат можност да ги стекнат на друго место (ИТ вештини и дигитална писменост, меки вештини за јавен настап, менаџирање проекти и развој на емоционална интелигенција).

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА, МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ

Решенијата на проблемите со кои се соочуваат младите треба да се пронајдат преку директен контакт со младите. Преамбулата на Повелбата за учеството на младите луѓе во локален и регионален живот како клучен аспект го има активното учество на младите во практичниот живот во нивната непосредна средина. Според Повелбата, „активното учество на младите луѓе во одлучувањето и активностите на локално и регионално ниво е неопходно ако сакаме да изградиме подемократски, инклузивни и перспективни општества“[127]. Младите треба да бидат прашани за состојбите со кои се соочуваат, за проблемите во секојдневното општество, а потоа истите да се поврзат со можните решенија, како и со директните носители на одлуки на локално ниво. Затоа, со овој документ за јавни политики, но и во предоминантната литература на оваа тема, се повикува на вклучување на младите преку младинските организации, организациите на млади и сите други модели на младинско здружување, но и на неорганизираните млади, и во изработката, во донесувањето, но и во имплементацијата на идната Стратегија за млади на Општина Охрид. Само на тој начин може да се гарантира успешно затворање на кругот, и успешна реализација на целите кои ќе бидат предвидени со истата.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Ревидирана Европска Повелба за учеството на младите луѓе во локален и регионален живот, Усвоена на Конресто на Локалните иРегионалните власти на Европа (10- та седница – 21 мај 2003- додаток на Препорака 128)
- Кодекс на добри практики во учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, Сл. Весник на РМ бр. 99 од 22.07.2011
- Закон за младинско учество и младински политики, Сл. Весник на РМ бр. 10/2020 од 16.10.2020
- Креирање младинско учество и младински политики, Сл. Весник на РМ бр. 10/2020 од 16.01.2020
- Креирање младински политики преку Локални совети на млади, документ за јавна политика http://progres.org.mk/files/publications/Mladinski%20sovet.pdf,
- Мерење на перцепцијата и ставовите на младите жители на Општина Охрид, спроведено од агенцијата Market Vision
- Министерство за финансии, „Програма на економски реформи 2018-2020 година“, јануари 2018, https://www.finance.gov.mk/files/Makedonija_ERP_2018.pdf,
- Младинска вработеност во Република Македонија, Основна студија и препораки, https://epi.org.mk/wp-content/uploads/2019/06/FINAL_BASE-LINE_Mladiinfo_final.pdf, пристапено на 05.08.2021
- Национална стратегија за млади на РМ (2016-2025)
- Од младите за младите: Перспективи за општествени предизвици, Институт за европска политика
- Стратегија за млади на Општина Битола (2014-2019)
- Стратегија за млади на Општина Кавадарци
- Enhancing Youth Political Participation throughout the Electoral Cycle, United Nations Development Programme.


127 Преамбула, Европска повелба за учество на младите во локалниот и регионалниот живот

# ФУНКЦИОНАЛЕН ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ ВО ГОСТИВАР

Предлог мерки и политики

- *Фјола Јакупи*




SUPPORT TO
ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# РЕЗИМЕ

Денес политиката зазема важно место во општеството, додека општеството го водат младите. Затоа, невозможно е младите да избегнат вклучување во политика.

Овој документ за јавни политики се обидува да ги идентификува потребите, барањата и очекувањата што младите ги имаат единиците на локалната самоуправа, поточно од Општина Гостивар. Исто така, преку овој документ кој се базира на соодветна анализа на потребите на младите, во Општина Гостивар повторно ќе се активира младинскиот совет, кој веќе неколку години не е функционален.

Долгогодишниот проблем со нефункционирањето на младинскиот совет во Општина Гостивар е многу актуелен и алармантен, бидејќи овој проблем потекнува од 2016 година. По локалните избори, младинскиот совет остана во сенка, додека младите останаа без соодветно место каде што ќе можат слободно да ги изразат своите потреби и да можат да напредуваат во зачетоците на нивната кариера.

Законот за младинско учество и младински политики е можност за младите, но и обврска за општините преку конкретни мерки да го подобрат младинското учество, односно да воспостават соодветни механизми на локално ниво кои ќе ја осигураат застапеноста и учеството на младите во процесот на креирање јавни политики и донесување одлуки од интерес на младите.
Формирањето на Локален младински совет ќе овозможи да се споделат обврските помеѓу Општината и младинските активисти на начин што се гради партнерски однос помеѓу нив со цел подобрување на условите за живот на младите луѓе на територија на Општина Гостивар. Во тој контекст претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

- Предлагаат точки на дневниот ред на Советот на Општината кои ги засегаат младите;
- Иницираат прашања за млади од делокругот на работа на Општината;
- Иницираат, учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
- Доставуваат информации до Општина Гостивар за прашања кои се однесуваат на младите; и
- Вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

## ПРОБЛЕМ – КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Гостивар е град во западниот дел на Северна Македонија, поточно во јужниот дел на Полошката Котлина. Град Гостивар е средиште на истоимената Општина која зафаќа површина од околу 650 км2.

Градот претставува административна, политичка, деловна и културна средина за околу 80.000 жители, од кои во самото градско јадро живеат речиси 36.000 жители[128]. Градот претставува типична мултикултурна средина, во која живеат скоро сите националности во Република Северна Македонија (Македонци, Албанци, Турци, Роми и други).

Во изминатиот период Општина Гостивар има преземено неколку активности во насока на поддршка на младите во градот.

**Во 2018 година** потпишан е Меморандум за разбирање со организацијата Демокраси лаб со цел отворање на Центар за младински активности во Гостивар[129].

Проектот го имплементира Демокраси лаб, а се финансира од Општина Гостивар и Американската амбасада во Скопје. Центарот има за цел продлабочување на соработката и довербата помеѓу различните заедници што живеат во Гостивар, отстранување на предрасудите и промовирање на мултиетничноста. Во рамките на Центарот се иницираат програми, обуки и разни курсеви за создавање на нова генерација активни граѓани кои ќе можат да ги препознаваат своите права и одговорности како граѓани.

**На почетокот на 2020 година** Општина Гостивар има доделено десет стипендии за исто толку млади таленти од областа на спортот. Оваа поддршка од Општина Гостивар е поздравена од родителите и самите млади спортисти. Инаку, ова е првпат млади спортски таленти да бидат финансиски поддржани од страна на Општина Гостивар.

**Во август 2020 година** започната е имплементацијата на проектот CoWork, кој е финансиски поддржан од Општина Гостивар, како и од организацијата Ворлд Чикаго од САД и локалната компанија Лаки Медија. CoWork – Гостивар на организацијата YEP е Заеднички центар за работа (Coworking Space) создаден специјално за поддршка на млади претприемачи, како и за оние кои работат од дистанца за разни компании (Remote Work).

CoWork е модерен и иновативен простор што ќе ги мотивира младите претприемачи да направат чекор напред во својата професионална кариера. Членови на просторот можат да бидат лица од различни професии, како што се правници, сметководители, маркетинг менаџери, архитекти, фотографи, видео-едитори, консултанти, како и профили кои се тесно поврзани со дигиталните трендови.

Општина Гостивар поддржува проекти насочени кон унапредување на статусот на младите и спречување на нивно иселување.

Во 2021 година се отвори Младински ресурсен Центар, кој ќе го опслужува целиот Полошки Регион. Центарот е дел од проектот „Креирања можности за работа на сите" кој се реализира од Програма за развој на обединетите нации (УНДП) во парнтерство со Министерство за труд и социјална политика (МТСП) и Агенцијата за вработување, а со поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

128 https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%93%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D1%80
129 http://gostivari.gov.mk/mk/category/%d0%b2%d0%b5%d1%81%d1%82%d0%b8/

Општина Гостивар за поддршка на поголема застапеност на младите во процесот на донесување одлуки имаше формирано локален совет на млади. Меѓутоа, до донесувањето на законот за младинско учество и младински политики овој совет не заживеа и не ги даде очекуваните резултати.

Нова можност за младите воопшто е имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики[130]. Законот предвидува неколку мерки за подобрување на младинското учество преку механизми на локално ниво кои ќе ја осигураат застапеноста и учеството на младите во процесот на креирање јавни политики и донесување одлуки од интерес на младите. Така на локално ниво треба да се формираат Локални младински совети, да се назначи лице - службеник за работа со млади и да се формираат младински центри.

Целта на овој документ за јавна политика е врз основа на добиените сознанија од младите од Гостивар за нивното видување на локалниот младински совет, да даде предлози и решенија како да се формира и заживее локалниот младински совет во Гостивар, како и препораки за имплементација на останатите одредби на локално ниво од законот за младниско учество и младински политики.

За таа цел се спроведоа интервјуа со млади од градот Гостивар во врска со недостатоците во градот и нивно мислење во врска со (не) функционирањето на младинскиот совет. Дополнително, се организираше и 3-дневен семинар во Гостивар на кој учество земаа 21 млади лица од различни етникуми.

На прашањето „Што мислите за младите во Гостивар?" дури 80% од младите сметаат дека тие не добиваат никаква поддршка за реализирање на нивните идеи. Скоро сите испитаници се согласни дека Гостивар нема функционален мадински совет. Испитаниците имаат повеќе идеи за тоа што треба да е фокусот на работа на младинскиот совет, но високи 45% од нив сметаат дека советот треба да работи на здружување и сплотување на младите од Гостивар.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Од спроведените активности јасно е дека младите сакаат да бидат вклучени во креирањето на локалните политики и активно да учествуваат во јавниот живот. Сакаат да бидат прашани и активно да придонесуваат за подобрување на условите за живот на граѓаните во Општина Гостивар. Затоа значајна е поддршката на младинското учество во развивањето на ефективни младински политики и носењето одлуки заедно со институциите затоа што така се обезбедува подобар живот на младите и така се јакнат демократските капацитети во заедницата.

*Препораки до локалните власти:*

1. Да се започне процесот на имплементација на законот за младинско учество и младински политики. Законот за прв пат го регулира и гарантира локалното младинско организирање и учество.

130 Закон за младинско учество и младински политики 2020, https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf

2. Да се формира локалниот младински совет (ЛМС) - Локалниот младински совет има за цел да го зголеми учеството на младите во Општината и локалната заедница. За успешно функционирање на Локалниот младински совет, важно е да се земат предвид специфичните потреби, барања и интереси на младите од локалната средина. Затоа, Општината треба да го приспособи овој процес на реалните потреби на младите и карактеристиките својствени за локалната средина и да поттикне учество на младите без разлика на пол, етничка припадност, политичка ориентираност. Локален младински совет како тело на Општината го сочинуваат членови, претставници на различни форми на организирање на младите. Вкупниот број на членови на ЛМС е непарен, не може да биде помалку од пет лица и да не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општина Гостивар. Општина Гостивар треба да ги спроведе следните чекори за воспоставување Локален младински совет:

- Статутарна одлука на Советот на Општина Гостивар за измена и/или дополнување на Статутот на Општината – Формирање посебно тело во Општината: Локален младински совет. Оваа одлука може да се донесе врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики, како и врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа како и статутите на општините, во кои е наведено дека советите на општините може да донесат одлука за креирање посебни тела како советодавни тела на општините.
- Општината распишува Повик за формирање Иницијативен одбор (ИО). Овој повик може да се распише согласно член 17 од Законот за младинско учество и младински политики. Во ИО може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот
- Повик за членство во конститутивното Локално собрание на млади – Иницијативниот одбор преку Општината објавува Јавен повик за членство во Локалното собранието на млади. Во Јавниот повик јасно треба да е прикажан начинот на пријавување, критериумите кои треба да се исполнуваат за пријавување, како и рокот за пријавување.
- Одржување конститутивна седница на Локалното собрание на млади. Избраните делегати на Локалното собрание на млади се поканувааат од Иницијативниот одбор да учествуваат на конститутивната седница, со која заседава ИО заедно со одговорното лице на Општината. Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трichlena комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членовите на Локалниот младински совет.
- Повик за избор на членови на Локален младински совет. Првата седница на Локалното собрание на млади (веднаш после конститутивната седница) ја свикува веќе избраниот претседавач/ка на Собранието. На седницата се усвојува деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува одлука за распишување повик за формирање Локален младински совет на Општината, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

- Избраните членови на Локалниот младински совет се верификуваат од страна на Советот на Општината по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на Општината. По потврдениот избор, верификационата комисијата на Локалното собрание на млади изготвува извештај/записник со листа на избрани членови кој го усвојува Локалното собрание на млади и истиот се доставува до Советот на Општината за верификација на нивните мандати.
- По верификацијата, на првиот состанок на Локалниот младински совет се избира претседател/ка и заменик-претседател/ка на Советот и заедно со членовите се носи Деловник за работа. На првата работна средба која ја отвора и води најстариот избран член, членовите на Локалниот младински совет од своите редови самите избираат претседател/ка и заменик-претседател/ка и носат деловник за работа[131].

3. Да се назначи службеник за млади во Општина Гостивар. Општина Гостивар да формира канцеларија за млади од каде ќе се координира работата за млади во Општината и ќе претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво. За оваа цел Општината е должна да одреди службеник за млади, лице одговорно за работењето на Канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата. Исто така контакт информациите за службеникот за млади треба да се јавно достапни на веб страната на  Општина Гостивар.
4. Да се организираат обуки за млади за да можат поактивно да се вклучат во процесите на креирање јавни политики и донесување одлуки.
5. Да се продолжи со поддршката на актуелните програми за млади за да се обезбеди континуитет и одржливост на преземените иницијативи. Односно да се поддржи работата на Младинскиот ресурсен центар, заедничкиот центар за работа за поддршка на млади претприемачи, и за оние кои работат од дистанца, стипендирање на млади таленти од областа на спортот.
6. Да се подготви стратегија за млади за Општина Гостивар. Локалната стратегија за млади е стратешки документ на Општината кој треба да е во согласност со Националната стратегија за млади. Со стратегијата се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финансиски и административни мерки за нивно остварување. Локалната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спроведувањето на Локалната стратегија за млади. Локалната стратегија за млади се изработува од страна на Општината во соработка со локалниот совет на млади, а ја донесува Советот на Општината за период од пет години. Локалната стратегија за млади се спроведува со буџетски средства од Општината.

131 Прирачник за локални младински совети- https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/491135.pdf?fbclid=IwAR23D5_ds7wLn5p4o2p9UWItXtXj20q3YgHH4zrA3DOcZ16aG5JsQ_PhQjM

## БИБЛИОГРАФИЈА


- Закон за младинско учество и младински политики 2020, https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2020/03/Zakon-za-mladinsko-uchestvo-i-mladinski-politiki-16-01-2020.pdf
- Официјална веб страна на Општина Гостивар www.gostivari.gov.mk
- Прирачник за локални младински совети https://www.osce.org/files/f/documents/a/c/491135.pdf?fbclid=IwAR23D5_ds7wLn5p4o2p9UWItXtXj20q3YgHH4zrA3DOcZ16aG5JsQ_PhQjM

# РЕШЕНИЈА ЗА МЛАДИ ВО СТРУМИЦА

Предлог мерки и политики

*- Христијан Велков*




SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
РЕШЕНИЈА ЗА МЛАДИ ВО СТРУМИЦА
-АНАЛИТИЧКА СТУДИЈА-

# РЕЗИМЕ

Во државата постојат силни трендови на иселување на младите кои, патем се и најзастапената популација помеѓу иселениците. Дополнително, кај младите, како најподвижниот дел од населението, постои алармантно висока стапка на невработеност, нешто помалку од 50% од работоспособните млади се невработени а стапката на вработеност за ова категорија е за 2,5 пати пониска од просекот во земјата[132]. Исто така, според одредени автори, „последните истражувања покажуваат дека младите не се чувствуваат вклучени во општествено-економските случувања што дополнително ја засилува нивната желба за иселување од државата[133]“. Оваа реалност во голема мера се пресликува и на локално ниво вклучувајќи ја тука и Општина Струмица.

Согледувајќи ја состојбата на заминувањата на младите луѓе од државата, од исклучително значење е носителите на одлуки да понудат адекватни решенија кои се посветени на младите и на нивните потреби.

Досега, предлаганите ветувања и мерки потекнувале главно од политичките партии без, притоа, да бидат направени пошироки консултации. Истовремено, овие идеи во многу мала мерка биле спроведени. Во таа смисла, врз основа на квантитативни и квалитативни податоци и точно согледана моментална состојба во која живеат и творат младите во Струмица, потребно е да се откријат клучните проблеми, очекувањата и досегашните разочарувања на оваа категорија наши сограѓани. Врз основа на ваквите наоди, пак, документот за јавни политики нуди неколку клучни предлог решениа и активности за локалната власт, но и други засегнати страни во локалната средина но и во државата кои би требале да се земат предвид при формулирањето на јавните политики

## ПРОБЛЕМ - КОНТЕКСТ И ВАЖНОСТ

Струмица, независно од фактот што се смета за една од поразвиените општини во државата, има силен недостаток на можности и инфраструктура за млади. Во програмите на политичките партии, пак, на младите им беа ветувани бројни проекти.

*Ветувања од изборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ за Струмица*




132 Министерство за финансии, "Програма на економски реформи 2018-2020 година," јануари 2018, finance.gov.mk.
133 Младинска вработеност во Република Македонија, Основна студија и препораки, epi.org.mk.


ЖИВОТ ВО СТРУМИЦА! ЗА СИТЕ

**ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ГРАЃАНИТЕ**
МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ

- Ја активиравме спиралата на покачување на платите. Носиме директна поддршка за домашните фирми, пред сè за малите и средните претпријатија.
- Обезбедуваме повеќе пари за општините, а со тоа и повеќе можности и повеќе пари за секој граѓанин на локално ниво.
- Обезбедуваме еднакви услови и за странските инвеститори.
- Вложуваме во младите, отвораме центри за отпочнување и развој на бизниси.
- Ги здружуваме бизнисите, општината и граѓаните, со единствена цел – нови и подобро платени работни места.
- Ја вклучуваме бизнис заедницата во дефинирање на приоритетите на општината и воведуваме бизнис форуми како редовна активност за проектирање и следење на локалниот економски развој.
- Посветената и одговорна работа ги носи парите директно кај граѓаните.

*Предизборни ветувања во Програмата на кандидатот за градоначалник од СДСМ*

Од страна на сегашната локална власт, во 2017 година беа ветувани неколку клучни проекти, односно нов средношколски дом, младински културен центар, кино сала, стипендирање на најдобрите 50 студенти, обновување на постоечките фудбалски игралишта во населените места каде што активно се игра фудбал, изградба на две мали игралишта со вештачка трева, како и изградба на нови мултифункционални игралишта. Четири години подоцна, од сите набројани проекти, најголем дел од нив не се реализирани. Истовремено, во овој дел се надоврзува и слабата реализација на активностите и политиките за млади кои произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики, а кои значат придобивка за младите луѓе. Имено, иако Општина Струмица формираше Младински совет и назначи Службеник за млади, работата на овие тела е сосема незабележителна. Во оваа смисла, исто така Општината нема донесено локална стратегија за млади, ниту, пак, има формирано канцеларија за млади и младински центар.

Имајќи го предвид сé што беше погоре истакнато, важно е да се укаже и на резултатите од спроведеното истражување на јавното мислење во текот на месец јуни 2021 година на над 700 испитаници, од 18 до 29 годишна возраст коишто живеат на територијата на Општина Струмица. Од добиените резултати може да се изведат следните три поважни заклучоци:

- **66%** испитаниците сметаат дека градоначалникот не си ја врши успешно својата работа;
- **55%** од испитаниците сметаат дека Советот на Општината не си ја врши сопствената работа;
- **Младите** се незадоволни од нивната вклученост во процесите на донесување и креирање на јавните политики.

## КЛУЧНИ ПРОБЛЕМИ НА МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО

Наспроти јасно манифестираното незадоволство од односот на локалната самоуправа кон нивните потреби, младите луѓе од Струмица кои како испитаници беа дел од истражувањето на јавното мислење јасно ги исцртуваат нивните стремежи, желби и потреби. Реултатите укажуваат на следните шест поважни заклучоци:

- Убедливо најзначаен проблем во Струмица е неквалитетната урбанизација на градот, односно немањето квалитетни улици и паркинзи. Во оваа група се и загадениот воздух, чистењето и одржувањето на патната инфраструктура, немањето младински културен центар и слабата спортска инфраструктура;
- Останати важни проблеми се јавната чистота, квалитетот на воздухот, како и спортската и културна инфраструктура;

- Најголемо незадоволство испитаниците имаат за неизградбата на велосипедски патеки во Струмица, за јавниот превоз, како и за ученичкиот и студентскиот стандард;
- Според испитаниците – млади, како најдобри проекти ги оценуваат реновирањето училишта и градинки, како и новите паркови кои се проектирани во Општината;
- Најголем проблем, пак, е корупцијата во работењето на Општината, дивите депонии и образованието;
- На скала од 1 до 5, средната оценка за работата на локалната општинска администрација е 2.5.

### Спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политки

Законот за младинско учество и младински политки (колоквијално наречен Закон за млади) е натпартиски проект изгласан во Собранието од страна на сите парламентарни партии во јануари 2020 година. Како пионер во решавањето на дел од младинските прашања, овој закон предвидува неколку клучни аспекти и задачи за општините во државата. Една од клучните цели на Законот е зајакнувањето на учеството на младите во процесите на креирање на политики за млади, активно информирање, промоција и заштита на интересите на младите, како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога. Во врска со претставувањето, Законот има за цел и поттикнување на структурен дијалог на национално и локално ниво[134]. Членот 16 од Законот предвидува дека „општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со статут предвидуваат формирање на локални младински совети." Во оваа смисла, локалните младински совети имаат советодавна и застапувачка улога во општините од делокругот на младински прашања и политики, со надлежност да предлагаат точки на дневен ред на советот на општините, како и да иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините.

Во Струмица Младинскиот совет функционира подолг период, но како квази-невладина организација. Имено, по донесување на Законот, Струмица е една од првите општини во државата која оформи претставничко тело за млади по урнек на одредбите од Законот. Иако подетални информации за функционирањето на истото не се достапни, првиот чекор кон воспоставување на учество на младите во носењето одлуки е отпочнат.

Член 20 од Законот за младинско учество и младински политики предвидува и донесување на локална стратегија за млади. Во оваа смисла иако Општината има донесено Стратегијата за млади 2015-2020, сепак, по донесувањето на новиот Закон, сè уште нема информации дека струмичката локална администрација пристапила кон отпочнување на процес на донесување на нова Стратегија за млади.

Член 21 од Законот, пак, предвидува и оформување на канцеларија за млади од каде треба да се координира работата за младите во општините. Во оваа смисла, иако рокот за отворање на ваква канцеларија истече во јануари 2021 година, во Струмица не постојат информации дека се отворил ваков тип на контакт-точка.

134 Член 2, Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.1.2020 година.

## ПРЕПОРАКИ И АКТИВНОСТИ

Решенијата на проблемите со кои се соочуваат младите треба да се пронајдат преку директен контакт со младите. Младите треба да бидат прашани за состојбите со кои се соочуваат, за проблемите во секојдневното општество, а потоа истите да се поврзат со можните решенија, како и со директните носители на одлуки на локално ниво. Ваквите анализи треба да се надополнат со проактивен пристап од страна на носителите на одлуки кои заедно со младите ќе дефинираат клучни предлог-политики за млади во рамки на дефинирани приоритетни области за младите.

Имајќи го предвид истакнатото, следуваат предлог мерки кои имаат за цел да ја подобрат вкупната положба на младите. Во оваа смисла, бидејќи авторот на оваа студија припаѓа на политичка партија, предложените мерки се поделени во рамки на политичкиот изборен циклус во две фази:

*Предизборна фаза: период до изборен ден (18 месеци до денот на изборите);*

| ПРЕДИЗБОРНА ФАЗА | | |
|---|---|---|
| **АКТИВНОСТ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ** | **ЦЕЛ** |
| Анкетно истражување за потреби на млади | Политички претставници, општинска администрација | Изворно дознавање на проблемите на младите |
| Работилници за креирање Локална програма | Политички партии, граѓански организации | Вклучување на млади во процесот на креирање на политичката понуда |
| Дефинирање приоритетни области на делување во врска со младите | Политички претставници, општинска администрација | Плански и систематичен пристап кон младите |
| Да се определат конкретни проекти за прашањата од најголем интерес на младите од Струмица: образование, инфраструктура, можности за спорт и рекреација | Политички претставници, општинска администрација | Реализација на мерки кои се од вистинско значење за младите луѓе |
| Поставување млади лица на изборни листи (најмалку 1 место во Совет на Општина) | Политички партии и подносители на листи | Вклучување во телата на претставување на локално ниво |
| Комуникација на изборната програма со решенија за младите директно со младите | Млади лица на листите за избори, главни носители на одлуки | Запознавање, информирање на млади за мерките кои се предвидени за нив |
| Директен повик кон млади да бидат дел од кампањите и политичките движења | Политички претставници, граѓански организации | Вклученост на млади во политичкиот процес |

## *Пост-изборна фаза*[135]

| ПОСТИЗБОРНА ФАЗА | | |
|---|---|---|
| **АКТИВНОСТ** | **НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТ** | **ЦЕЛ** |
| Исполнување на сите законски побарувања кои произлегуваат од Законот за млади (Канцеларија за млади, Младинска стратегија, младински центар) | Политички претставници, општинска администрација од свои ресурси и помош од партнерски организации | Вистинско решавање на предвидените прашања од Законите кои се однесуваат на младите |
| Отпочнување широк процес на консултации за донесување на нова Локална стратегија за млади и Акциски план за реализација | Општинска администрација во соработка со младинските претставнички тела и граѓански организации | Систематски пристап во дефинирањето на основните аспекти од работата на Општината кон младите |
| Дефинирање итни, краткорочни, среднорочни и долгорочни активности за таргетирање на приоритетните области | Општинска администрација во соработка со младинските претставнички тела и граѓански организации | Систематски третман на приоритетните области кои ги засегаат младите |
| Зголемена активност на Локалниот младински совет | Локален младински совет на Струмица, Совет на Општина Струмица | Засилено учество на младите во елаборацијата, дебатите и носењето одлуки |
| Отворање Канцеларија за млади | Општинска администрација | Креирање контакт-точка за комуникација на ниво млади-Општина |
| Определување дел од општинскиот буџет за активности за млади | Општинска администрација од сопствениот буџет (препорака за одделување 0,1% од својот буџет) | Финансиска алокација на средства потребни за целосна реализација на мерките |
| Платформа за следење на реализацијата на мерките, политиките и проектите за младите | Општинска администрација во соработка со младинските претставнички тела и граѓански организации | Реална имплементација, отчетност и транспарентност во работењето на Општината |
| Редовно мерење на задоволството на граѓаните (младите) | Политички претставници, општинска администрација со ресурси од својот буџет | Одговорност, проактивност и повратен одговор од работењето |

135 Best practices in electoral security, a guide for democracy, human rights and governance programming, usaid.gov.

## БИБЛИОГРАФИЈА


- A Guide to Political Party Development, National Democratic Institute for International Affairs (NDI), 2008;
- Best practices in electoral security, a guide for democracy, human rights and governance programming, достапно на usaid.gov;
- Enhancing youth political participation throughout the electoral cycle, - a good practice guide, достапно на undp.org;
- How youth can be involved in municipal elections, достапно на ceyc.ca;
- Youth participation in electoral processes, handbook for electoral management bodies, достапно на aceproject.org;
- Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.1.2020 година;
- Програма на економски реформи 2018-2020 година, Министерство за финансии, јануари 2018, достапно на finance.gov.mk;
- Младинска вработеност во република македонија - основна студија и препораки, достапно на hepi.org.mk;
- Национална младинска стратегија на Република Македонија 2016 – 2025;
- Од младите за младите : перспективи за општествени предизвици. – Скопје, Институт за европска политика, достапно на epi.org.mk;
- Официјална веб-страница на Општина Струмица, strumica.gov.mk;
- Програма на СДСМ за Општина Струмица, локални избори 2017;
- Стратегија за млади на Општина Струмица 2015-2020.

http://www.electoralreforms.mk/

https://www.facebook.com/Support-to-Electoral-Reforms



Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

National Youth Council of Macedonia

INTERNATIONAL FOUNDATION FOR ELECTORAL SYSTEMS · IFES · 30 Years ·

Global Expertise. Local Solutions. Sustainable Democracy.